Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Филозофски факултет

Институт за социјална работа и социјална политика

# РИЗИК ФАКТОРИ ВО СЕМЕЈСТВОТО И ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТЕТО

**Ментор:**

**Проф. Др. Сунчица Димитријоска**

**Студент:**

**Биљана Домазетова**

**Скопје, јуни 2017**

# СОДРЖИНА

ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ 3

ВОВЕД 4

1. ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО 7

   1.1. Дефинирање на поимите 7

   1.2. Што е насилство, што е врсничко насилство, а што bullying 10

   1.3. Историски преглед 14

   1.4. Форми на врсничко насилство 20

   1.5. Улогите на учениците во врсничкото насилство 23

   1.6. Последици на врсничко насилство 29

2. РИЗИК ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО 33

   3.1. Карактеристики на семејство со адолесцент 34

   3.2. Возраст, пол и брачен статус на родителите 39

   3.3. Социоекономски статус на семејството (СЕС) 42

   3.4. Обрасци на семејно функционирање од позиција на Циркумплекс модел 45

   3.5. Семејна комуникација 49

   3.6. Воспитните ставови како фактори на ризик 51

3. ЗАШТИТНИ СЕМЕЈНИ ФАКТОРИ 59

   3.1. Што е здраво семејство 59

   3.2. Семејно функционирање 64

   3.3. Превенција и интервенции со цел јакнење на семејните капацитети 70

ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ 79

ВОВЕД 80

1. ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 82

2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 83

3. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 85

4. ПРИМЕРОК И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 86

5. ВАРИЈАБЛИ СО ИНДИКАТОРИ 88

6. ИНСТРУМЕНТИ 90

7. РЕЗУЛТАТИ 93

7.1. Зачестеност и улогата на ученикот во врсничкото насилство 93

7.2. Пол, место на живеење и конфигурација на семејството како ризик фактори 99

7.3. Социоекономски статус на семејството како ризик фактор 104

7.4. Семејно функционирање (адаптибилност, кохезивност и комуникација) како ризик фактор 109

7.5. Воспитни ставови на родителите како ризик фактор 115

8. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ 117

8.1. Зачестеност и улогата на ученикот во врсничкото насилство 117

8.2. Пол, место на живеење и конфигурација на семејството како ризик фактори 119

8.3. Социоекономски статус на семејството како ризик фактор 122

8.4. Семејно функционирање (адаптибилност, кохезивност и комуникација) како ризик фактор 123

8.5. Воспитни ставови на родителите како ризик фактор 126

ЗАКЛУЧОЦИ 128

ЛИТЕРАТУРА 133

ПРИЛОЗИ 144

# ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# ВОВЕД

На просторите на Балканот, односно во поранешните Југословенски републики, вклучувајќи ја и Република Македонија, насилството и агресивноста е многу распространето во општеството воопшто, а сведоци сме и дека се повеќе се вовлекува во училиштата. За насилството читаме, слушаме и гледаме секојдневно во насловите во весниците и на интернет страниците, во различни телевизиски содржини, кои не преплавуваат со статии за насилство меѓу децата во училиштата, злоупотреби, кавги, расправии, тепачки, нажалост, и со жртви како резултат и последици од врсничкото насилство. Да се потсетиме на детето Алекса Јанковиќ од Ниш, Република Србија кое пред 4 години изврши самоубиство поради врсничко насилство. Алекса и неговата трагична смрт станаа симбол на одлучното „не“ на врсничкото насилство и двигател на масовни граѓански иницијативи да се донесе Алексин закон со кои би се вовеле остри мерки во борбата против врсничкото насилство. Предлог Алексиниот закон се наоѓа пред Одборот за права на децата во Собранието на Република Србија во моментот на пишување на овој труд. Во декември минатата година, Босна и Херцеговина ја потресе приказната и настаните во врска со самоубиството на 14 - годишното дете Махир Раковац кое било жртва на меѓуврсничко насилство. Во БиХ, на друштвените мрежи е започната иницијатива со која граѓаните бараат воведување на „Махиров закон“ по модел на „Алексиниот закон“. Ова се само примери кои поради големината на трагедиите ја подигнаа јавноста на нозе, има многу повеќе деца кои секојдневно се соочуваат со омаловажување, навредување, понижување, психичко и физичко малтретирање или се они тие коишто прават такви работи и самите се жртви на општествени и семејни околности во кои израснале и на фактори кои влијаеле на нивното однесување. Ова е и причината која ме насочи на истражување на оваа појава, односно врсничкото насилство меѓу децата во училиштата.

Врсничкото насилство е сложен проблем кој неможе да се набљудува како изолирана појава во однос на општественото опкружување и неможе во потполност да се разбере доколку вниманието се насочи само на поединец или училиште. За правилно разбирање на врсничкото насилство, што е основа за интервенција и превентивно делување, потребен е системски пристап и набљудување на појавата во меѓуделувањето со сите фактори на ризик кои ја зголемуваат веројатноста за насилство

и агресија во детството и адолесценцијата и тоа оние индивидуални, семејни или фактори кои се присутни во социјалното опкружување (влијание на групата врсници со ризично однесување, влијание на медиумите и масовната култура и друго). Многу истражувања дале емпириски докази кои ги поврзуваат семејните фактори со насилството помеѓу децата и младите, што е причина дека вниманието на научната јавност треба да се насочи на истражувања на ризични и заштитни фактори во семејното опкружување кои се во врска со појавата на врсничкото насилство кај децата и младите.

Кога семејството е способно адекватно да функционира, членовите на семејството чувствуваат задоволство, блискост, сигурност и благосостојба, меѓусебно се поддржуваат и почитуваат, ги разбираат потребите на другите членови на семејството, соработуваат и се солидарни едни со други. Комуникацијата во семејството е јасна и отворена, а проблемите заеднички се решаваат. Важна улога во функционирањето на семејството имаат родителите и од нивниот меѓусебен однос и односот спрема децата зависи дали семејството ќе биде среќно и складно. Со препознавањето на заштитните семејни фактори и нивното јакнење се добива најдобар контекст за превентивно делување со цел спречување и развој на насилното однесување.

Овој магистерски труд се занимава со утврдување на форми и зачестеност на врсничкото насилство во основните училишта и идентификација и дескрипција на семејните фактори кои претставуваат ризик за појава на врсничко насилство, односно со условите за живот на децата во семејството, т.е. социоекономските и семејните фактори на ризик кои влијаат на оваа појава и нејзината фреквенција. Вкупниот примерок на истражување опфаќа 271 ученик од шестто до деветто одделение од основните училишта, на возраст од 12 - 15 години и нивните родители. Варијаблите на истражување се пол, место на живеење, социоекономскиот статус на семејството, конфигурација на семејството, комуникацијата во рамките на семејството, семејното функционирање низ проценка за кохезивност и адаптибилност на семејствата и воспитните ставови на родителите. Истражувањето е спроведено во периодот мај - јуни 2016 година во две селски училишта и во две училишта во градот Велес.

Теоретскиот дел на трудот се базира на објаснување на поимите кои се предмет на ова истражување. Првиот дел се занимава со поимот врсничко насилство,

вклучувајќи дефинирање на формите и улогите кои учениците ги завземаат во текот на насилната интеракција, последиците од врсничко насислтво, со осврт на историјатот и досегашните истражувања кои се правени на нашите простори и во светот. Другиот дел се однесува на ризичните фактори кои можат да ја зголемат веројатноста детето, односно адолесцентот да се најде во насилна интеракција како насилник или жртва, со осврт на карактеристиките на семејствата со адолесцент. Во третиот дел се зборува за заштитните (протективни) фактори во семејството и превентивните или заштитни мерки со кои може да им се помогне на семејствата да развиваат механизми и вештини за создавање на атмосфера на ненасилство.

Со истражување, препознавање, запирање и спречување на насилството се дава помош на децата и семејствата да преовладуваат последиците на насилството и се праќа јасна порака дека нивната благосостојба е важна и дека живееме во општество кое не толерира насилство ниту во една форма.

# 1. ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

## 1.1. Дефинирање на поимите

Проучувајќи ја обемната литература, најдов дека за поимот на насилно однесување на децата во училиштето постојат повеќе имиња, исто така и дефиниции коишто го објаснуваат: асоцијално однесување, пореметување на однесувањето, агресијата, односно агресивно однесување, силеџиство, bullying (малтретирање, злоупотребување), насилство, насилно однесување во училиштето, насилство помеѓу децата, врсничко насилство. Дефиниции и поими се преклопуваат во голема мера и често се употребуваат како синоними, па е тешко да се најде единствена и општо прифатена дефиниција на врсничко насилство. Порано, за насилно однесување на деца се употребувале термини „малолетен деликвент“ или „воспитно запуштено дете“. Поради тоа важно е да се дефинираат сите горе назначени поими.

*Асоцијално однесување* се дефинира како „хетероген концепт кој вклучува агресивни однесувања како што се тепачки и врсничко насилство, однесувања кои се спротивни на правилата и авторитетот како што се лажење, крадење, подметнување пожар и бегање од дома, пореметувања на однесувањето со инат и отпор (Oppositional - Defiant Disorder или ODD), вклучувајќи раздразливост и тврдоглавост и посериозни однесувања кои се во врска со недостаток на емпатија и вина“ (Piotrowska и сор., 2015:48). Меѓутоа, различни дисциплини го дефинирале асоцијалното однесување врз основа на контекст во кој се случува и методите на оценување. На пример, криминолозите се фокусирани на деликвенцијата и на повреда на имотот и тие асоцијалното однесување го опишуваат како повреда на правните или општествените норми. Психолозите и психијатрите се повеќе се фокусирани на психосоцијалното однесување и функционирање и асоцијалното однесување го опишуваат користејќи ги клиничките симптоми од областа на пореметување на однесување со инат и отпор.

Со оглед на ICD - 10, (Класификација на ментални пореметувања и пореметувања на однесувања, Светска здравствена организација, 1992), *пореметувањето на однесувањето* го карактеризира повторувана и трајна присутност на обрасците на антисоцијално, агресивно и провокативно однесување. Со оглед на

DSM - IV, истото се дефинира како повторувани и трајни обрасци на однесување со кои се нарушуваат основните права на другите или се нарушуваат основните социјални норми на однесување (Марковић и др., 2008). Слична дефиниција дава Стаменкова - Трајкова за асоцијалното однесување кое го дефинира како „повторувани или трајни однесувања на младите што ги занемаруваат или се во судир со општествените норми или правила на однесување (Стаменкова - Трајкова, 1997:184).

*Воспитната запуштеност* се дефинира како биолошки, психолошки и социјален феномен кој што се јавува во период на детство и адолесценција, а „се изразува низ постапки што во помала или во поголема мера отстапуваат од усвоените општествено - етички норми и од нормите на социјално однесување што ги усвојуваат најголемиот број деца од таа возраст и во чии рамки тие го регулираат и своето социјално однесување“ (Вељковиќ, 1962 според Стаменкова - Трајкова, 1997:183) Истата авторка наведува дека во лошо друштво на врсници и во семејството, особено семејствата во кои емоционалната размена помеѓу членовите е на ниско ниво, се наоѓаат основните прилчини за појавата на воспитна запуштеност.

Поимот *малолетничко престапништво* ги вклучува (според една од дефинициите), оние однесувања на младите кои се манифестираат во вид на прекршување на општествените норми, а кои се санкционирани со закон за прекршоци или со кривичен закон, што значи тие однесувања се општествено несакани (Петровиќ, 1979 според Стаменкова – Трајкова, 1997:184). Обрасците на однесување кои се поврзани со малолетничко престапништво се релативно трајни, бидејќи се предизвикани од негативните влијанија кои траеле подолго време, односно не се само реакција на моменталните надворешни влијанија.

*Агресија* (lat. aggredi - напад) означува насилно однесување, наметливост, грубо напаѓање, наклоност за предизвикување судир и напаѓање на други личности (Јакшић и сор, 2014). *Агресивноста* и *агресивно однесување* се психолошки поими кои се врзуваат со карактеристиките на личноста и со емоциите или реакциите на личноста на разни влијанија или поттикнувања. Рот (1994) на агресивноста и агресијата гледа како на начин на реагирање, односно како на природна реакција на напад или како на особина на личноста што значи дека личноста често се однесува непријателски и деструктивно кон околината, додека агресивното однесување се дефинира како напад т.е. како однесување кое е насочено кон други личности, предмети или содржини

(Јовановић, Мађар, 2014). Другите ја нагласуваат намерата или целта да се предизвика штета на друго лице или уништување на некој објект и насилност во однос на друго лице кога го дефинираат поимот агресија (Поповић Ћитић, 2008, Рот, 1983, Јакшић и др, 2014). Фром разликува два вида на агресивно однесување. Првиот вид го нарекува одбрамбена или бенигна агресивност бидејќи е вродена и кај луѓето и кај животните и се манифестира во импулсивен напад на оние коишто ги загрозуваат нашите витални интереси. Другиот вид на агресивност Фром ја нарекува малигна или деструктивна, таа не е вродена туку стекната и за неа е карактеристично задоволството во повреда на другите, нанесување на зло на другите и уништување (Рот, 1983).

Други автори сметаат дека е важно да се прави разлика помеѓу поимите на агресивност, деструктивно насилство и асертивност. Агресивност се дефинира како однесување кое произлегува од чувството на лутина, со цел другата личност да се натера да го промени своето мислење или однесување, додека деструктивното насилство произлегува од чувството на омраза. Здравото, конструктивно агресивно однесување авторите го нарекуваат и *асертивност*. Формите на вербална асертивност може да бидат обид да се одбрани сопствениот став и слободно да се изнесува својот поглед на светот. Асертивноста може да има различни форми на физички напади и акции, но кога тие напади имаат за цел да повредат некого, тоа поминува во агресивност (Kuburić, Z., 2001). Земајќи ги предвид дефинициите за агресивност, може се каже дека на врсничкото насилство, од психолошка перспектива, може да се гледа како подврста на агресивното однесување. Како и агресивното однесување воопшто, и врсничкото насилство подразбира намерна повреда на жртвата.

Различните видови и форми на агресивност во однесувањето во училишното опкружување Беслер и Крал (Besler, 1999; Krall, 2003 спрема Kozina, A., 2007) ги класифицирале на следниот начин:

*Табела 1* - ***Класификација на агресивното однесување во училишното опкружување***

| **Латентна агресија** | | **Манифестна агресија** |
|---|---|---|
| Се лути, се, заканува, зема предмети... | Спрема врсниците | Мачење, уценување, напади, вооружени напади, кражба |
| Вика, ја оштетува облеката, избегнува или прескокнува часовите | Спрема наставниците | Напади, повредување, закани со нож или други предмети, следење, праќа |

| | | |
|---|---|---|
| | | заканувачки писма или се заканува по телефон... |
| Употребува спреј за шарање, цртање, го уништува цвеќето, фрла шишиња и друго ѓубре, удира по вратите, ги оштетува работите | Спрема предметите или објектите | Уништавање на мебел, прозорци, предизвикување пожар, оштетување на автомобили |
| Вербално и физичко малтретирање | Сексуална агресија | Силување |
| Кубење косе, гребање по лицето | Авто агресија | Самоубиство |

## 1.2. Што е насилство, што е врсничко насилство, а што bullying (злоставување, малтретирање)

*Врсничкото насилство* е термин кој во литературата опфаќа широк спектар на манифестации на насилно однесување кои се случуваат помеѓу учениците. Терминот потекнува од англискиот збор *bullying*, кој означува агресија насочена од посилни кон послаби. Во нашиот јазик, терминот булинг се преведува како силеџиство, малтретирање, насилство меѓу децата, врсничко насилство, насилство во училиште.

Според дефиницијата на УНИЦЕФ, bullying се преведува како малтретирање и се смета дека еден ученик е малтретиран кога подолго време е изложен на агресивно однесување кое што намерно предизвикува повреда или непријатност преку физички контакт, вербални напади, тепачки или психолошка манипулација. Во малтретирањето спаѓа нерамноправната сила која вклучува задевање, исмејување, употреба на навредувачки прекари, физичко насилство или социјално исклучување (УНИЦЕФ, Запирање на насилството во училиштата, упатство за наставници).

Во најопшта смисла, *насилството* опфаќа постапки и однесувања на поединци, групи, институции, организации или друштва во односите спрема луѓето кои ги карактеризира употребата на физичка, психичка, политичка или некоја друга сила, а на кои им загрозува физичкиот, психичкиот или социјалниот интегритет на човекот и му нанесува физички, психички или други оштетувања (Милосављевић, 2001). Олвеусовата дефиниција за насилство или за насилното однесување го опишува насилството како агресивно однесување во кое насилникот се однесува на употребата

на физичка сила и не вклучува вербална агресија при што учесникот го користи своето тело или предмет (оружје) да би повредил друга личност. За разлика од дефиницијата за малтреритање (bullying), оваа дефиниција на насилство се однесува на употребата на физичка сила и не вклучува вербално насилство или индиректна агресију како што е ширење на лаги и гласини или социјална изолација. Исто така, за разлика од малтретирањата, спрема оваа дефиниција, насилството може да се случува помеѓу две личности кои се рамноправни по моќ и снага (Smith, P.K., 2001).

Поповиќ насилството го дефинира како поширок концепт или вид на агресивно однесување насочено кон други луѓе, кон себеси или кон предмети (поточно, насилството не е насочено само кон други луѓе и може да се случи само еднаш). Истиот автор ја прави разликата помеѓу поимите на насилство и злоставување, па поим *злоставување* (англиски *bullying)* го дефинира како специјалан вид на насилство кое трае подолго време, се повторува и насочено е кон други луѓе, индивидуи или групи. Се јавува во вид на закани, физички повреди, отфрлување, исмејување, задевање, озборување, кражба, вандализам во училиштето (Поповиќ, 2008).

Светската здравствена организација го дефинира *насилството* како „намерно користење на физичка сила или моќ против себе или некое друго лице, или против некоја група или заедница, кое води или може да доведе до повреда, смрт, психолошка повреда, неразвиеност или депривација“ (World report on violence and health. World Health Organization, Geneva, 2002). Оваа и слични дефиниции го определуваат насилството од аспект на примена на физичка сила. Меѓутоа, ова е тесно дефинирање на поимот кој и во секојдневиниот говор укажува на поширока сфера на однесувања, делувања и реакции кои се однесуваат на вербалните, психолошките и социолошките аспекти на насилното однесување.

Истражувачите и авторите кои се занимаваат со проучавање на насилното однесување ја препознале потребата дека во своите истражувања и трудови вклучуваат и други форми на насилства кои исто така оставаат значајни последици на поединци, семејства, заедници и здравествени системи иако за последица немаат физичка повреда или смрт. Една од дефинициите која ги зема предвид и овие аспекти е дефиницијата на *малтретирањето* како еден вид на насилно однесување. Во меѓународната студија за однесувањето поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст малтретирањето се објаснува како насилно однесување во кое се потврдува интерперсоналната моќ

преку агресија и се дефинира како „негативни физички или вербални акции кои имаат непријателска намера, предизвикуваат повреда на жртвата, кои се повторуваат и вклучуваат нееднаква моќ меѓу оние кои малтретираат и жртвите“ (Ќостарова - Унковска Л. и Георгиевска - Наневска Е., уред. Здравјето како квалитет на животот: социјални нееднаквости меѓу младите во Република Македонија:100).

Според дефиницијата од Протоколот за постапување во случаи на насилство меѓу децата и младите од Република Хрватска, со насилство меѓу децата и младите се смета секоје намерно физичко или психичко насилно однесување кое е насочено спрема децата и младите личности од страна на нивните врсници, кое се прави со цел за повредување, а кое може да се разликува по формата, тежината, интезитетот, времетраењето, без оглед на местото на извршување и кое вклучува повторување на истиот образец на однесување и го одразува нерамноправниот однос на силите (појаки против послаби или група против поединец) (Protokol o postupanju u slučaju nasilja među djecom i mladima. Ministarstvo obitelji, branitelja i međugeneracijske solidarnosti. Zagreb, 2004). Во оваа дефиниција не се прави разлика помеѓу поимите насилство и малтретирање.

Исти карактеристики на малтретирање дава и Салмивали (Salmivalli, C. From peer putdowns to peer support) и како основни карактеристики на малтретирања (Bullying) ги наведува намерата, систематско повторување на однесувањето и насоченост на оние кои не можат сами да се одбранат (нерамноправност на силите).

Драган Попадиќ (Popadić, 2009) во дефиницијата за насилството ја нагласува намерата и неоправданоста на постапката со која се нанесува штета на некој друг. Тој смета дека основен критериjум за проценка на интезитетот на насилството е вид и големина на штетата која е нанесена со насилството. Да се наштети на некого, да се предизвика физички или психички последици е нелегитимно, прекумерно или непримерно и во тоа се огледува неоправданоста на насилството.

Најчеста наведувана дефиниција е дефиницијата на Дан Олвеус според која „ученикот е малтретиран (bullied) кога е повеќе пати и трајно изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици“ (Olweus, 1993:9 спрема Nasilje ostavlja tragove - zvoni za nenasilje!, 2014). Олвеус го нагласува нерамноправниот однос на силите како важна карактеристика на малтретирање. Меѓутоа, тој малтретирањето го поврзува со виктимизацијата, односно дефиницијата ја дава од позиција на жртва.

Поимот малтретирање не би требало да биде користен во случаите каде се тепаат или препираат два ученика кои се приближно еднакви по психичките или физичките сили. Исто така, малтретирањето не е повремен испад во краток временски период, пријателска закачка и расправии како и случајно нанесување на штета на друго дете.

Ако ги погледнеме погоре наведените дефиниции можеме да заклучиме дека поимите насилство, врсничко насилство и малтретирање често се поклопуваат, а понекогаш се користат и како синоними. Тоа што е воочливо е што во сите дефиниции се појавуваат исти елементи кои може да се земат како одлучувачки карактеристики на врсничкото насилство, и тоа се:

- ✓ се случува помеѓу учениците, т.е. насочено е кон децата и младите од страна на нивните врсници
- ✓ вклучува нееднаков однос на силите помеѓу учесниците во насилната интеракција (нерамноправност)
- ✓ вклучува намера
- ✓ се повторува ист образец на однесување, односно се случува повеќе пати
- ✓ остава последици во вид на нанесување штета.

Други автори ги оспоруваат овие карактеристики и наведуваат дека насилникот ги малтретира другите личности, но тие не мора да бидат секогаш исти личности, односно насилното однесување не мора да се повторува во однос на иста жртва. Рандал (Randall, 1997) наведува дека врсничкото насилство (малтретирање) е агресивно однесување со цел да се вознемири друга личност, физички или психички. Оваа дефиниција не подразбира ни нерамнотежа на силите, ниту повторување, односно потполно е иста како дефиницијата за агресивност.

Во овој труд ќе се користи терминот врсничко насилство или малтретирање кое има за цел намерно повредување на други личности, односно во кој е исклучено ненамерно или случајно нанесување штета на други личности, како и пријателско задевање. За група испитаници - варијаблите насилници, жртви или насилници/жртви, ќе се сметаат за испитаници кои навеле дека насилството се случувало повеќе пати, односно дека се повторувало. Интензитетот на врсничкото насилство ќе се мери според зачестеноста, така да ќе постојат податоци и за насилните однесувања кои се случиле само еднаш или два пати. Последиците од агресивноста која се случила само еднаш може и тоа како да имаат сериозни последици.

## 1.3. Историски преглед

Првиот научен труд кој за тема го имал врсничкото насилство е објавен во 19. век (Burk, 1897, според Smith & Sharp, 1994) под наслов „Teasing and bullying" (Јовановић Мађар, А., 2014). Оттогаш, па до седудесетите години на дваесетиот век немало систематски истражувања на оваа појава. Почетокот на систематско истражување на проблемот на насилство кое се случува помеѓу децата во училиштето и освестување на проблемот во професионалните кругови и јавноста се врзува со името на Дан Олвеус (Dan Olweus). Во седумдесетите години од минатиот век, Дан Олвеус почна систематски да се занимава со овој проблем, дава дефиниција на проблемот на насилство меѓу децата во училиштето и ја истражува распространетоста на оваа појава. Во своите истражувања, Олвеус користи англиски термин bullying и го дефинира на следниот начин: „ученикот е малтретиран или виктимизиран кога тој или таа е повторно и постојано изложен на негативни дејствија од страна на еден и или повеќе ученици" (Olweus, 1998:19).

Отприлика во исто време, поточно во 1972 година се појавува и студијата на шведскиот доктор Хајнеман (Heinemann) кој ги забележал своите забелешки за насилното однесување на децата на училишното игралиште кое тој го опишал како mobbing и ова негово истражување претставува прво истражување на училишното насилство. Потоа следеле истражувањата на Дан Олвеус кој систематски ја проучувал природата, зачестеноста и последиците на овој проблем (Sesar, 2011). Наскоро научниците од останатите скандинавски земји, а нешто подоцна во останатите развијени земји се заинтересирале за проучување и истражување на оваа појава.

Меѓутоа, јавноста го свртела вниманието на овој проблем после трагичното самоубиство на три деца 1982 година во Норвешка, како последица на насилството кои спрема децата го правиле нивните врсници. Норвешкото Министерство за образование тогаш покренало национална кампања за решавање на насилството меѓу децата во училиштата и на тој начин интересот за овој проблем од поединечни научни трудови поминал на позиција на поширок општествен проблем кои бара системски интердисциплинарен пристап (Sesar, 2011). Во текот на осумдесетите и деведесетите години на дваесетиот век во многу земји во Европа и светот се прават бројни истражувања на врсничкото насилство.

Попадиќ и Плут (Попадић, Д., Плут, Д., 2007) ги собрале резултатите од некои истражувања правени во земјите во Европа и светот. Олвеусовите истражувања покажале дека 15% од учениците од прво до деветто одделение во скандинавските училишта биле вклучени во насилни интеракции, 7.6% како жртви на насилство, 5.6% како насилници, а 1.6% како насилници/жртви (Olweus, 1993).

Во националното истражување кое е правено во САД, примерокот на испитаници изнесувал 16.000 ученици од шесто до деветто одделение од основните училишта, резултатите покажале дека 30% ученици се вклучени во повторено насилство, 13% како насилници, 10.6% како жртви, а 6% како жртви/насилници (Nansel и сор., 2001).

Истражувањата во Австрија (Atria и Spiel, 2003) покажале дека од 16 - 34% ученици се вклучени во насилни интеракции, 3 - 16% како насилници, 3 - 16% како жртви и 8 - 25% како насилници/жртви. Воопшто, резултатите од истражувањата кои се правени во западноевропските земји покажуваат дека најмалку 5% ученици доживуваат врсничко насилство еднаш неделно или почесто, со тоа што овој процент е нешто поголем кај учениците во основните училишта, отколку кај средношколската возраст и дека е нешто поголем кај момчињата отколку кај девојчињата. Нешто помалку од 5% ученици се насилници, и овде момчињата се позастапени 3 - 4 пати повеќе отколку девојчињата (Roland и Idsoe, 2001).

Резултатите од истражувањето кое го спровела Светската здравствена организација (WHO) во 2001 - 2002 година во 35 земји на примерок на ученици на возраст од 11, 13 и 15 години, покажале дека околу 34% ученици барем еднаш биле изложени на насилство, дека околу 11% ученици били изложени на насилство најмалку 2 - 3 пати месечно, додека процентот на честа изложеност на насилство варира во зависност од земјата или регионот и во групата единаесетгодишници изнесува 4% - 28%, во групата тринаесетгодишници 6% - 36% и 2% - 32% во групата петнаесетгодишници. Изложеноста на насилство се намалува со годините на старост, а разликите меѓу половите се релативно мали. Резултатите од истражувањето за учениците кои се наклонети на врсничко насилство изнесува 35% за целиот примерок. Во 20 од 35 земји, насилството најчесто е на возраст од 13 години, а во 10 земји растело со возраста. Меѓу насилниците било значајно повеќе момчиња отколку девојчиња (Попадић, Д., Плут, Д., 2007).

Според истражувањето на врсничкото насилство (Veenstra и сор., 2005) во училиштата во Австралија, Австрија, Англија, Финска, Германија, Норвешка и САД, изложеноста на насилство се движи од 15 - 25% (Јовановиħ Маħар, А. 2014:29). На графиконот што следува се гледаат резултатите од истражувањето на Светската здравствена организација за насилното однесување на тринаесетгодишниците во 1997 – 1998 година (World Health Organization. World report on violence and health., Geneva, 2002).




*Графикон 1 - **Насилно однесување меѓу тринаесетогодишниците, 1997 - 1998 (WHO)***

Во Република Србија до деведесетите години на дваесетиот век насилството меѓу децата не го привлекувало посебно вниманието на истражувачите и научниците, ниту е набљудувано во широката јавност како општествен проблем. Во 1997 година е спроведено истражување (Milosavljević, 1998), помеѓу останатото, на примерок од 600 ученици од петто и седмо одделение во 12 основни училишта и први и трети клас во 12 средни училишта. Според резултатите од ова истражување, 36.7% од учениците доживеале навреди или исмејување од страна на врсниците, секој петти ученик (21,3%) доживеал закана со тепање, 3.8% од учениците доживеале тепање и физички повреди од страна на други ученици во училиштето, а 2.7% заканување со оружје (Centar za razvoj zajednica, 2013). Во 2006 година спроведено е истражување на 26.628 ученици од трето до осмо оддделение во 50 основни училишта во Србија. Резултатите од ова истражување покажале дека 65.3% од учениците доживеале некоја форма на врсничко насилство во период од три месеци. 20.7% од учениците изјавиле дека биле изложени

на насилно однесување од страна на врсниците повеќе пати во период од три месеци (повторено насилство), 3.8% изјавиле дека во истот период правеле насилство повеќе пати на други ученици, а 3.6% од учениците изјавиле дека истовремено биле изложени и вршеле повторено насилство. Најчести форми на врсничко насилство се навредување (45.6%) и сплеткарење (32.6%). Машките почесто се изјаснувале и како жртви и како насилници. Кога станува збор за наклонетоста кон правење насилство, почесто е кај постарите ученици, додека кај изложеноста на насилство не се покажале поголеми разлики во поглед на возраста (Попадиħ, Д., Плут, Д., 2007).

Во Хрватска во 2003 година направено е прво големо истражување кое имало за цел да ја утврди распространетоста на врсничкото насилство во земјата. Истражувањето го направила Поликлиниката на град Загреб, во 25 училишта во 13 градови во целата земја. Со истражувањето биле опфатени 5000 ученици од четврто до осмо одделение во основните училишта. Според резултатите на ова истражување, 27% од учениците доживеале секојдневно барем една форма на насилство, 8% се деца таканаречени провокативни жртви (насилници/жртви истовремено), а 8% ученици се секојдневно насилни спрема другите деца (Buljan - Flander, G., Ćosić, I., 2004).

Во Црна Гора, според истражувањето кое го правел Омбудсман на Црна Гора (Zaštitnik ljudskih prava i sloboda Crne Gore, 2009:32), најголем број на деца (79.83%) изјавиле дека не биле изложени на насилство, 20.07% биле барем еднаш изложени на насилство, односно секое петто дете, а од овој број 213 деца се еднаш или повеќе пати биле изложени на физичко насилство, додека 111 деца постојано трпеле насилство.

Според досегашните искуства, проблемот на врсничкото насилство во Македонија долго време бил игнориран или се решавал на начин што ангажирале агенции за безбедност кои требало да осигураат насилство да не се случува и училиштата да бидат безбедни (Lažetić - Bužarovska Г., и сор., 2014). Во 2009 година, УНИЦЕФ спроведе студија за проценка на состојбата во поглед на насилството во основните училишта во која беа вклучени 1240 седмоодделенци. Како резултат од студијата издадени се две публикации: Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта и Запирање на насилството во училиштата - упатство за наставници. Податоците од Студијата за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија покажуваат застапеност на сите видови на насилно однесување во училиштата, 55% од учениците се изјасниле дека во

нивното училиште има барем неколку наставници кои физички ги напаѓаат, 47% од учениците велат дека барем неколку наставници во училиштето ги навредуваат учениците пред целиот клас, 52% тврдат дека барем неколку наставници во училиштето ги застрашуваат учениците, 18% од учениците често или многу често биле навредувани од врсниците со погрдни имиња (Стратегија за намалување на насилство во училиштата 2012 - 2015).

Во 2010 година УНИЦЕФ и Министерството за образование и наука започнале програма „Превенција и намалување на насилствата во училиштата" со цел зајакнување на капацитетот на образовниот систем како што подобро би можел да одговори на насилството во училиштата. Дополнително настанал и проектот „Училиште по мерка на детето" кој ја промовира толеранцијата, мирот, слободата, психичкото и менталното здравје на децата (Lažetić - Bužarovska Г. и сор., 2014).

Во 2010 година Центарот за психосоцијална и кризна акција го спровел истражувањто во Македонија, како дел од меѓународната лонгитудинална студија во 120 училишта во земјата. Резултатот од ова истражување е Студијата за однесувањата поврзано со здравјето кај децата на училишна возраст. Според оваа студија, децата од Македонија се најниско на меѓународната табела на ризични однесувања. Тоа значи дека тие во многу помала пропорција пушат, употребуваат алкохол и марухиана и/или учествуваат во тепачки, во споредба со децата од повеќето земји од Европа. Можеби тоа е причина зошто во Македонија нема многу трудови, ниту истражувања кои се во врска со оваа појава. Резултатите од наведената студија кои се во врска со врсничко насилство се:

Деца кои понекогаш биле малтретирани на училиште:

- 7% од девојчињата и 14% од момчињата на 11 и 13 годишна возраст;
- 5% девојчиња и 8% момчиња на 15 годишна возраст;
- 15% од девојчињата и 40% од момчињата учествувале во тепачки.

Деца кои понекогаш учествувале во малтретирање:

- 7% од девојчињата и 13% од момчињата на 11- годишна возраст;
- 6% девојчиња и 21% момчиња на 13 - годишна возраст;
- 7% од девојчињата и 20% од момчињата на 15 - годишна возраст.

Момчињата почесто практикуваат ризични однесувања, во значително поголем број се и жртви на врсничко насилство, или учествуваат во малтретирање на други

ученици, а почесто учествуваат и во физички пресметки и почесто носат оружје во училиште, од своите врснички (Ќостарова - Унковска Л. и Георгиевска - Наневска Е., уред. Здравјето како квалитет на животот).

Официјалните податоци покажуваат дека врсничкото насилство и тоа како е присутно во Македонија, како и дека се зголемува. Имено, во 2012 година во полиција се пријавени 59 случаи на врсничко насилство, од кои во 2 случаи последиците биле фатални, додека во 11 случаи учесниците претрпиле тешки телесни повреди. Во 2013 година овој број е двојно зголемен и достигнал бројка од 103 случаи. Во 85 случаи во прашање било физичко насилство, во 9 случаи децата користиле цврсти предмети, во 6 случаи нож, а во 2 случаи пиштоли (Lažetić - Bužarovska Г.и сор., 2014). Овде се наведени само случаите кои се пријавени во полиција. Се претпоставува дека бројот на непријавени случаи е многу поголем. Инаку, Македонија и сите земји на Балканот, односно Југоисточна Европа, според Извештајот на Светската здравствена организација се земји со висока стапка на убиства меѓу младите од 5 - 11,99 на 100 000 жители. За Албанија овој број изнесува 28,2 (World Health Organization. World report on violence and health, Geneva, 2002).

Наведените податоци, како и резултатите на погоре наведените истражувања зборуваат за тоа дека проблемот на насилство меѓу децата на големо е присутен и во Македонија. Затоа пред научната јавност се наметнува потребата за понатамошни истражувања на овој проблем. Намалувањето на насилството во училиштата за Министерството за образование и наука е врвен приоритет како дел од стандардите за повисоки постигнувања во современи основни и средни училишта во земјата и бидејќи се залага за добросостојбата и безбедноста на учениците кои се суштински за личниот и образовниот развој на учениците (Стратегија за намалување на насилство во училиштата 2012 - 2015). Во Македонија денеска е предвидено секое училиште да има правни документи во врска со врсничкото насилство со кои се уредува политиката и програмите во учичиштата и тоа се Протокол за заштита на децата од насилства, злоупотреба и запоставување и Политика и Програма за намалување на насилството во училиштата.

## 1.4. Форми на врсничко насилство

Во литературата може да се сретнат различни поделби и форми на врсничко насилство, врз основа на различни критериуми. Формите во кои се јавуваат врсничките насилства често се поклопуваат со поделбата на различните форми на агресивно однесување. Олвеус (Olweus, 1993) дал поделба на агресијата на директна и индиректна. Директната агресија може да биде во форма на физичка и вербална агресија и претставува директна причина за конфликт меѓу децата. Индиректната агресија е прикриена и агресорот често не е јасно видлив. Се манифестира преку озборување, ширење гласини и социјално изолирање на жртвата (Чоловиќ П. и сор, 2014). Друга поделба агресивното однесување го дели на реактивно и проактивно. Реактивното агресивно однесување се случува како одговор на детето на однесувањето на други личности или на некоја надворешна ситуација или настан кои детето ги доживува како загрижувачки. Проактивната агресија се јавува кога детето намерно и планирано го користи агресивното однесување за да оствари некоја цел (Krkeljić Lj. Priručnik škola bez nasilja).

Формите на насилство кои најчесто се сретнуваат во литературата се вербално насилство и физичко насилство.

***Физичкото насилство*** подразбира физичко напаѓање на жртвата. Суштината на физичкото насилство е да се повреди друга личност, да и се нанесе физичка болка или непријатност. Може да се јавува повремено, од време на време, а може да биде често и да трае подолго време, и во тој случај може со себе да носи и потрајни и посериозни последици. Најчесто се изразува во вид на удирање со разни предмети како што се линијар, стап, палка и др, туркање, штипење, кубење коса, повреди со тапи или остри предмети, тропање, тепање, нанесување опекотини и др.

***Вербално насилство*** се прави со вербални напади врз жртвата. Вербални напади може да бидат закани, исмејување и потсмевање на сметка на изгледот, особините или однесувањето, задевање, навредување и употреба на погрдни имиња и атрибути, озборување, ширење гласини и друго (Милосављевиќ, М. 2001:44).

Некои автори даваат попрецизни поделби на врсничкото насилство, односно различните форми на насилно однесување ги сврствуваат во подврсти кои може да се сврстат во горе наведените два облика. Па така врсничкото насилство може да се

подели на следние подврсти: психолошко (емоционално), сексуално, културно и економско (Bilić, 2003 спрема Zenzerović Šloser I. (urednik). Nasilje ostavlja tragove - zvoni za nenasilje! 2014).

***Сексуалното насилство*** претставува таков однос помеѓу најмалку две личности кои го карактеризира вербален, гестикулативен или физички контакт со сексуални содржини, кои го следат отсуството на волја, желби, прифаќања и сосласувања независно од постоење свест за последиците кога е во прашање малолетна личност. Актите на сексуално насилство се сексуални пораки, ласцивни зборови и приказни, нагласено покажување на сексуалните симболи, допирање на интимните делови на телото, обид или остварување на сексуален однос - силување. Вид на сексуално насилство е и ширењето на порнографски содржини и малолетничка проституција (Милосављевић, М, 2001:44).

***Психолошкото насилство*** подразбира постапки кои имаат за цел на друго дете намерно да му се нанесе душевна болка и срам. Според поделбата на горенаведениот автор (Bilić, 2003), овој вид на врсничко насилство вклучува нарекување со погрдни имиња, оштетување на предмети, ширење гласини со цел за излоацијa и исклучување на жртвата од заедничките активности во одделението или групата. Во литературата може да се најде дека авторите последните два вида на однесување ги сврстуваат во посебна форма на врсничко насилство - ***социјална изолација и исклучување***, кој уште вклучува и избегнување, игнорирање, правење притисок на другите да не се дружат со одреден ученик, изолирање. Исто така, наброените манифестации на насилно однесување некои автори ги нарекуваат и сврстуваат во социјално насилство.

***Културното насилство*** подразбира навредување на национална, религиозна или расна основа, додека ***економското насилство*** подразбира кражби и изнудување пари.

Најпрецизна е поделбата на врсничкото насилство (Kallestad & Olweus, 2003), според која врсничкото насилство се дели на: 1.вербално (понижувачки коментари и прекари), 2.социјална изолација, 3.физичко насилство (удирање, шутирање, туркање, плукање), 4.ширење гласини и лаги, 5.земање пари или оштетување предмети, 6.присилување на несакани работи или дејствување, 7.расна злоупотреба, 8.сексуална злоупотреба и 9.злоупотребување преку интернет и мобилни телефони (Јовановић Мађар, А, 2014:22).




*Слика 1* - ***Форми на врсничко насилство***

Во денешно време на модерната технологија, електронските уреди и интернет се се поприсутни и достапни на децата од многу млада возраст. Децата и адолесцентите интернетот го прифатиле како средство за учење, забава и социјализација, поради што и станал составен дел на нивното растење и живот. Според многу информации и можности за комуникација, виртуелниот свет е готово безграничен, а за децата посебно е интересен и привлечен. Меѓутоа, темната страна на модерната технологија е она што нас денеска ни е познато под името „ ***cyberbullying***“- насилство по пат на електронски медиуми. Врсничкото насилство по пат на интернет вклучува поттикнување на групна омраза, напад на приватноста, вознемирување, навредување, исклучување од мрежите за комуникација, изложување на непримерни содржини и друго.

Авторите разликуваат два вида насилства по пат на интернет:

- Директно - кога детето или младата личност прима или испраќа вознемирувачки пораки, вознемирувачки слики или порнографски содржини со мобилниот телефон, по пат на e-mail, или на chat, кога се објавуваат приватни податоци или невистини, кога ученикот во електронска комуникација лажно се претставува и друго.
- Индиректно - се одвива преку посредник, односно насилникот ја напаѓа жртвата преку трета личност која често не е ни свесна за тоа (на пр.кражба на идентитетот или лозинката на друга личност со цел да ја користи за cyberbulling. Во

индиректното врсничко насилство често се вклучени и возрасни луѓе кои на овој начин ја злоупотребуваат комуникацијата со децата.

Тоа што е карактеристично за оваа форма на врсничко насилство е анонимноста. Личноста која објавува или испраќа различни содржини има чувство дека е скриена и дека има слобода која во секојдневната комуникација ја нема, иако таа слобода е само привидна (Krkeljić, Lj. Priručnik škola bez nasilja – ka sigurnom i podsticajnom okruženju za djecu). Исто така, основен критериум во дефинирањето на традиционалното врсничко насилство е нерамнотежата на моќта и снагата, меѓутоа разликата на снагата, посебно во физичката снага се потполно неважни во виртуелниот свет. (Bilić, V, 2013).

## 1.5. Улогите на учениците во врсничкото насилство

Во текот на насилната интеракција можеме да препознаеме разлучни улоги на соучесниците во тој процес: некои деца прават насилство и нив ги нарекуваме насилници. Други деца се изложени на насилство од страна на врсници и нив ги нарекуваме жртви. Потоа постојат невклучени (односно тие кои не се директно вклучени - набљудувачи) и деца кои се во исто време изложени на насилство од страна на врсниците и сами прават насилство и тие се во комбинирана улога на насилник/жртва (Plut i Popadić, 2007).

*Насилници*

Кога зборуваме за деца кои се наклонети кон насилно однесување и за нивниот однос спрема другите деца, Кен Ригби (Rigby, 2006:18) наведува дека во овј однос постои очигледна нерамнотежа на моќта која се темели на разликата во физичките особини, но и разлика во моќта која е од психичка природа: „Некои деца се наметнуваат на другите, бидејќи имаат појака структура на личноста. Ментално се поцврсти, поодлучни, понекогаш и помалку чувствителни. Некои имаат вештини кои им овозможуваат да им нанесат штета на другите, а притоа да не си наштетат на самите себе. Тоа може да бидат вештиини за физичко пресметување, па и добро развиени

вербални способности, брзина на размислување и говор кои им овозможуваат другите да ги исмејуваат се додека не ги понижат“.

Подетален опис на типичен насилник - учесник во врсничкото насилство дале Кук и соработниците (Cook, C. и cop, 2010) кои ги наведуваат следните карактеристики: има негативно мислење за себе и за другите, тешкотиите во решавањето проблеми со другите, доаѓа од конфликтното семејно опкружување со слаба контрола на родителите, се снаоѓа и со барањата на училиштето и во комуникација со други деца, изложен е на негативно влијание од страна на други деца или околината. Однесувањето на овие деца е многу воочливо, тие се однесуваат агресивно спрема другите деца, но и спрема возрасните (родителите и наставниците), имаат потреба да доминираат и да се покажат како подобри и повредни од другите, се обидуваат да ги контролираат и манипулираат другите деца користејќи насилни постапки, реагираат импулсивно. Немаат развиена толеранција и сочувство спрема другите, а нивното однесување е насочено на брзо задоволување на сопствените потреби, без оглед на последиците.

Попадић (Попадић, 2009) разликува два вида на насилници, агресивни и пасивни. Агресивните насилници, воглавно имаат особини кои се наведени погоре (импулсивност, доминација, отсуство на вина), но и потреба за омаловажување на други за да се прикаже себе си за подобри и повредни, за себе имаат позитивно мислење и непријателски став спрема околината. Имаат изразена потреба да владеат и да бидат силни и притоа да ги потчинуваат другите. Користат физичка агресија, бурно реагираат на неуспех. Исто така, подготвени се да препишуваат непријателски намери на други и жртвите да ги сметаат одговорни за злоупотребата.

*Пасивните насилници* се следбеници на агресивните насилници. Сами не започнуваат насилни интеракции, но се вклучуваат многу брзо и покажуваат силна лојалност спрема агресивните насилници. Нивната агресија спрема другите е мотивирана од страв и сами да не постанат жртва на насилно однесување. Ригби наведува дека пасивните насилници немаат лоши намери и дека тие го оправдуваат своето насилно однесување убедувајќи се дека не е направена никаква вистинска штета (Rigby, 1995). Оваа поделба е во согласност со Олвеусовата (Olweus, 1998.) поделба на агресивни, пасивни и анксиозни насилници. Првите два вида на насилници ги дефинира исто како Попадиќ.

*Анксиозниот насилник* го дефинира како провокативна жртва која го прифатила врсничкото злоупотребување како начин да се одбрани од насилството (Žic Ralić, 2014).

Салмивали (Salmivalli, C., Nieminen, E., 2002) не се согласува со како што наведува таа, со традиционално сфаќање на насилникот исклучиво како импулсивен, бесен и емотивен. Таа наведува дека возбудувањето и чувствувањето лутина не се задолжителен дел од насилното однесување како и дека не е нужно потребно да постои провокација од надвор за да се искаже насилно однесување. Наместо тоа, врсничкото насилство во некои случаи може да се гледа и како однесување кое е ладнокрвно, пресметано, слично на востановена навика или пракса, а истражувањата на (Pellegrini и сор., 1999) покажале дека и едната и другата форма на насилно однесување се подеднакво присутни.

Еден дел од децата кои се наклонети кон насилно однесување спрема другите деца ваквото однесување го изразуваат како начин да се носат со своите проблеми (на пример, разводот на родителите или тешката и конфликтна семејна ситуација), еден дел од децата насилното однесување го гледаат како нормално и така се однесуваат, затоа што со истото се соочуваат во своето семејство. Еден дел сака да биде прифатен од страна на другите или да се чувствува важен и популарен, па наоѓа жртви кои се физички и емотивно послаби, за кои претпоставуваат дека нема да даваат отпор (Јовановић Мађар, А., 2014). Изгледа дека за повеќето млади врсничкото насилство е стратегија за да постигнат статус и позиција на моќ во врсничката група, а тоа е успешна стратегија затоа што истражувањата покажале дека насилниците се често популарни, насилното однесување им помага да го задржат својот статус (Juvonen & Galvan) и со тек на времето уште повеќе да го зацврстат (Cillessen & Borch, 2004). Бирајќи жртви кои се несигурни, послаби и кои не се прифатени од страна на врсничката група, насилниците можат да ја покажат својата моќ повторно и повторно и на тој начин го задржуваат својот статус во групата (Salmivalli, C. From peer putdowns to peer support.).

*Жртви на врсничкото насилство*

Жртви на насилството се учениците кои се изложени на негативни, насилнички постапки од страна на други ученици. Традиционално типичните жртви се опишуваат како плашливи, внимателни, чувствителни и мирни личности кои на насилната ситуација реагираат со плачење и повлекување (Olweus, 1998.). Немаат соодветни социјални вештини, имаат негативен став спрема себе, тешко се снаоѓаат во решавање проблеми во социјалните односи, воочливо се отфрлени и изолирани од страна на врсниците (Cook и сор., 2010.). Обично се физички послаби, па оставаат впечаток дека нема да возвратат ако некој ги нападне (Недимовић, Т, Биро, М, 2013).

Децата кои се изложени на поголем ризик да бидат малтретирани од други деца, во училиште можеме да ги препознаеме врз основа на некои лесно воочливи особини и однесувања: најчесто физички или на некој друг начин се разликуваат од насилниците кои ја користат оваа разлика како би ги малтретирале. Тоа може да бидат физички послаби или покрупни деца или со некои поизразени физички карактеристики, надарени или деца со потешкотии во учењето, деца од друга етничка припадност, како и нови ученици (Krkeljić, Lj. Priručnik škola bez nasilja - ka sigurnom i podsticajnom okruženju za djecu). Овие деца често се изложени на задевање од страна на врсниците, потсмевање, заплашување, исмејување и понижување, ги наредуваат и им се закануваат, ги буткаат и удираат, им ги земаат книгите, парите или друга своина. Често се исклучени од групата врсници за време на одморот и тогаш настојуваат да бидат во близина на наставниците. Нивниот училишен успех изненадно или постепено слабее. Се чини дека немаат ни еден добар пријател во одделението (Јефтић Б. С., Ивановић, М., 2014).

Постојаната изложеност на вакво однесување неизбежно остава последици на младата личност која трпи насилство. Тие се повлекуваат во себе, не сакаат да зборуваат за своите проблеми и постојано се во страв и под секојдневен стрес од одењето во училиште. Жртвите на малтретирање често се осамени, со ниско самопочитување, страдаат од психосоматски проблеми и депресија, а исто така се во висок ризик од суицидални идеи, па и обиди за суицид во екстремни случаи. Стравот од малтретирање може да доведе до тоа младата личност да го напушти школувањето (Cook и сор., 2010), да има послаб успех и постигнувања во школувањето, проблеми во

односот со врсниците како што се отфрлање од страна на врсниците и другите ученици (Салимвали 2005 спрема Žic Ralić, A., 2014).

Некои од знаците кои укажуваат дека може да дојде до насилно однесување се: повлекување од друштвото, изразено чувство на изолираност и осаменост, изразено чувство на отфрленост, чувство дека е мета на напад и малтретирање, незаинтересираност за учењето и слаб успех во училиштето, изразување на насилство во писмените работи и цртежите, неконтролиран бес, форми на импулсивно или хронично удирање, навредување и насилство, регистрирани дисциплински проблеми, насилно и агресивно однесување во минатото, нетолерантност кон различностите, предрасуди, користење на дрога и алкохол, здружување во насилнички групи (Dwyer според Попадиħ, 2009 : 120).

Олвеус (Olweus, 1998) разликува две групи на жртви. Првата група се пасивни жртви за кој е карактеристичен моделот на однесување кој детално е опишан во претходниот пасус. Другата група на жртви се провокативни жртви, односно насилници/жртви кои истовремено и прават и трпат насилство и за нив повеќе ќе се зборува во наредниот пасус.

*Насилници/жртви (провокативни жртви)*

Насилниците/жртви на врсничко насилство се ученици кои со своето однесување провоцираат напади и на кои насилниците реагираат со зголемена агресија и активност (Olweus, 1998). Тие не се само мета на агресија од страна на другите ученици, туку и самите се агресивни. Проучувајќи го однесувањето на жртвите во насилната интеракција, Салмивали (Salmivalli, C. и сор. 1996) врз база на резултатите од истражувањето дошла до заклучок дека голем број од жртви на насилство се однесуваат како насилници/жртви, односно на насилството да одговараат со насилство (како што е „враќање мило за драго“), и дека таквите реакции се чести и типични за момчиња жртви на насилство (Salmivalli, C., 2002).

Во насилната интеракција овие ученици кои истовремено се и насилници и жртви не се пасивни, туку реагираат на нападите многу емотивно, со страв и агресија и дури и самите ги напаѓаат другите деца. Со таквото однесување кои другите деца го гледаат како предизвикувачко и провокативно доведуваат до негативни реакции на

врсниците. Карактеристично е дека се однесуваат импулсивно и дека имаат слаба самоконтрола. Истовремено се анксиозни и агресивни, раздразливи и напнати и често имаат потешкотии со концентрацијата. Според поновите истражувања одговараат на описите на деца кај кои е дијагностицирано пореметување на вниманието и хиперактивноста (Попадић, 2009). Овие деца по правило би биле жртви на оние кои се појаки од нив, а самите би биле насилни кон послаби од нив. Студијата Предиктори за малтретирање и жртвување во рана адолесценција (Kokkinos, 2004) покажала дека баш децата кои се жртви и насилници истовремено, имаат најголеми пореметувања во однесувањето, како и дека е особено низок степенот на самопочитување кај овие деца основен ризик фактор на нивното вклучување во насилната интеракција (Zrilić, S., 2006).

*Набљудувачи и други улоги*

Bullying е како претстава. Секогаш постои сцена на која се жртвата и насилникот, а постојат и набљудувачи. Набљудувачите исто така индиректно учествуваат во насилната интеракција, така што му помагаат и го охрабруваат насилникот, од страв да и самите не станат жртви. Насилството создава атмосфера на страв во која децата се чувствуваат несигурно (Zrilić, S., 2006).

Кога на насилникот му е потребно да ја покаже својата моќ, важно е тоа да го видат и другите, односно да постојат сведоци. Може да се рече дека повеќето насилни интеракции се случуваат во присуство на група врсници (Salmivalli, C. From peer putdowns to peer support.). Салмивали наведува дека постојат повеќе групи млади кои од различни улоги или позиции учествуваат во самиот насилен акт. Покрај жртвите и насилниците (или групите кои иницираат насилство), тука се следбениците (оние кои со задоволство се приклучуваат на насилството и му помагаат на насилникот), навивачи (не се вклучуваат директно, но со своето однесување во вид на смеа или набљудување ги поддржуваат насилниците), набљудувачи (тие не се вклучуваат, но и не даваат поддршка) и заштитници (кои помагаат на жртвите, повикуваат помош или му зборуваат на насилникот да престане (Salmivalli, C. и сор. 1996).

Реакциите на набљудувачите може да бидат различни, и со оглед на нивните ставови спрема насилството може да бидат позитивни, неутрални (рамнодушни) или

негативни, а може да придонесат за влошување или решавање на проблемите. Сведоците на насилството може да изберат да помогнат на жртвата (заштитници), тивко да ја поддржуваат жртвата, но ништо да не превземаат (потенцијални заштитници). Поголемиот дел се става на страна на насилникот (следбеници, навивачи), а најбројните групи ги сочинуваат набљудувачите кои не заземаат никакво стојалиште (Salmivalli, 2010:114). Иако поголемиот дел од децата имаат негативен став спрема врсничкото насилство, во ситуациите кога се случува насилство, повеќето од децата и младите не се спротивставуваат отворено затоа што се плашат за својата сигурност или дека тоа ќе влијае на нивниот статус во групата. Ова Салмивали го нарекува „Парадокс на набљудувачите“ (Salmivalli, C. From peer putdowns to peer support).

## 1.6. Последици на врсничко насилство

Во сите трудови кои се занимаваат со врсничкото насилство како најважна карактеристика и основна причина за истражување и интересирање за оваа појава се длабоките и трајни последици кое врсничкото насилство го остава на децата, подеднакво и на жртвата на насилството и кога се во прашање насилниците, и не само во време кога се случува малтретирањето и непосредно после тоа, туку и години подоцна, кога децата ќе станат возрасни луѓе. Јовановиќ Маѓар во својот труд наведува многу детална систематизација на последиците од врсничко насилство (Kerlikowska, 2003), која настанала на база на резултатите на бројни истражувања за последиците од врсничко насилство:

Децата кои се изложени на насилство од страна на други ученици (жртви на насилство):

- почесто се депресивни во однос на децата кои не трпеле насилство
- поголем е процентот на суицидалност (8% за девојчиња и 4% за момчиња) во однос на децата кои не биле изложени на насилство од страна на врсниците (1% вкупно)
- психолошко или вербално насилство е опишано од страна на еден средношколец: „Постои друга врста на насилство, насилство на говорот. Тоа може да повреди

повеќе од посекотина со нож. Може да ви направи модрици одвнатре“ (National Association of Attorneys General, 2000)

- често се чувствуваат анксиозно, што може да доведе до различни психосоматски потешкотии
- имаат потешкотии да се сконцентрираат на своите училишни обврски, што може да се одрази и на училишниот успех и на постигнувањата
- почесто изостануваат од наставата и го прекинуваат школувањето, отколку врсниците кои не се жртви на насилство

Деца кои се склони на правење на насилство кон други деца (насилници):

- почесто носат оружје
- карактеристично е да се повредуваат (во 46% од случаите)
- поголема е веројатноста дека ќе се вклучат во друго антисоцијално или деликвентно однесување (посебно момчињата) како што се вандализам, крадење, бегање од настава, злоупотреба на дрога
- поголема е веројатноста дека ќе се развијат психосоматски симптоми како што се: главоболки (мигрени), проблеми со кожата (екцеми, псоријаза), зголемено потење, атлетско стопало, тресење и панични напади, синдром на мрзливи црева, болки во зглобовите и мускулите и чести вирусни инфекции (Јовановиħ Маħар, А., 2014:26-28).

Во истражувањата е докажано дека последиците од насилно однесување траат долги години, па и цел живот, и дека насилното однесување на рана возраст е ризик фактор за насилно однесување во адолесценцијата и периодот на зрелост. Лонгитудиналните студии проучувале на кој начин агресивноста може да продолжи од детството до адолесценцијата и до перидот на зрелост и да се направи образец на престапничко однесување низ целиот живот на една личност и докажано е постоење на континуитет на агресивно однесување од адолесценцијата до периодот на зрелост.

Пример е истражувањето направено во САД, кое потврдило дека 59% од младите кои се уапсени за насилно однесување пред 18 година од животот, повторно се уапсени и како возрасни, а 42% од тие возрасни престапници се обвинети за најмалку едно сериозно насилно дело. Континуитетот на насилно однесување од основноучилишна до доцна адолесцентска возраст (20 - 26 години) е докажан и во

истражувањата кои се направени во Скандинавските земји (World Health Organization. World report on violence and health, Geneva, 2002). Резултатите од истражувањата покажуваат на тоа дека децата кои прават насилство спрема врсниците на основноучилишна возраст продолжуваат со таквото насилно однесување и подоцна, како возрасни луѓе, што влијае на способноста да остварат квалитетни и соодветни социјални односи и контакти (Oliver, Hoover & Hazier, 1994, prema Kerlikowske, 2003).

Исто така, правењето насилство на рана возраст може подоцна во адолесценцијата да доведе до малолетничка деликвенција и противзаконски, криминални активности (Wet, 2005). Овие деца се во поголем ризик дека во периодот на зрелост може да развијат деликвентно однесување, да влезат во криминалот и станат зависници од алкохол и психоактивни супстанции (Kaltiala-Heino, Rimpela, Rantanen, & Rimpela, 2000; Loeber & Dishion, 1983; Nansel и сор., 2001; Olweus, 1993, спрема Kerlikowske, 2003 од Јовановић Мађар, А, 2014:26-28).

Жртвите на насилство исто така може да имаат долготрајни негативни последици кои влијаат на развојот на младата личност. Кога детето или младата личност секојдневно е изложена на малтретирање од страна на врсниците, многу е веројатно дека ќе се чувствува несигурно, дека ќе ги избегнува врсниците и одењето во училиште, кои за жртвата на насилство претставува секојдневен стрес. Ова може постепено до доведе до намалување на успехот во училиште и до социјална изолација, односно осаменост и отфрленост од страна на врсниците, а потоа и до пад на самодовербата. Секојдневниот стрес на кој е изложена жртвата на насилство може да доведе до развој и на други психички и психосоматски потешкотии и депресија, па и до суицидални мисли.

И кај децата кои малтретираат и кај жртвата циклусот на насилство и застрашување доведува до поголеми потешкотии кај личноста и слаб успех во училиштето (Запирање на насилството во училиштата - упатство за наставници). И едните и другите се во зголемен ризик да имаат психички потешкотии во вид на повлекување, проблеми со вниманието и хиперактивноста, да развиваат анксиозно и депресивно пореметување (Sesar, K. и сор. 2013).

Меѓутоа, изгледа дека провокативните жртви, односно децата кои истовремено се и насилници и жртви на насилство од страна на другите ученици, се најзагрозени и под најголем ризик од настанување на различни психички пореметувања и

пореметувања на однесувањето. Кај оваа група, веројатноста за развој на горенаведените потешкотии е поизразена и поголема отколку кај активните насилници или пасивни жртви, точно поради специфичниот спој на карактеристики (Nansel и сор. 2001 според Јефтић Б. С. и Ивановић, М., 2014).

# 2. РИЗИК ФАКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

Ризик факторите се дефинираат како фактори кои предвидуваат зголемен ризик или веројатност за настанување и развој на одредено однесување и проблем во врска со однесувањето и социјалното функционирање. Од друга страна постојат и протективни, заштитни фактори кои даваат отпор на ризичните фактори и ја намалуваат веројатноста за настанување на проблеми или го запираат развојот на проблемот. Меѓутоа, присуството или отсуството на поединечни фактори, како и нивното влијание неможе исклучиво да се набљудуваат. Важно е да се нагласи дека присуството или отсуството на поединечни фактори не е гаранција дека некое однесување ќе се развива или не. Ова значи дека ризичните фактори може да се доведат во корелација (меѓусебен однос) со манифестирање на, на пример, насилно однесување кај децата, но не и во последично – причинската врска.

На настанувањето, развојот и одржувањето на одредени проблематични однесувања кај младите влијаат повеќе фактори кои делуваат во исто време и меѓусебно се поврзани. На појавата и развојот на врсничкото насилство кај децата сигурно дека влијаат комбинација на факторите од различен домен на животот на детето: семејството, училиштето, врсничките групи, заедницата, културата. Факторите од сите овие домени се во меѓусебна интеракција и имаат директно или индиректно реципрочно влијание на настанувањето и одржувањето на проблематичното однесување на поединецот. Важно е да се напомене дека ризик факторите делуваат кумулативно, односно изложеноста на поголем број на ризични фактори ја зголемува веројатноста за појава на негативно однесување (Cvetković M., 2012).

Кога се зборува за ризик факторите во семејство кое може да влијае на појавата и развојот на врсничкото насилство, во литературата најчесто може да се најдат наведените различни групи на фактори. Најчесто се наведуваат следниве фактори: социоекономскиот статус на семејството, семејната историја на проблемите во однесувањето, проблеми во функционирање на семејството, семејни конфликти, воспитни ставови на родителите и други. Ѓуришиќ (Ђуришић, М., 2015) ги наведува карактеристиките на семејната структура кои се во врска со зголемениот ризик на јавување на агресија и деликвентно однесување: големина на семејството, редоследот на раѓање и родителскиот статус. Големата бројност на семејството е поврзана со

предиспозицијата за развој на насилно однесување на децата и младите. Истите резултати од истражувањата се наведуваат и во Извештај на СЗО (World report on violence and health.World Health Organization, Geneva, 2002). Одрастувањето со еден родител, со мајка, е поврзано со недостаток на прифаќање на авторитет и агресивно однесување кај децата. Кога зборуваме за изложеноста на детето на ризикот на виктимизација, како главни фактори се издвојуваат: социјалниот развој на детето, начинот на одгледување и воспитување, социјалнаат изолација и специфичноста на социјалните односи (Костић, М. 1996). Лајовић и Тркуља (Лајовић, Б., Тркуља, М. (2001) наведуваат дека истражувањата покажале дека некои особини и однесувања на возрасните се поврзани со злоупотреба, а то се ригидност, недостаток на комуникациски вештини, строгост при контрола во воспитувањето на децата, злоупотреба на алкохолот, дрогата, недостаток на родителски вештини и друго.

Во овој труд ќе се анализира влијанието на одредени семејни фактори на ризик на појавата на врсничко насилство и тоа: социоекономскиот статус на семејството, воспитни ставови на родителите, семејна комуникација и функционирање на семејниот систем. Потребно е да се нагласи дека влијанието на ризик факторите и истовремено склоноста на развој на проблематичното однесување се зголемува за време на развојните преодни точки во семејниот живот кои бараат реорганизирани промени во семејството, поврзани за структурата или функционирањето на семејството. Таква транзициона точка е и периодот на адолесценција кога доаѓа до многу бурни и брзи промени кои ја зголемуваат ранливоста и изложеноста кон ризици. Истовремено, транзиционите точки се добри моменти за интервенирање со цел создавање на позитивни ефекти.

## 2.1. Карактеристики на семејство со адолесцент

Адолесценција е збор кој доаѓа од латинскиот глагол „adolescere“ што значи растење, созревање. Тоа е период помеѓу детството и животен период на возрасните и претставува процес на сраснување во социјалниот живот на возрасните (Zlebnik, 1972). Тоа е период од животот кога растењето добива нов поттик и кога во организмот се одвиваат длабоки соматски промени кои го „трансформираат“ детето во возрасна

личност. Тој процес на созревање трае во просек 5 - 10 години (Nikolic, 1988 од Kuburić Z., 2001:36). За периодот на пубертет карактеристично е дека младата личност, физички интензивно се развива и во тој период достигнува полна зрелост. Меѓутоа, адолесценцијата претставува не само физички и сексуален развој, туку и развој и созревање на сите нивоа: интелектуално, емоционално, социјално и психосексуално. Денес, младите израснуваат во општество во кое животниот стандард е релативно добар, а здравствените услуги се достапни, и поради тоа порано и биолошки созреваат, но подоцна одраснуваат, односно подоцна излегуваат од светот на детството како би влегле во светот на возрасните. Развојните психолози, адолесценцијата обично ја делат на:

- Рана адолесценција (до приближно 14 години),
- Средна адолесценција (до приближно 17 или 18 години),
- Доцна адолесценција (до приближно 22 или 24 години) (Brković A.D. 2011)

Тоа што се случува во овој период најдобро се опишува со емоциите – период на страсти, предизвици, бунтовништва, слобода, љубов, но истовремено и период на анксиозност, несигурност и сомнеж. Адолесцентот бара свое место во светот низ процесот на запознавање самиот со себе. Младите луѓе сакаат да најдат одговори на прашањата „кој сум“, „каде припаѓам“, „кон што тежнеам“. Тоа е една од главните задачи на адолесценцијата - пронаоѓање на личниот идентитет на младата личност. Стенли Хол го опишал овој период како период на извонредни можности за раст и развој, но и периодот кои го карактеризираат многубројни конфликти и немири. Во тој период, младата личност го бара својот полов и професионален идентитет, па се адолесценцијата како фаза на развојот на личноста, според некои автори назива и фаза на оформување на идентитетот (Ериксон, 1968 според Стаменкова - Трајкова, В, 1997:161).

Исто така, овој период го карактеризираат процеси на индивидуализација и развој за желба за осамостојување и автономија. Овој процес на одвојување на детето од поврзаноста и зависноста од родителите е многу значаен за здравиот развој на адолесцентот, а се гледа низ намален број на контакти со родителите и во должина на времето кое адолесцентот го поминува одвоен од нив (Стаменкова - Трајкова, В. 1997:167). Овие процеси и промени неминовно влијаат и на промената во квалитетот

на односот помеѓу родителите и децата, но и на функционирањето на семејството во целина. Голема промена во односите на родителите и децата треба постепено да оди во насока на што поголемо осамостојување на децата и нивната се поголема независност.

Со цел одржување на добри односи и превенција на проблеми, во овој процес потребно е да се менуваат и прилагодуваат и родителите и децата. Родителите би требало да приметуваат промени кои се случуваат кај нивните деца, не само промени кои се однесуваат на физичкиот изглед, туку и промени на интелектуален, емоционален и психички план. Младите во овој период се бунат, се плашат да се одделат од своите родители, бараат од нив заштита и привилегии и истовремено сакаат независност и мразат родителски надзор и контрола (Kuburić, Z., 2001). Младите истотака бараат во односот со родителите да бидат изедначени, посебно во прилики на договарање и учество во донесување на одлуки, покажуваат се поразвиени интелектуални способности (мислења, заклучувања), па родителите кои ова го приметуваат, почитуваат и уважуваат во комуникацијата, обично немаат проблеми во односите со детето (Brković A.D, 2011). Семејството на адолесцентот има задача да се прилагоди на промените кои се случуваат и кои внатре во семејството неминовно предизвикуваат стресни, конфликтни ситуации и тензии.

Во овој труд, семејството и нејзиното функционирање се набљудува и разбира од поглед на Олсоновата терија на семејно функционирање познат како Циркумплекс модел, кој во основа е базиран на развојната теорија на семејните животни циклуси. Спрема овој модел, фазата на животниот циклус во кој семејството се наоѓа, влијае на функционирањето на целокупниот семеен систем.

Една од семејните развојни фази на животен циклус е и семејството со барем еден адолесцент, односно се семејства на учениците - испитаниците кои го сочинуваа примерокот на ова истражување. Бидејќи адолесцентите имаат барања за зголемување на независноста и моќта и во семејството, треба да се одиграат промени, потребно е границите на семејниот систем да станат доволно флексибилни, да овозможуваат зголемено движење на адолесцентот (влез и излез од семејството), а притоа границите да останат доволно цврсти, да го сочуваат опстанокот на семејството (Ristić Dimitrijević R., 2015). Ова е една од развојните задачи која семејството треба да ги исполни како успешно би ја совладала оваа фаза од животниот циклус. Исто така, во

семејството во оваа фаза се менуваат во семејните улоги и правила, дистрибуцијата на моќта и хиерархијата, како и статусот на нејзините членови.

Родителите, чие внимание досега било максимално насочено на прашањето на родителство, сега почнува со поголемо внимание да се насочува на брачните прашања и прашањата поврзани со кариерата (Barker, P., 1992:25). Од друга страна, адолесцентот е се повеќе насочен на групата врсници која во тој период има големо влијание. Дружењето со врсниците ги задоволува потребите кои во адолесценцијата се посебно многу развиени, а тоа се потреба за дружење, докажување на своите вредности и за припадност. Младите се во групи собираат во ќошиња, во крајот, во училишниот двор (Јовановић, Љ. 2001). Адолесцентот усвојува вредности од групата врсници кои се во врска со сексот, дрогата, алкохолот, облекувањето, животниот стил, политиката,а кои се разликуваат од вредностите кои до сега ги усвојувал во семејството. Би можело дури да се каже дека групата има функција, непостоечкото чувство на личниот идентитет да го замени со групниот идентитет (Ђурчић, В. 2002:67). Родителите (семејството) и адолсецентот (група врсници) сега се наоѓаат во позиција да се натпреваруваат, а адолесцентот бара од родителите да се прилагодат. За прашањата кои се во врска со автономијата и контролата потребно е да се преговара постојано и на сите нивоа (Minuchin, S., Fishman, H.C., 1981).

Овој период и самите родители го доживуваат стресно, кога е во прашање воспитувањето на децата, односно адолесцентите, што може да се засили доколку семејството се соочува со уште некој извор на стрес како што е на пример сиромаштијата. Во такви ситуации не е ретко, родителите во ситуација на соочување со барањата на адолесцентот да користат однесување кое не е ефикасно и не ја решава конфликтната ситуација, туку напротив, ја интензивира, како што е: викање, приговарање, строго казнување и слично. Бес и негативно однесување на адолесцентот посебно може да предизвика претерано ограничување и контрола на адолесцентот од страна на родителот.

Во литературата постојат две гледишта за карактеристиките на семејство со адолесцент кога е во прашање семејната кохезивност. Првото гледиште го застапува ставот дека во фазата на животниот циклус на семејството со адолесцентот доаѓа до промени во квалитетот на семејните односи (Conger & Ge, 1999; Laursen & Collins, 1994; Smetana, 1988, спрема Baer, 2002). Психоаналитичката, биосоцијалната и

когнитивната теорија подразбираат и намалување на семејната кохезивност во тој период. Спрема второто гледиште, моделите на социјална релација претпоставуваат континуитет во емоционалната врска помеѓу родителите и адолесцентот и сметаат дека семејната кохезивност делува како заштеитен фактор од различни фактори на стрес кои се неразделиво поврзани за развојот на адолесцентот. Со тоа, семејната кохезивност придонесува и за меѓусебната соработка на родителите и адолесцентот (Baer, 2002). Кога се зборува за адаптибилноста (флексибилноста) на семејниот систем, (Олсон 1986 prema Farrell & Barnes, 1993) наведува дека е очекуван порастот на семејната флексибилност, односно приближување кон хаотичниот систем низ фазата на животниот циклус на семејството со адолесцентот (Zotović M. и сор., 2008).

Семејната средина во која адолесцентот расте има големо влијание на неговиот развој и надминување на овој бурен период. Важна задача на семејството е на младата личност да и даде се што е потребно со цел полесно да се вклопи во општеството и стане член на широката општествена заедница, односно да се социјализира. Процесот на социјализација претставува процес во кој индивидуата (новиот член на општествената заедница) усвојува знаења, вештини, навики, ставови, норми, вредности и други сознанија што и се потребни за успешно вклопување во општествената група или во глобалната заедница. Накратко, социјализацијата претставува прифаќање на културните придобивки на претходните генерации (Мирчев, Д. и сор. 1994:117).

Многубројните истражувања последните години покажале дека адолесцентите од семејства во кои владее атмосфера на доверба, љубов, разбирање и добри односи меѓу сите членови, подобро се прилагодуваат на социјалната средина, се избалансирани, самостојни и сигурни во себе (Kuburić, Z., 2001) што потврдуваат и двете студии (Wood, Chapin, and Hannah, 1988) кои се занимавале со односите помеѓу социјалниот и личниот развој и успехот на адолесцентот и семејното функционирање. Младите луѓе кои постигнале успех на планот на школување и на социјален план ги окарактеризирале своите семејства како семејства во кои се членови многу блиски, во кои се негува изразување на емоции, кои се интелектуално - културно ориентирани, и имаат нагласена организација и морално - религиозен аспект (Masselam V.S. и сор. 1990).

Во понатамошниот текст ќе го анализираме влијанието на поедини ризични фактори, кои се во врска со семејството на настанување и развој на насилното

однесување кон другите врсници и трпењето на насилно однесување од страна на други врсници кај младите адолесценти.

## 2.2. Возраст, пол и брачен статус на родителите

Истражувањата кои ја испитувале поврзаноста на возраста, полот и брачниот статус на родителите дале различни резултати. Па така, резултатите на студијата која е правена во Република Македонија во 2010 година, покажале дека насилството се зголемува со возраста, односно расте пропорцијата на деца кои малтретирале други ученици. Меѓутоа, од друга страна со зголемување на возраста се намалува бројот на пријавени случаи на малтретирање во земјите од Европа, што е случај и во Македонија (Здравјето како квалитет на животот, 2013).

Истражувањата кои се правени во Република Србија наведуваат дека со возраста учениците се помалку доживуваат насилно однесување од страна на други ученици, но се зголемува склоноста кон различни видови на насилство (Чоловић П. И сор. 2014). Навредите и сплеткарењата се најчести облици на насилно однесување на сите возрасти, но најзастапени се во 5. и 6. одделение, додека во повисоките одделенија нивнота важност се намалува (Попадић Д., Плут Д. 2007).

Други истражувања покажуваат дека зачестеноста на насилното однесување се намалува со годините, односно како учениците напредуваат низ одделенијата (Mazur i Malkowska, 2003; Dake и сор. 2003, Seals и Young, 2003). Врсничкото насилство најчесто се случува во периодот од 4. до 8. одделение основно образование (Bilić и Karlović, 2004). За разлика од директните облици на насилно однесување чија зачестеност се намалува со возраста, зачестеноста на релациските облици на врсничко насилство расте со возраста (Rivers i Smith, 1994, превземено од Sesar, K., 2011).

При искажувањето на насилното однесување постојат разлики со оглед на полот. Кога е во прашање зачестеноста на насилството, истражувањата во многу земји покажуваат дека момчињата почесто се вклучени во ситуации на насилство и како насилници и како жртви (Espelage и сор. 2003; Craig и Pepler, 1997; Попадић и Плут 2007; Lahey и сор. 2000; Maughan и сор. 2004; Odgers и сор. 2008. од Piotrowska, P.J. и сор. 2015; Olweus, 2006; Buljan Flander и сор. 2007; Arseneault, Bowes и Shakoor, 2010;

Nabuzoka, Ronning i Handegard, 2009; Marušić и Pavin Ivanec, 2008). Исти резултати се добиени и за Македонија, спрема извештајот за погоре наведената студија, момчињата во значително поголем број се жртви на малтретирање или учествуваат во малтретирање на други ученици, а почесто учествуваат и во физички пресметки и почесто носат оружје во училиште од своите врснички (Здравјето како квалитет на животот, 2013). Во некои други студии, користејќи техника за самопроценка, личностите од женски пол се изјасниле за еднаков степен на виктимизација како и машките (Craig & Harel, 2004).

Половите разлики се појавуваат и кога се во прашање на начини на искажување на агресија, па со самото тоа и на насилство. Истражувањата покажуваат дека девојчињата повеќе се склони кон индиректна агресија, и дека почесто се жртви на индиректна агресија, додека момчињата почесто се жртви на директна, физичка и/или вербална агресија (Craig, 1998, Crick & Grotpeter, 1996) и (Чоловић П. И сор. 2014). Исти заклучоци изведуваат и Недимовиќ и Биро (Недимовић, Т., Биро, М., 2013), врз основа на резултатите на своите истражувања и наведуваат дека постои поголем ризик момчињата да бидат жртви на директно врсничко насилство (навредување и физичко насилство) во однос на девојчињата.

Девојчињата се во поголем ризик да бидат жртви на социјално врсничко насилство во однос на момчињата. Овие резултати се во осогласност со резултатите добиени во некои поранешни истражувања (Olweus, 1997; Smith & Brain, 2000) кои покажале дека девојчињата почесто се жртви на психичко, отколку на физичко врсничко насилство, дека почесто учествуваат во вербално насилство, како и тоа дека момчињата повеќе учествуваат во физичко врсничко насилство (и како насилници и како жртви). Според споменатото Олвеусово истражување, бројот на момчиња изложени на психолошко насилство е приближно еднаков на бројот на малтретирани девојчиња, а повеќе малтретирани момчиња се воедно жртви и на физичко и на психолошко насилство.

Ако се земе во обзир обликот на насилно однесување, момчињата се склони кон физички пресметки и закани, додека девојчињата се склони на оговарање и земање на лични предмети. Нарекувањето со погрдни имиња и социјалното исклучување се подеднакво чести и кај момчињата и кај девојчињата (Wolke и сор., 2001). Момчињата на возраст од 8 - 11 години, почесто насилно се однесуваат самостојно, отколку како

членови на група, додека момчињата постари од 11 години почесто го прават насилството во група (Rigby, 2002 според Sesar, K., 2011).

Различни резултати од истражувањата се добиени и кога е во прашање брачниот статус на родителите како ризик фактор во врска со насилното однесување на младите. Ѓуришиќ (Ђуришић, М., 2015) наведува дека децата од семејства во кои родителите се разведени, два - три пати повеќе го напуштаат училиштето, се одаваат на деликвенција и се поврзуваат со врсничко насилство во однос на врсниците кои израснуваат во функционални, зачувани семејства. Други истражувања укажуваат дека непоеполното семејство (семејство во кое детето не живе со два родитела) е ризик фактор за развој на деликвенција (Wells, L. E. & Rankin, J. H. 1991), односно дека раздвоеноста на детето од биолошките родители пред десеттата година од животот влијае на развојот на антисоцијално однесување и во возрасниот период и независно од другите фактори како што се нискиот социоекономски статус и друго (Farrington, D. P. 2005 превземено од Марковић, J. и сор, 2008).

Велки и Кутеровац (Velki и Kuterovac Jagodić, 2014) наведуваат истражувања во кои непотполното семејство се покажало како значаен предиктор за насилно однесување (Oliver, Oaks i Hoover, 1994.) Слични резултати се добиени и во истражувањата спроведени на Нов Зеланд, Велика Британија и САД кои покажале дека децата кои одраснуваат во еднородителски семејства се во поголем ризик за развој на насилно однесување (World report on violence and health World Health Organization, Geneva, 2002:34). Ова се објаснува со тоа дека во непотполните семејства каде родителите се разведени често се нарушени односите во семејството, семејствата се помалку кохезивни, а често и улогите внатре во таквите семејства не се јасно дефинирани. Исто така, децата во еднородителските семејства почесто одраснуваат без адекватна контрола бидејќи родителот е преоптеретен со обврски на работа и во домот, а често и семејството е со понизок материјален статус поради намалени приходи.

Во литературата често се наоѓа дека еднородителските семејства се ризик фактор за појава на насилно и девијантно однесување на децата и младите. Меѓутоа, во поновата литература се наоѓаат поинакви објаснувања и заклучоци. Поновите истражувања покажуваат дека голем број на млади кои се изложени на насилно однесување живеат во потполни семејства во кои не се утврдени пореметени односи или асоцијални појави. Зрилиќ (Zrilić, S., 2007) ги наведува резултатите од нејзиното

истражување кои покажале дека брачниот статус на родителите не е значаен и не се доведува во корелација со зачестеноста на бегање од настава и бројот на изостаноци.

Промените во семејната структура не делуваат директно на однесувањето и развој на децата, туку посредно, преку други, поврзани последични фактори како што се на пример: влошена материјална ситуација или промена во семејните односи (Raboteg - Šarić и сор., 2003). Тука се нагласува дека разводот или раздвоеноста сами по себе не мораат да бидат изолирани ризични фактори кои придонесуваат за развој на пореметување на однесувањето кај децата. Поважно е да се набљудува контекстот на развод или раздвоеност, односно она што се случува меѓу членовите на семејството пред и после разводот, а тоа е лоша и пореметена комуникација, конфликти, па и физички пресметки, стрес кај родителите, создавање на дисфункционални обрасци внатре во семејството како што се триангулација на децата, создавање коалиција со децата против некој член, влошување на материјалната ситуација, оддалеченост и недостапност до едниот родител и друго. Овие резултати ги потврдуваат и истражувањата (Марковић, Ј.и сор., 2008).

Од друга страна, во поново време, добро функционираат и еднородителските семејства, во кои односот на детето и родителот со кои живее е топол, поддржувачки и функционален. Можеме да заклучиме дека непотполно семејство, разведени или разделени родители, може да бидат причина за потешкотии кои го преокупираат и оптеретуваат адолесцентот, но исто така и тоа може да биде и потполно семејство во кое родителите, поради работа и други обврски малку време поминуваат со децата и имаат слаба комуникација со нив.

## 2.3. Социоекономски статус на семејството (СЕС)

Кога зборуваме за врска помеѓу социоекономскиот статус и насилно однесување на децата во училиштето, постојат разлики во резултатите од истражувањата. Некои истражувања нагласуваат дека социоекономскиот статус е клучен фактор кој влијае на квалитетот на живот на децата, младите и семејствата и дека постои поврзаност помеѓу социоекономскиот статус и тешкотиите во однесувањето и емотивните тешкотии, вклучувајќи анксиозност, депресија, АДХД и

пореметување во однесувањето (Weissman, 1984; Goodman, 1999; Spencer и сор. 2002), како и со зголемено ниво на агресија (Molnar, 2008) и непријателство (Chen и Paterson, 2006) - (податоците се превземени од веб страницата на Американското здружение на психолози). Понатаму, други истражувања покажале дека социоекономскиот статус е негативно поврзан со врсничкото насилство, т.е. дека децата од семејствата каде што родителите се помалку образовани, и имаат пониски примања се повеќе наклонети кон насилно однесување кон врсниците (Rivers и сор. 2007; Wolke и сор. 2001; Loeber и сор., 1995; Марковић, Ј. и сор., 2008.).

Глобалната мета анализа која ја правеле Piotrowska и соработниците, а која имала за цел да ги резимира податоците за односот помеѓу социоекономскиот статус и асоцијалното однесување покажала дека понискиот социоекономски статус на семејствата е поврзан со повисоките нивоа на асоцијалното однесување. Исто така, бројни студии покажуваат дека децата кои потекнуваат од семејства со понизок социоекономскиот статус покажуваат повисок степен и поизразени форми на нислно однесување (Amone-Polak и сор. 2011; Costello и сор., 2003), но и дека оваа врска помеѓу социоекономскиот статус на семејството и мерењето на насилното однесување на децата не се покажува секогаш и дека се разликуваат помеѓу студиите и истражувањата (Piotrowska, P.J.и сор., 2015). Ова исто така се однесува и за децата од семејства со поголем број на деца кои покажуваат повеќе насилно однесување, што е тесно поврзано и со сиромаштијата и со нискиот социоекономскиот статус (Kim - Cohen и сор., 2004; Wolke и сор., 2001).

Сепак, треба да се истакне дека резултатите на истражувањата во оваа област не се единствени, па некои резултати покажуваат дека нивото на образование на родителите, социоекономскиот статус и структурата на семејството (живот со двајца родители, разведени родители или повторно во брак) не се поврзани со врсничкото насилство (Sourander и сор., 2000 во Velki, Kuterovac Jagodić., 2015 и Dake 2003 спрема Buljan Flander и сор., 2005; Loeber & Stouthamer - Loeber, 1986), односно дека ниската стапка на социоекономскиот статус е поврзана со слабиот успех во училиштето и со агресивно однесување воопшто, но не и со врсничкото насилство (Demosthenous, Bouhours Demosthenous, 2002).

Најверојатно е дека социоекономскиот статус има значително влијание врз однесувањето на децата, но не директно, туку преку други семејни фактори или

медијаторски варијабли, како што се на пример, начинот на кои семејствата функционираат. На пример, нискиот социоекономски статус може да ги ограничува родителите во воспитувањето на децата, или може да биде извор на стрес и фрустрација за родителите. И истражувањата покажале дека сиромаштијата го зголемува стресот кај родителите, што доведува до зголемување на судирите во семејството, па и физичко и психичко насилство, строга дисциплина и казнување, што е често во семејствата со низок социоекономскиот статус и слаба контрола на децата, а се ова има за последица зголемување на насилното однесување спрема врсниците (Dodge и сор, 1994.; Eisenberg и сор, 2006.). Од друга страна, ова може да важи и за семејствата со висок социоекономскиот статус во кои стресот кај родителите може да се поврзе со на пример, големата одговорност на работа и со премногу време кое го посветуваат на работните обврски, при што истовремено помалку време му посветуваат на семејството и на децата, што по извесно време доведува до пореметување на семејните и партнерските односи. Психосоцијалните проблеми како што е насилното и агресивно однесување спрема себе и другите, стресот и друго, воопшто се честа појава кај семејствата со низок социоекономскиот статус (Gullotta и сор, 2005; Hill и сор, 1996 спрема Velki, T. и сор, 2014).

Не постои поврзаност меѓу позицијата на жртва на малтретирање и позицијата на насилник со степенот на семејна имотност на децата (Здравјето како квалитет на животот (2013). И во некои други истражувања (Olweus, 1999.; Almeida, 1999; Ortega и Mora-Merchan, 1999) не е утврдена статистичка значајна поврзаност помеѓу социјалниот статус и улогата во врсничкото насилство (Sesar, K., 2011). Насилни (и ненеасилни) ученици има во сите општествени слоеви, а истото важи и за учениците кои се жртви (Olweus, 1978 спрема Недимовић, Т., Биро, М., 2013).

## 2.4. Обрасци на семејно функционирање од позиција на Циркумплекс модел

Моделот на семејно функционирање на кое е базирано и ова истражување е Циркумплекс моделот на брачко и семејно функционирање, чиј автор е Дејвид Олсон со соработниците (Olson и сор. 1989). Дејвид Олсон, поради опрационализација на

Циркумплекс моделот, развил и Скала за семејна адаптибилност и кохезивност (Family Adaptability and Cohesion Scale), позната како FACES која е користена и во ова истражување, односно нејзината понова верзија FACES III.

Циркумплекс моделот се темели на три централни димензии на брачниот и семејниот систем и тоа:

- Кохезивност
- Адаптибилност (флексибилност)
- Комуникација

Со примена на скалата FACES се проценуваат само кохезивноста и адаптибилноста.

Семејната кохезивност претставува емоционална поврзаност (приврзаност) која членовите на семејството ја искажуваат едни спрема други. Во рамките на Циркумплекс моделот може да се користат одредени варијабли и поими за дијагноза и мерење на семејната кохезивност, и тоа се: емотивна поврзаност на членовите на семејството, коалиции, време, простор, пријатели, одлучување, рекреација и интересирања. Во основа на димензијата на кохезивност е како семејството ја балансира одвоеноста на своите членовите во однос на семејното заедништво. Постојат четири нивоа на кохезија кои се рангирани од необврзувачки (многу ниска кохезивност), преку одвоени (ниска до умерена кохезија), поврзани (умерена до висока) до умрежени (многу висока кохезивност) и на основа на тоа и следниве четири специфични типови на семејства:

- Необврзувачките семејства ги карактеризира слаба блискост меѓу членовите на семејството, недостаток на лојалност кон семејството и висок ниво на независност на секој член на семејството.
- Одвоените семејства ги карактеризира ниско до умерено ниво на блискост, умерено ниво на лојалност и меѓузависност на членовите на семејството кои повеќе се независни, отколку зависни.
- Поврзаните семејства ги карактеризира умерено до високо ниво на блискост меѓу членовите, голема лојалност кон семејниот систем и истотака меѓузависност на членовите на семејството, кои во овој модел се повеќе зависни, отколку независни.
- Умрежените семејства ги карактеризира многу голема блискост на членовите на семејството, многу голема лојалност и зависност на членовите на семејството.

Флексибилноста на семејството претставува способност и спремност на семејството да го менува водството (структура на моќта), семејните улоги и семејните правила. За дијагноза и мерење може да се користат одредени варијабли и поими и тоа се: ниво на контрола и дисциплина, стилови на преговарање и донесување на одлуки, правила кои се однесуваат на семејните улоги и односи. Во основа на димензијата на флексибилност е како семејството ја балансира стабилноста во однос на промената. Постојат четири нивоа на флексибилност кои се рангирани од ригидни (многу ниско ниво на флексибилност), преку структурирани (ниско до умерено ниво), преку флексибилни (умерено до високо ниво), до хаотично (многу високо ниво на флексибилност). Врз основа на ова издвоени се и четири специфични типа на семејства:

- Хаотичните семејства немаат водач или лидер, улогите во семејството се менуваат нагло и упадливо, нема константни правила, односно правилата се менуваат со оглед на ситуацијата, како и почитување на правилата кои истотака се променливи. Во овие семејства има премногу промени.
- Флексибилните семејства се карактеризираат со поделено лидерство, променлива поделба на улогите, демократска дисциплина и промени кои се случуваат тогаш кога е потребно.
- Структурираните семејства ги карактеризира стабилна улога и стабилно лидерство кое повремено се дели, во почитувањето на правила и донесувањето на одлуки има елементи на демократичност, а правилата се менуваат само на барање.
- Ригидните семејства имаат авторитарно лидерство, семејните улоги ретко се менуваат, дисциплината е многу строга, а промени има многу малку.

Основна претпоставка на Циркумплекс моделот е балансираните (урамнотежени) брачни и семејни системи, да се повеќе функционални во однос на небалансираните (неурамнотежени) системи (Randall T.D., 1995, Olson, D. H., 2000). Меѓутоа ова немора да значи дека небалансираните типови на семејства се воедно и дисфункционални (Olson, D. H., 2000). Се претпоставува дека во рамките на оптимално семејно функционирање влегуваат, на димензијата на кохезивност, балансирани типови на одвоени и поврзани семејства, а на димензијата на флексибилност тоа се централни или балансирани типови на структурирани и флексибилни семејства.

Функционалниот семеен ситем овозможува одржување на стабилност, но и отвора можности за прилагодување на одредени животни околности и потреби на членовите на семејството. На семејните системи им е потребна и стабилност и промена, а таа способност на промени кога е таа потребна, ги одвојува функционалните семејства од дисфункционалните. Кај структурираните семејства постои до некаде демократско водство кое вклучува преговарање за одлуките, во кои се вклучени и децата. Семејните улоги се стабилни, со повремена поделба на улогите. Правилата се цврсти, но повремено постојат и промена на правилата. Кај флексибилните семејства карактеристично е егалитарно водство и демократски пристап за донесување на одлуки. Преговорите се отворени за сите членови на семејството и децата се активно вклучени. Улогите се делат и кога е потребно, промените на улогите течат мазно. Правилата може да се менуваат и прилагодени се на возраста на членовите на семејството. Ова мислење, дека средните нивоа на кохезивност и адаптибилност се оптимални за функционирање на семејството, го застапувал Олсон во време кога го конципирал овој модел. Меѓутоа, некои емпириски истражувања дале резултати кои зборуваат за тоа дека колку е поголема кохезивноста помеѓу членовите на семејството, функционирањето на семејството е пооптимално (Gaughan, 1995; Green и сор., 1991; Henggler и сор., 1991; Olson, 1991, спрема Riesch и сор., 2003 од Zotović M. и сор., 2008).

Екстремните или небалансираните типови на семејства на нивоата на флексибилност и кохезивност (необврзувачки и вмрежени, ригидни и хаотични) имаат проблем да ги решат задачите од поедини фази на животниот циклус и долгорочно може да имаат негативно влијание на членовите на семејството и развојот на односите, не само меѓу членовите на семејството, туку и кога се во прашање други социјални контакти. Во вмрежените семејни системи во кои нивото на кохезивност е многу голем, постои многу голема емотивна блискост, премногу консензус, членовите на семејството се многу зависни едни од други, имаат многу малку приватен простор и лична одвоеност. Енергијата на поединецот е насочена на семејството и тие имаат малку лични пријатели и интереси надвор од семејството. Кај другиот екстрем на димензијата на кохезивност - одвоени семејни системи, членовите на семејството работат по свое, на оној начин како самите сметаат дека треба, постои многу мала

поврзаност со другите членови на семејството и многу мала лојалност и посветеност на семејството.

Флексибилноста се однесува на промените во семејното водство, улогите и правилата. Ригидниот тип на небалансираниот семеен систем се карактеризира со доминација на еден член на семејството кој има контрола во рацете. Нагласено е строго придржување на правилата. Нема преговарање, а мнозинството одлуки ги донесува водачот. Улогите и правилата не се менуваат. Другиот екстрем на димензијата на флексибилност се хаотични семејства во кои доминира дезорганизација и недоследност. Нагласен е недостаток на правила или постојат правила кои се нејасни и кои се менуваат од ситуација до ситуација. Одлуките се донесуваат импулсивно и за нив никогаш доволно не се размислува, а ги донесува било кој од членовите на семејството, бидејќи водството е несигурно и променливо. Улогите исто така се нејасни и променливи.

Во одредени фази на животниот циклус на семејството или во периоди кога семејството е изложено на стрес, веројатно е дека семејството ќе функционира во нивоа на екстремни однесувања на двете димнезии (кохезивност и адаптибилност), но може да биде проблематично кога семејството ќе заглави и остане во овие крајности (Olson, D. H., 2000).

Резултатите од некои истражувања зборуваат дека децата кои искажуваат насилно однесување, доаѓаат од семејства кои се помалку кохезивни и во кои родителите се слабо вклучени во активностите на своите деца, ова посебно се однесува на мајките (Berdondini и Smith, 1996.; Bowes и сор., 1994.; Olweus, 1994. од Velki, T., Kuterovac Jagodić, G. 2014.) Слични резултати наведува и Сесар (Sesar, K. 2011) за истражувања во кои насилниците проценуваат дека нивното семејство го карактеризира слаба кохезивност, додека спротивно на тоа, кохезивноста во семејствата на деца кои се изложени на насилство е проценета како многу изразена, што може да биде и индикатор за презаштитеност (Bowers и сор., 1992.; Batsche i Knoff, 1994). Освен тоа, децата кои се изложени и трпат врсничко насилство проценуваат дека во нивните семејства има лоша комуникација меѓу членовите на семејството, дека функционирањето на семејството е воопшто лошо, односно дека нема многу изразување на позитивни емоции.

Во други студии резултатите покажуваат дека децата со проблеми во однесувањето доаѓаат од семејства во кои постојат екстремни нивоа на семејна кохезивност и адаптибилност (Smets & Hartup, 1988). Децата кои доаѓаат од балансирани семејства покажувале помалку симптоми во споредба со децата од семејства со средно и екстремно ниво на кохезивност и флексибилност. Меѓутоа, кога се во прашање адолесцентите, овие наоди покажале значително помалку разлика (Kouneski E. F. 2000). Ригби (Rigby, 2006) во истражувањето кое го работел помеѓу адолесцентите во Австралија дошол до заклучок дека постои голема веројатност дека дете кое доаѓа од семејство кое лошо функционира ќе биде склоно да прави насилство спрема другите деца. За децата кои се изложени на насилство од страна на други деца наведува дека доаѓаат од семејства кои се вмрежени. Децата од такви семејства обично се презаштитени, а членовите на семејството не успеваат да најдат адекватни механизми за однос кон светот надвор од семејството (Nasilje ostavlja tragove - zvoni za nenasilje! 2014).

## 2.5. Семејна комуникација

Комуникацијата е трета димензија на Циркумплекс моделот и се смета за помошна димензија која служи за подобрување на другите две димензии. Комуникацијата се проценува низ вештините на слушање и говор на членовите на семество, јасноста на говорот, како и низ уважувањето и почутувањето на другите наспроти истакнување себеси (Mitić, 1997). Неасоодветната комуникација ги оневозможува членовите на семејството непречено и отврено да разменуваат чувства и мисли, а без тоа е смалена и можноста за промена на нивоата на кохезивност и флексибилност (Riesch и сор., 2003 спрема Zotović M. и сор., 2008).

Функционирањето на семејниот систем зависи од способноста на тој систем да комуницира на соодветен начин, да пренесе и размени информации, да го усогласи однесувањето на членовите на семејството, да негува доверба, да решава проблеми и конфликти, да изразува радост и тага. Утврдено е дека балансираните семејни системи кои генерално функционираат многу подобро отколку небалансираните, имаат и многу

добра комуникација, додека небаласнираните системи имаат лоша и слаба коминикација.

Постојат убедливи емпириски докази дека урамнотежените семејства подобро комуницираат. Овој исказ е потврден во истражувањето во кое се користени различни методи, скали за самопроценување (Barnes & Olson, 1986) и набљудување и кодирање на семејните интеракции (Rodick и сор., 1986 спрема Kouneski E. F., 2000). Резултатите од истражувањето кои се однесувале на поврзаноста на обрасците на семејната функционалност и комуникација во семејството со адолесценти (Matejević, 2010) покажуваат дека постои меѓусебна поврзаност помеѓу кохенизивноста како димензија на семејното функционирање и комуникацијата. Ова посебно се однесува на отвореноста на комункацијата на мајката, каде резултатите покажале значајно ниво на поврзаност помеѓу овие две варијабли, но и на нивото на отвореност на комуникацијата со таткото. Исто така е утврдено дека постои значајно ниво на меѓусебна поврзаност помеѓу димензијата на адаптибилност и отвореност на комуникацијата на мајката. Слични резултати наведува и Олсон (Olson, D. H., 2000) за истражувањата во кои е мерена интеракцијата на мајките и адолесцентите и кои наведуваат дека во балансираните системи мајките имале значајно поголема стапка на поддржувачка, отворена и експлицитна комуникација, и позитивно влијаеле на адолесцентите во однос на мајките од небалансираните системи.

Врз основа на ова можеме да заклучиме дека во семејствата во кои е голема кохезивноста помеѓу членовите и во кои постои блискост и заедништво и комуникацијата е поотворена, односно, членовите на семејството разговараат отворено за своите чувства, потреби и проблеми и кога е потребно едни на други се обраќаат за помош и поддршка. Во вакви семејства очекувано е да се негува чувство на заедништво и посветеност, а семејството има јака заштитна улога. Високото ниво на адаптибилност зборува за способноста на семејството да се прилагоди на промените кои се случуваат и на стресните ситуации кои се неизбежни. Урамнотежените семејства имаат добра основа и широк репертоар на методи и ресурси кои ги прават спремни за предизвици и промени во споредба со неурамнотежените семејства од екстремни нивоа на двете димензии на семејната функционалност. Ова посебно се однесува на позитивните комуникациски вештини кои овозможуваат промените да се одигруваат многу полесно (Todorović, J., Simić, I., 2014).

Позитивните комуникациски вештини подразбираат личноста која зборува во свое име, а не во име на другите, да има способност да ги сподели своите чувства со другите. Исто така, важно е личноста да знае и може да ги слуша другите внимателно и со емпатија, да покажува обзир и почитување и во своите говори кои ги упатува на другите да дава јасни и недвосмислени пораки. Овие вештини се сметаат за поддршка на семејните системи полесно да креираат и одржуваат рамнотежа на димензиите на кохезивност и флексибилност. Семејната комуникација не значи само размена на информации помеѓу членовите на семејството, туку и размена на чувства кои се поврзани за нив самите (Matejević, M., 2010).

## 2.6. Воспитните ставови како фактори на ризик

Во трудовите кои ги објавиле Popović Ćitić (2007) и Nedimović и Biro (2011), издвоени се неколку групи на семејни ризик фактори за појавата на врсничкото насилство кои авторите ги сметаат за клучни: неефективно родителство, семејно функционирање, структура на семејството, психопатологија на родителите и занемарување и злоупотреба на децата. Во овие истражувања се покажало дека настанувањето и одржувањето на агресивното и насилното однесување кај децата е во врска со некои родителски вештини кои се или неефективни или контрапродуктивни: грубо и недоследно дисциплинирање, слаба родителска контрола, ниско ниво на позитивно ангажирање на родителите. Зголемен ризик за појава на агресивно и насилно однесување е и кај децата чии родители не поставуваат јасна граница во однос на насилничкото однесување кон врсниците и возрасните, односно кај деца чии родители и самите се склони кон агресивно однесување (Ђуришић, М., 2015). До ист заклучок дошол и Олвеус (Olweus, 1998) во своите истражувања во кои се занимавал со влијанието на воспитувањето и условите за одраснување. На база на резултатите дошол до заклучок дека родителското воспитување и условите во кои детето расте влијаат на изложеноста на врсничкото насилство на децата (Nedimović T., Biro, M. 2013).

Кога станува збор за воспитувањето на децата, во литературата може да се најде единствен став на авторите кои се занимаваат со оваа проблематика, а тоа е дека не постои некое „волшебно стапче“ - универзален или единствен начин на воспитување на

децата кој сигурно ќе резултира со посакуваните особини на личноста на детето и неговото однесување. Детето да израсне и стане одговорна, правична, зрела и емотивно стабилна личност и развојот на детето да тече нормално, важно е да постои соодветна емотивна врска меѓу родителот и детето, усогласени и урамнотежени односи во семејството и заедничко, договорно решавање на проблемите и потешкотиите. Но, за адекватно занимавање со воспитување на децата и самите родители треба да бидат доволно зрели, одговорни и да имаат способност да ги воспитуваат своите деца индивидуално, во зависност од личноста на детето и да почитуваат и развиваат самостојност на детето и негова слобода на одлучување. Во зависност од тоа колку се родителите зрели и способни да се занимаваат со воспитување, како и од карактеристиките на семејната средина, семејството може да биде здрава и поттикнувачка средина за растење и развој на детето или, од друга страна ограничувачка (Nedimović T., 2010).

Во овој труд се испитуваа воспитните ставови на родителите како ризик фактори за појавата на врсничко насилство кај децата. Со оглед дека во литературата наидуваме на различни термини кои се во врска со воспитувањето - воспитни ставови, воспитни стилови, воспитни постапки на родителите, стилови на родителства и друго, сметам дека е потребно на почетокот да ги дефинираме и одредиме што се всушност воспитните ставови.

Генц (Genc 1988) смета дека односот помеѓу горенаведените поими може да се прикаже со помош на хиерархискиот модел во кој на најниско ниво би биле вопситните постапки, на средно - воспитните ставови, а на највисокото ниво - воспитната атмосфера во семејството (Pavićević M., Stojiljković S., 2016). Па така, најтесен поим би бил поимот на воспитни постапки под кои се подразбира широк спектар на однесувања кои се реакција на однесувањето на детето (казна, пофалба, игнорирање и друго). Воспитните ставови се поширок поим и претставуваат збир на одредени воспитни постапки на родителите. Воспитната атмосфера на семејството како најширок поим го сочинуваат повеќе воспитни ставови.

Авторите во своите дефиниции нагласуваат непроменливост, зачестеност како важна, ако не и одлучувачка димензија на воспитниот став (Ziemska, 1973, Madrzycki, 1964 спрема Piorkovska-Petrović, 1991 од Nedimović T., 2010). Слична дефиниција дала и Матејевиќ (Matejević, 2007) која наведува дека воспитниот став е релативно доследен

начин на однесување на родителите, со кои се воспоставуваат вкупните односи со децата. Тодоровиќ (Todorović, 2005) понатаму наведува дека воспитниот став почнува да се формира на многу рана возраст на детето и се протега низ цело детство и младоста на личноста. Со возраста и различните потреби на детето се менуваат воспитните цели и потреби, но она што останува постојано и трајно е емоционалниот однос кој е и одлучувачки фактор во воспитувањето, покрај знаењето и однесувањето (Pavićević M., Stojiljković S., 2016). Исто така, важно е да се нагласи, кога се во прашање односите на родителите и децата, поголемо значење има како децата ги перципираат воспитните ставови на своите родители, од тоа какви се воспитните ставови во суштина или како ги перцепираат родителите од свој агол.

За испитување на воспитните ставови на родителите во овој труд го користев Прашалникот на воспитните ставови (Upitnik vaspitnih stavova - Kodžopeljić, J. Štula, J. и Genc, L., 2006). Исказите во овој Прашалник се согласни со Шеферовиот дводимензионален модел на воспитување кој преовладува во трудовите на многу истражувачи од овие простори (Genc, 1994; Mihić, Zotović и Petrović, 2006; Kodžopeljić, Pekić и Genc, 2008, Genc и Kodžopeljić, 1995; Čudina, Obradović и Obradović, 2002; Lacković, Grgin, 2006; Ljubetić, 2007; Petani, 2011 - од Zuković, и сор. 2015). Две димензии на овој модел се афективна димензија која се однесува на емоционалниот однос на родителите и детето и има два екстреми - топло и ладно воспитување и димензија на контрола која се однесува на самостојност и слобода на детето и нејзините два екстреми се попустливо и ограничувачко воспитување (Schaefer, 1959, спрема Piorkowska - Petrović, 1991; Matejević, 2007).

Кога се зборува за димензијата на контрола, се мисли на настојувањето на родителите детето да се придржува до правилата на однесување, и на количината на забрани и ограничувања кои се поставуваат. Родителот кој е доминантно „ограничувачки" ги поставува цврсти правилата и бара нивно строго придржување, а секое непочитување на правилата се смета за сериозен прекршок. „Попустливиот" родител дозволува поголема слобода на детето, правилата ги применува флексибилно и не бара строго придржување на правилата.

На емоционалната димензија која уште се нарекува и димензија на прифаќање - отфрлување, постои „топол", прифатлив родител кој е насочен на детето, има разбирање за потребите на детето, се интересира за детето, често користи објаснувања

кога бара дисциплина, ретко користи физичка казна (Kuburić, Z., 2001) и „ладен“ родител кој има одбивен однос кон детето и неговото однесување е дефинирано со спротивни карактеристики.

Со комбинација на овие екстремни точки или полови се добиваат четири различни воспитни ставови: топол - попустлив, топол - ограничувачки, ладен - попустлив и ладен - ограничувачки воспитен став. Јасно е дека родителот неможе секогаш да се однесува на ист начин, така да се појавуваат воспитни постапки кои не се исклучиво од еден воспитен став, па така „попустливиот“ родител не мора да постапува попустливо баш во секоја ситуација, односно „топол“ родител може да реагира на ладен начин во некоја ситуација. Затоа се користи терминот доминантни воспитни ставови на родителите. Сите овие постапки креираат воспитна атмосфера во која детето одрастува (Kodžopeljić и сор., 2006).

- Доминантно топол - попустлив воспитен став на родителите значи дека родителите имаат емотивен близок однос со своето дете, го прифаќаат и покажуваат позитивни емоции кон детето. Оваквиот воспитен став на родителите му дава на детето чувство на сигурност, родителска љубов и поддршка. Коџопељиќ (Kodžopeljić, 2009) смета дека кај овој воспитен став има елементи на презаштитување на детето, но смета дека попустливоста во комбинација со топлото воспитување не мора да значи дека детето ќе биде презаштитено или дека непостојат правила, туку дека родителот поставува јасни правила и граници и ги прилагодува спрема потребите и личноста на детето. Па така, правилата ќе се менуваат и со возраста на детето, како станува повозрасно има потреба и за поголема независност. Родителот кој има топол - попустлив воспитен став на детето ќе му дозволува поголема слобода како дете кое одраснува и ќе го поттикнува на негово осамостојување. Одраснувањето во оваква атмосфера влијае позитивно на развојот на детето и добра е претпоставка дека детето ќе се развие во здрава психосоцијална личност, амбициозна, креативна и пријателска.
- Доминантно топол - ограничувачки воспитен став на родителите создава личности кои се несамостојни и презаштитени. Детето е сакано, родителите се грижливи, но поставуваат строги правила и бараат од детето послушност и строго придржување на правилата. Детето нема слобода да ја искаже агресивноста, па се врти кон себе.

Децата кои одраснуваат во ваква атмосфера обично се послушни, повлечени и помалку креативни (Nedimović T., 2010).

- Доминантно ладен - попустлив воспитен став на родителите се карактеризира со општа негрижа за детето, родителите кон детето се однесуваат ладно и не излегуваат во пресрет на неговите потреби (Matejević, 2007). Комбинација на попустлив и емотивно ладен воспитен став значи дека не постојат јасни правила на однесување, но родителите се склони кон казнување на децата. Се смета дека агресивноста е најизразена кај оние деца чии родители имаат толерантен воспитен став, но применуваат остро казнување (Nedimović T., 2010).
- Доминантно ладен - ограничувачки воспитен став имаат родителите кои ретко покажуваат љубов кон децата, дистанцирани се и емотивно се ладни спрема детето. Правилата се строги и ригидни, родителите бараат детето неприкосновено да ги почитува наметнатите правила, а секое непочитување, остро го санкционираат. На овој начин, детето е ограничено во својата лична слобода (Matejević, 2007). Родителот често строго го казнува детето, под изговор дека за него се жртвува. Така кај детето се прави чувство на вина, недоверба кон возрасните, пасивност и друго (Genc, 1988 од Nedimović T., 2010).

Врз основа на ревизијата на Schafer - овиот модел од страна на Diana Baumrind, базирајќи се на нивото на изразеност на афективната димензија и димензијата на контрола, добиени се четири основи стилови на родителство: авторитарен, авторитативен (демократски), пермисивен (laissez- fair) и индиферентен (Pavićević M., Stojiljković S., 2016).

Авторитарниот воспитен стил ги има следниве карактеристики: изразена контрола од страна на родителите, строго и рестриктивно однесување, нема многу покажување на емоции и топлина, вреднување на дисциплината и придржување на правилата и вредностите кои ги поставуваат родителите, послушноста како доблест, казнување на однесувањето на детето или кога верувањата не се поклопуваат со мислењето на родителите.

Авторитативниот воспитен стил ги има следниве карактеристики: родителите се однесуваат рестрективно и одговорно, но со многу топлина и разбирање, атмосферата во семејството е топла и демократска, родителите поставуваат јасни правила и барања,

а на децата ги објаснуваат причините за применување на тие правила, родителите ја почитуваат личноста на детето и неговите потреби.

Пермисивниот воспитен стил ги има следниве карактеристики: топол емоционален однос кон децата, нема дефинирани јасни правила на однесување и граница во воспитувањето, родителите претерано им удоволуваат на децата, немаат контрола над нивното однесување.

Индиферентниот воспитен стил ги има следниве карактеристики: нема ни правила, ниту топлина, детето е препуштено само на себе, нема емоционална поддршка од страна на родителите, родителите често се отсутни или преокупирани со нешто друго (Zuković, и сор, 2015; Pavićević M., Stojiljković S., 2016).

Олсон и Горал (Olson, Gorall, 2007) ја поддржуваат ова теорија на Дајана Баумринд и сметаат дека нејзината теорија одговара на нивниот модел на семејно функционирање. Од позиција на системски пристап, авторитативниот стил би требал да е присутен во балансирани семејни системи. Децата од овие семејства се емотивни здрави, среќни и успешни во образованието и во животот. Децата кои имаат авторитативни родители се самостојни, имаат добри механизми на надминување на стресот и имаат желба за успех. Авторитарниот стил би требал да е присутен во семејства со екстремни високи нивоа на кохезија (во вмрежените семејства) и со ниско ниво на флексибилност кој се гледа во ригидното функционирање. Ова значи дека родителите првенствено бараат послушност и лојалност од своите деца. Во овие семејства правилата обично се многу строги и непочитувањето на правилата обично се казнува. Пермисивниот воспитен стил би требал да е присутен во семејства кои ги карактеризира високо ниво на кохезија и екстремно високо ниво на флексибилност (хаотични семејства). Ова значи дека во семејствата постои заедништво, но правилата и улогите се или нејасно дефинирани или стално се менуваат, односно постои недостаток на стабилност (Matejevic, M. 2014).

Кога е во прашање поврзаноста на воспитните ставови и стилови на родителите и појавата на врсничко насилство, Олвеус (Olweus, 1998) заклучува, врз основа на резултатите од своите истражувања, дека ладен - попустливиот воспитен став на родителите го погодува на развојот на агресивно и насилно однесување на децата кон другите деца, а ладно - ограничувачкиот (понекогаш и топол - ограничувачкиот) се

погодни за развој на пасивност кај децата (спрема: Genc, 1988), што може да ја зголеми изложеноста на врсничкото насилство.

Понатамошните резултати покажуваат дека доминантно ограничувачкиот воспитен став на мајката претставува ризик фактор за изложеност на директно врсничко насилство на децата (вреѓање и физичко насилство), бидејќи децата кои се под влијание на оваков воспитен став на мајката може да станат презаштитени, несигурни и несамостојни и без адекватна стратегија, ниту можност да се спротивстават на насилството. Послушни, повлечени и пречувствителни, ваквите деца се склони кон позицијата на жртви на врсничко насилство.

Доминантно ладен воспитен став на таткото и мајката е поврзан со зголемен ризик, детето да биде жртва на манипулативно врсничко насилство (на пример земање/грабнување и уништување на имовината, закани и присилување). Овие родители не покажуваат отворено љубов и блискост кон детето, се дистанцираат и не го прифаќаат детето. Ускратеноста и чувството на незадоволство кај децата може да претставува основа за развој на агресивно однесување. Ладниот воспитен став на мајката е ризик фактор за склоност кон индиректно врсничко насилство. Овие резултати зборуваат дека ладните воспитни ставови на родителите може кај децата да доведат до склоност или изложеност на врсничко насилство, или до едното или другото на начин дека изложеноста на насилство често е последица на претходно манифестирано насилство (Nedimović T., Biro, M. 2013).

Сесар (Sesar, K., 2011) наведува резултати од истражувањето кои зборуваат дека децата кои доживуваат насилство и истовремено и самите го прават, доаѓаат од семејства во кои родителите имаат непријателски ставови и помалку се вклучени во животот на своите деца. Спрема самопроценката на децата, овие родители се однесуваат претерано заштитнички кон децата или пак претерано ги запоставуваат, односно, кога е во прашање спроведувањето на дисциплина, тие се недоследни (Bowers и сор., 1992).

Во извештајот на Светската здравствена организација се наведува дека резултатите од истражувањата покажале дека однесувањето на родителите и семејното опкружување се основен ризик фактор за развој на насилното однесување на младите. Слабата контрола и следење на децата од страна на родителите, како и користењето на груби, физички казни се јаки предиктори на насилно однесување во текот на периодот

на адолесценција и периодот на зрелост. Ова се однесува на резултатите од истражувањето кое покажало дека ваквото однесување на родителите кон децата на возраст од 10 години, значајно го зголемува ризикот од понатамошни осуди за насилство до 45 години старост. Насилството во адолеценцијата и во периодот на зрелост, истотака е поврзано со родителските конфликти во раното детство и со слабата поврзаност на родителите и децата (World report onviolence and healthWorld Health Organization, Geneva, 2002:33).

# 3. ЗАШТИТНИ СЕМЕЈНИ ФАКТОРИ

## 3.1. Што е здраво семејство

Семејството е место на кое се остваруваат основните и најважни меѓучовечки односи во текот на животот. Во семејството почнуваат сите наши животни искуства, на семејството припаѓаме, во него се чувствуваме сигурни, се сакаме, почитуваме, разбираме, поддржуваме, учиме и самоостваруваме.

Семејствата доаѓат во многу различни форми и големини. Во последните 20 - 30 години е намален процентот на таканаречените „традиционални семејства“ кои може да се илустрираат со дефиницијата што ја дал Младеновиќ (Младеновиќ, 1969 спрема Milojković M. и сор., 1997) кој семејството го дефинира како група која собира лица кои се обврзани со брак и нивното потомство и, евентуално, поширок или потесен круг роднини кои се здружуваат поради задоволување разноразни потреби. Од друга страна се зголемил бројот на семејства кои имаат поинаква форма и структура како што се еднородителски семејства, реконструирани семејства (step family) во кои барем еден од сопружниците има деца од претходниот брак кои живеат со него и мешани семејства во кои двата сопружника имаат деца од претходниот брак кои живеат со нив, мултиетнички семејства, неформални партнерски заедници со или без деца, хомосексуални заедници, бегалски семејства, сиблинг семејства, гастарбајтерски семејства и други. Културните врдности на семејствата, па и нивното етничко потекло исто така се релевантни фактори.

Денеска семејствата многу се разликуваат во својата структура и состав што не значи дека и овие, нетрадиционални семејства не може да бидат јаки и здрави. Но, што је „нормално семејство“ и „нормално семејно функционирање“? Некои автори нормалноста на семејството ја гледале како одсуство на симптоми, или функционирање на начин кои представува статистички просек (Walsh 1982 спрема Barker, P.,1992). Баркер предлага користење на терминот „оптимално семејно функционирање“ наместо „нормално функционирање“, бидејќи тој термин се однесува на одсуство на проблемот, но исто така подразбира дека потребите на брачниот пар и децата се задоволени во таа мера во која тоа е можно. Постоењето и бројноста на нетрадиционалните форми на семејство направиле да се напушти митот за еден модел

на семејство кој е единствено добар и кој обезбедува среќа и здравје, и да се прифати дека за одредено семејство баш тој некој неконвенционален вид на семеен живот и структура може да биде оптимален, односно дека здравото семејно функционирање може да поприми многу форми.

Кога ќе прифатиме постоење на семејство од различни конфигурации и структури, не можеме да зборуваме дека некое семејство е здраво, а некое не, или некое е нормално, а некое со поинаква конфигурација или структура дека е ненормално. Она што е прав критериум за здраво семејство е колку е тоа успешно на својот животен пат. Успешното семејство со текот на времето се прилагодува на промените, но има стабилна основа за семејните правила и семејното единство, во него се почитуваат индивидуалните и развојните потреби на членовите на семејството и посебно се води грижа за старите и децата. Исто така, успешното семејство добро ги усогласува портребите и барањата на поединците, семејствата и пошироката средина.

Секое семејство ќе наоѓа свои начини и патишта да ги реши сите овие задачи, а семејствата кои се пофункционални имаат поголем репертоар на решенија и поголема флексибилност, па со самото тоа можат и поуспешно да се прилагодуваат. Целта на семејниот живот е да не научи нас на правите вредности, убаво однесување, да ни гарантира љубов, стабилност и поддршка. Она што го нарекуваме семеен дом би ребало да значи единствено место на кое секогаш ќе можеме да се вратиме и во кое секогаш ќе се чувствуваме пријатно, во кое секогаш ќе бидеме срдечно дочекани и каде ќе имаме потреба таа љубов и срдечност да ја возвратиме.

Во продолжение на текстот ќе биде прикажано како за јаки или здрави семејства порано размислувале различни автори кои се занимавале со проучување на семејствата. Листите на важни карактереистики на јаките семејства овие автори ги донеле со резимирање на заклучоците врз основа на резултатите на своите истражувања.

Спрема Борнхил (Bornhill, 1979), здравите семејства се разликуваат од дисфункционалните врз основа на следните осум димензии: индивидуалност наспроти измешаност, заедништво наспроти изолација, флексибилност наспроти ригидност, стабилност наспроти дезорганизираност, јасна наспроти нејасна или искривена комуникација, јасни наспроти нејасни улоги, јасни граници наспроти дифузни или искинати меѓугенерацијски граници (Barker, P., 1992:18). Понатаму, Dolores Curran

(1983) смета дека јакото семејство го карактеризираат: добра комуникација меѓу членовите, членовите на семејството меѓусебно се поддржуваат, учат почитување спрема другите, развиваат чувство на доверба, имаат смисла за хумор  и игра, покажуваат чувство за заедничка одговорност, учат што е добро и лошо, имаат јако чувство за припадност за семејната традиција и ритуалите, постои рамноправен однос меѓу членовите, постои заедничка религиозна основа, се почитува приватноста на членосвите на семејство, членовите на семејството меѓусебно си помагаат, го минуваат слободното време заедно, кога постои проблем за тоа отворено се зборува и заедно се решава, се почитува времето на сите и времето за заедничке активности.

Во 1990 година во САД е работен проектот на чело со Maria Krysan од организацијата Child Trends Inc. кои ја објавиле листата од девет особини или карактеристики на јаките семејства. Овие карактеристики се потврдувале и во многу подоцнежни истражувања. Овие девет карактеристики се:

а) комуникација – во јаките семејства, комуникацијата меѓу членовите е отворена и искрена, јасна и едноставна, што подразбира членовите во семејството меѓусебно да се слушаат и да можат меѓусебно да разговараат и за добри и за лоши работи и чувства. Ова не значи дека никогаш не се расправаат и не се лутат едни на други. Кога членовите на семејството се  лути,  не се напаѓаат едни со други, туку напаѓаат она што е проблем или причина за лутење или бес

б) поттикнување на поединецот - негување и поддржување на личниот идентитет му овозможува на секој член од семејството да развива чувство на индивидуалност

в) изразување благодарност

г) посветеност на семејството - значи дека семејството е на прво место и дека членовите на семејството се горди што се дел од него

д) религиозна/духовна ориентација - се однесува на моралните и други семејни вредности на кои се темели однесувањето и постапките на членовите на семејството

ѓ) социјална вклученост - подразбира дека семејството како систем е добро поврзано со субјекти и работи кои не се директно дел од семејството

е) способност за прилагодување - се однесува на прилагодување на промените

ж) јасни улоги - секој член од семејството има одредена, важна функција која ја извршува како семејството би било појако и подобро и

з) заедничко време - членовите на семејството го поминуваат времето заедно, не затоа што мораат, туку затоа што сакаат и имаат чувство на припадност на семејството (Randall T.D., 1995).




*Слика 2 -* ***Карактеристики на јаките семејства***

Семејството како систем игра централна улога во социјализацијата, воспитувањето, психолошкиот и биолошки раст и развој на членовите на семејството. Како би успеале во ова, функционалното семејство треба успешно да ги исполни трите видови задачи:

а) базични задачи се однесуваат на обезбедување егзистенцијални потреби - исхрана и заштита на членовите на семејството како и задоволување на основните емоционални потреби на членовите преку давање поддршка, љубов и разбирање за сите членови,

б) развојните задачи се однесуваат на поттикнување на растот, развојот и созревање на членовите на семејството преку поддржување на членовите на семејството низ сите фази на индивидуалниот и семеен животен циклус и

в) задачи кои се однесуваат на прилагодување и реагирање на семејството во кризни ситуации, односно кога се појавуваат неочекувани настани како што се болест, смрт и развод. (Matejević, M., 2010).

Од позиција на системски пристап, семејството се набљудува како систем кој има своја структура и развијени форми на интеракции, и кој еволуира низ времето. Како и други живи системи, така и семејството има тенденција да одржи стабилност, но и да се менува и низ времето да расте и напредува. За да се исполнат најважните задачи на семејство, семејната структура треба да биде животно способна, истовремено да се прилагоди на промените и да одржи стабилност. „Барањата за промена може да ги активираат механизмите кои се спротивставуваат на девијацијата, но системот се развива во правец на се поголема комплексност. Иако семејството може да се движи само во рамките на дадени граници, тоа има неверојатен капацитет за адаптација и менување при што го чува континуитетот. “ (Minuchin, S., Fishman, H.C., 1981:21).

Критериуми за проценка за функционалноста на семејството според Флак (Fleck, 1980 спрема Barker, P.,1992:19) се следни:

- лидерство - зависи од личноста на родителите, карактеристика на брачната коалиција, комплементарност на брачните улоги и родителската употреба на моќ, односно методи на дисциплинирање,
- семејни граници - се однесува на личните граници, граници меѓу генерациите, границите помеѓу субсистемите, граници помеѓу семејниот систем и заедницата
- афективна димензија - се однесува на блискоста помеѓу членовите на семејството, еквивалентност на семејните тријади, толеранција на членовите на семејството спрема чувствата на другите и емоционалност на поединецот
- комуникација - доследност на вербална и невербална комуникација, начин на кој членовите на семејството ги изнесуваат своите ставови и чувства, јасен говор, меѓусебно слушање и одговарање
- извршување на задачи - нега на беспомошни членови на семејството, контрола на однесувањето и воспитувањето, начин на кој се носат децата со разделба од семејството и како се прилагодуваат откако ќе заминат од семејството на потекло, активности во слободното време, начин како членовите на семејството ја совладуваат кризата.

Кога семејството функционира хармонично, и нејзините членови се среќни и задоволни и секогаш со задоволство се враќаат. Според Кубуриќ (Kuburić, Z., 2001) хармонично семејство функционира на следниот начин:

- семејната клима е позитивна, а семејната атмосфера се темели на неосудување

- секој член е значаен и прифатен без оглед каков е или како се однесува
- секој член од семејството има своја улога и својата улога може да се однесува на свој начин (на детето му е дозволено да биде дете)
- членовите на семејството се грижат едни за други и својата грижа ја изразуваат отворено, вербално и невербално
- комуникацијата меѓу членовите на семејството е отворена, јасна и директна, нема двојни пораки
- децата се воспитуваат да бидат самостојни, да созреваат и да можат да се одвојат од родителите на здрав начин
- членовите на семејството уживаат да бидат заедно и имаат чувство на одговорност едни за други
- членовите на семејството заедно се смеат и уживаат во животот
- членовите на семејството можат меѓусебно да ги споделат своите соништа, размислувања, чувства и понатаму да бидат прифатени
- членовите на семејството меѓусебно се блиски, но не и вмрежени

Неизбежност на секојдневниот живот на семејството се и проблемите. И додека некои семејства решаваат проблеми и исполнуваат задачи кои се пред нив, други немаат доволно развиени капацитети ниту можности да се носат со секојдневните предизвици. Поради тоа ваквите семејства најчесто го одлужуваат решавањето на проблемите, кои тогаш се собираат се додека не доведат до распаѓање на семејството или до развивање на симптоми кај членовите на семејството.

## 3.2. Семејно функционирање

Системскиот пристап семејството го набљудува и разбира како интерактивен систем, кој не е само прост збир на поединечни делови или поединечни функционирања на членовите на семејството, туку систем на однесување на група луѓе кои меѓусебно се поврзани и траат прилагодувајќи се низ времето. Семејниот систем е составен од субсистеми: партнерски, родителски, субсистем кои го формираат децата, а како целина, семејството е истовремено дел од еколошкиот супрасистем со кој

разменува енергија и информации. Семејните субсистеми се наоѓаат во постојан меѓуоднос и однесување на членовите на семејството, како и дејствувањето на субсистемите не може да се разберат одвоено од другите делови на системот или функционирањето на системот во целина. За разбирање на начинот на кој функциорираат семејствата, важно е разбирање на процесот и односите кои постојат во семејството помеѓу субсистемите како и помеѓу семејството и опкружувањето во кое функционира семејството.

Функционалност на семејството (термин кој се користи за да се опише „нормалноста на семејството") обично опишува дали и во која мера семејните обрасци ги исполнуваат целите на семејството (опстанокот на семејството како заедница, обезбедување на егзистенција, решавање проблеми, оддржување блискост помеѓу членовите на семејството), односно во која мера семејството ги извршува повеќето свои задачи, колку е во состојба да одговори на развојните потреби на своите членови и да создаде услови за развој на здрави и зрели луѓе. Функционално семејство обезбедува емоционална поддршка и соработка и е во состојба да избегне симптоматско однесување во кризни ситуации и транзиторни точки на развојот. Дисфункионални семејства се оние во кои семејните обрасци не ги исполнуваат задачите во семејството туку доаѓа до појава на симптоми или незадоволство.

Задачите кои семејството треба да ги исполни се наоѓаат во рамките на одредени фази од природниот процес на растот и развојот на семејството, односно на животниот циклус на семејството. Во својот еволутивен развој, семејството транзитира низ различни фази на животниот цилклус и се сретнува на бројни задачи кои треба да ги совлада како успешно би транзитирало до следните фази на растот и развојот и да ги оствари своите цели. Фазите во животниот циклус на семејството, според Дувал (Duvall, 1971 спрема Milojković M. и сор. 1997) се прикажани на следната слика:




*Слика 3 - **Фази на животниот циклус на семејството***

Bornhill и Longo (1978 спрема Barker, P., 1992:27), врз основа на Дуваловите фази на животниот циклус на семејството, дефинирале девет транзициски точки кои треба да бидат совладани како смејството би поминало од една фаза во друга. Тоа се:

- партнерите се обврзуваат еден на друг
- развивање нови родителски улоги (кога сопругот и сопругата ќе станат татко и мајка)
- усвојување нови личности како децата одраснуваат
- воведување на детето во институции надвор од семејството (училиште, црква, спортски групи и др)
- прифаќање на адолесценцијата која донесува потреба за промена на улогите и структурите во кои треба и родителите да се навикнат на брзи промени
- допуштање на детето да експериментира со независноста во подоцнежна адолесценција
- прифаќање дека децата се возрасни и независни, па започнуваат процес на одвојување и создавање свое семејство

- пуштање на децата да заминат. Родителите се свртуваат еден кон друг како сопруг и сопруга
- прифаќање на пензионирање или старост со променет животен стил

Задачите со кои се соочува семејството во фаза на животниот циклус „семејството со адолесцент“, првенствено се однесува на барањата за зголемена флексибилност на родителите во однос на се поголема независност на децата, при што родителите треба да го задржат својот авторитет, но и да преговараат со децата околу нивните нови потреби. Овие барања условуваат и преиспитување на ефикасноста на различните родителски васпитните постапки. Адолесцентите бараат повеќе слобода и независност, а семејството треба да ги следи, да им дава поддршка, да ги насочува и коригира однесувањата и уверувањата кои одстапуваат од некои општествени правила и норми.

Поради интензивни промени кои се случуваат во овој период, адолесцентите се подложни на равојот на симптоми како што се рана бременост, деликвенција, депресија, наркоманија и друго. Во некои семејства развојот на симптоми кај адолесцентите може да биде резултат на интезивирани емоционални и развојни потешкотии кои порано не се адекватно решени. Симптомите исто така може да бидат знак и за други дисфункции во семејството, како што се брачни проблеми на родителите кои во оваа фаза проаѓаат низ криза на средниот животен период, што може да резултира со промена на односот помеѓу сопружниците, проблеми како што се вонбрачни врски, па и развод.

Во оваа фаза на животниот циклус на семејството е многу важно како функционира семејството, бидејќи функционално семејство создава услови адолесценцијата, како критичен период во развојот на личноста, да помине без драматични конфликти помеѓу родителите и децата, а семејството да даде адекватна поддршка на растењето, развојот и созревањето. Промени кои ја карактеризираат фазата семејство со адолесцент се одразуваат на функционирањето на системот во целина, а посебно на начинот и динамиката на функционирање на родителите, па решавањето на проблеми на адолесцентот во оваа фаза ќе доведе и до подобрување за сите членови на семејството, односно семејниот систем во целина.

Пристапи кои се темелат на системската ориентација на семејна функционалност гледаат како на процес кој се одвива низ времето.

*Структуралниот семеен модел* го нагласува значењето на организацијата за адекватно функционирање на семејството. Фактори кои посебно се важни за ефикасно функционирање на семејството се: постоење на јасни граници, флексибилност на системот како би се обезбедила рамнотежа помеѓу автономијата и меѓузависноста и присуството на авторитет и моќ, односно јасна хиерархија. Блискост и хиерархија се две главни структурни варијабли за проценка на семејното функционирање. Блискоста не би требало да биде ниту претерана (вмреженост), ниту членовите на семејството да бидат премногу оддалечени (одвоеност). Оптималната хиерархија претставува јак и стабилен родителски субсистем кој е одговорен за подигнување на децата. Функционално семејство има капацитети да се прилагоди на промените, развојните потреби и барања на средината.

*Стратешкиот модел* како основно обележје на функционалното семејство ја наведува флексибилноста на системот и способноста да се користат различни и бројни однесувања во решавање на проблемот. Функционалните семејства успеваат да ги решат задачите на сите фази од животниот циклус и тоа без појави на симптоми кај некој од членовите.

*Трансгенерациskиот пристап* наведува дека основна цел на функционалното семејство е да обезбеди децата да го развиваат личниот идентитет кој е добро диференциран, независен и посебен. Ова значи дека родителите се одговорни за остварување на здрави или патолошки семејства и имаат задача да развијат блиски односи внатре во семејството, да обезбедат поддршка и грижа, сигурност и доверба, да овозможат одење и одвојување на децата и да го поддржат нивното индивидуално созревање. Murray Bowen како степен на фнкционалноста го користел степенот на анксиозност и степеност на диференцијаца на селф (мерка во која личноста е способна да раздвоји чувства од разбирања), па така семејствата кои добро функционираат имаат ниска анксиозност, членовите на семејството се сигурни во себе доволно за да можат да бидат различни, имаат добар емоционален контакт со семејството на потекло, секоја дијада е способна да ги реши проблемите внатре во нив, а симптоми се последица на голем стрес и имаат адаптивно значење.

*Симболичко - искуствен модел* е, како и трансгенерацискиот пристап, ориентиран кон растот и развојот на семејството, се потенцира важноста на односите помеѓу членовите на семејството и акцент се става на важноста на отворената комуникација и покажувањето чувства. Carl Whitaker смета дека животниот тек на поединецот и семејството ги насочува емоционалната структура. Исто така, ја наведува важност на флексибилноста и менувањето на улоги, личниот раст и личното искуство на секој поединец, природната тенденција на семејството во кое родителите ги поддржуваат емоциите и креативноста на децата. Здравите семејства на своите членови им даваат слобода да бидат она што се, во нив се поддржува и приватноста и заедништвото.

*Цикрумплекс моделот* претставува мултидимензионален модел на функционирање на брачните и семејните системи според кои функционалноста на семејниот систем се дефинира преку димензиите на флексибилност и кохезивност. Семејна флексибилност представува рамнотежа помеѓу стабилноста и промените и представува способноста на семејството да ги смени улогите, правилата и лидерство. Семејна кохезивност представува рамнотежа помеѓу блискоста и индивидуацијата и се дефинира како емоционална врска која постоји помеѓу членовите на семејство. Семејната комуникација се смета за клучен фактор која овозможува семејството и паровите да остварат кохезија и флексибилност.

Функционални семејства на димензијата на кохезивност имаат урамнотежено ниво на блискост и толеранција за разлики и одвоеност, членовите на семејството се диференцирани, но меѓусебно поврзани, границите на системот се полупропустливи, а улогите се јасно дефинирани. Дисфункционални системи на димензија на кохезивност се семејства со дифузни граници (вмрежени), со нејасна диференцијација и голем притисок за заедништво, од една страна, а од друга страна се семејства со ригидни граници и дистанциран однос помеѓу членовите на семејство.

Функционални семејства на димензија на флексибилност се стабилни семејства во кои постојат константни правила, стабилна структура и одредени ритуали, но истовремено постои можност за промени, односно прилагодување на изменети околности, посебно кога се прашање кризни ситуации. Дисфункционални семејства на димензија на флексибилност се системи во кои е доминантен еден член ан семејството, правилата се ригидни и нема преговори, улогите не се дефинирани. На друга страна на

дисфункционалнст се хаотични семејства кои ги карактеризира дезорганизација, со нејасни и променливи улоги и правила (Matejević, M., 2010).

Гледано од позиција на Цикрумплекс моделот можеме да заклучиме дека функционалните семејни системи на димензиите на кохезивност и флексибилност со отворена комуникација имаат теннденција кон стабилност и одржување рамнотежа, но и потреба за прилагодување на животните околности. Во тие системи се негува и поддржува заедништво, постои поврзаност и блискост на членовите на семејство, но и се почитуваат и индивидуалните разлики на секој член. Сето ова дава можност за индивидуален развој и оптимално остварување на воспитната функција во семејството во фаза на животниот циклус на семејство со адолесцент.

## 3.3. Превенција и интервенции со цел јакнење на семејните капацитети

Семејството и родителите се веројатно најважните карики и имаат несомнено важна улога во намалувањето и превенцијата на насилството. Истражувањата потврдиле дека семејството може да биде ризик фактор за појавата на насилно однесување, но од друга страна, исто така може да претставува протективен фактор кој спречува развој и откривање на врсничкото насилство (Максимовић, Ј. и сор. 2008) доколку семејството негува и развива фактори кои делуваат заштитнички и на своите членови им обезбедува сигурност и љубов.

Во развиените земји проблемот на врсничко насилство се смета за национален проблем и постојат програми кои координираат различни сектори на општеството (образование, здравство, правосудство, социјална работа и други) кои извршуваат различни синхронизирани активности и превземаат различни мерки со цел спречување и превенција на врсничкото насилство. Мерките со кои се настојува да се спречи појавата и ширењето на врсничкото насилство вклучуваат истражувања на национално ниво, големи кампањи против насилството, изготвување на национални планови и програми, формирање на здруженија и организации кои се занимаваат со безбедност и врсничко насилство, па се до медиумски кампањи во вид на покренување на списанија

и посебни веб - страници посветени на вој проблем (Gašić-Pavišić, 2004 спрема Јовановић Мађар, А., 2014).

Превентивните програми за спречување на врсничкото насилство треба да ги вклучуваат сите релевантни фактори и области на животот - образовниот и здравствениот систем, претшколските установи, семејството, локалната и пошироката заедница и, секако, децата и младите, односно сите животни подрачја во кои е присутно влијанието на ризичните и протективните фактори. При создавањето на превентивните програми важно е да се уважуваат специфичните потреби на децата и младите на кои и програмите се насочени, а разновидните и бројни превентивни активности треба да се насочат подеднакво на неутрализирање и елиминирање на негативните влијанија на ризик факторите, како и на развој и јакнење на протективните фактори.

Во идеален случај, програмите за превенција би требало да влијаат на децата и младите од сите аспекти кои имаат влијание на нив (поединци, семејства, заедници и општества) и да се обезбеди континуитет на интервенциите и активностите кои ги опфаќаат сите фази на развојот на младите. Таквите програми би можеле да ги опфаќаат ризик факторите, како што се низок степен на образование, малолетничка бременост, злоупотреба со дрога и други и на тој начин да се одговори на потребите на младите во многу сфери на нивниот живот.

Превентивните програми со цел спречување и намалување на насилството може успешно да се имплементираат во училиштата. Добрите програми на превенција делуваат позитивно не само на промените во општественото однесување на ученикот, туку и на подобар успех во училиштето, на личното здравје на ученикот, како и на успешната работа на училиштето во целина. Превентивните програми, интервенциите и активностите, примерите на добри практики, како и многубројни предлози и сугестии за успешно спроведување на програмата за превенција се опишани во многу трудови (Gašić Pavišić, 2006; Главина и Синдик, 2012; Ђорђевић и Стаменковић, 2003; Ожеговић, 2008; Савовић, 2005; Станић, 2008), а искуствата покажуваат дека најуспешен пристап во превенцијата е оној кој ги опфаќа и учениците и училишниот кадар, кој почнува на рана возраст и ги опфаќа целите на воспитно – образовната програма, односно не се ограничува на поединi ученици или поединi предмети или часови. (Ђуришић, М., 2015:71)

Семејството има примарна одговорност за подигнување и развој на детето, но неопходно е потребно и државата да му помогне на семејството во јакнење на неговите потенцијали кои ќе делуваат како протективни фактори. Според препораката на Генералниот секретар на ОН (UN 2006, Nasilje nad decom) и Светската здравствена организација (World Health Organization. World report on violence and health., Geneva, 2002), државата треба да помогне на семејствата преку развивање или поттикнување на програми кои се однесуваат на следните области:

- Поддршка на родителите или старателите во воспитување и грижа за децата. Ова подразбира дека државата вложува средства во образованието, здравството и социјалната заштита и поддржува изработка, имплементација и развој на квалитетни развојни програми за поддршка и помош на родителите и семејствата на рана возраст на детето (како што се на пр. Патронажните служби за извршување на пренатални и постнатални домашни посети или програми кои би собирале приходи за групата кои се во незавидна материјална положба).
- Поддршка на семејствата кои се наоѓаат во посебно тешки околности како што се семејствата кои се грижат за деца со инвалидитет или тешко хронично оболен член, семејства кои ја доживуваат дискриминацијата по било која основа и др.
- Поддршка на родителите за правилно и ненасилно воспитување на децата со цел унапредување на здравите односи помеѓу родителите и децата, поддржување на родителите да се насочат на конструктивни и позитивни форми на дисциплинирање и пристапи за развој на детето така што ќе ги почитуваат развојните способности на децата и нивните мислења и ставови.

Домашните посети на патронажните служби како превентивна мерка за спречување на насилното однесување кај децата подразбираат редовни посети на медицинска сестра или други стручњаци од здравствената и социјалната заштита во домовите на деца на возраст до 3 години старост. Целта е на родителите да им се обезбеди обука, поддршка, советување, надгледување како и да им се дадат информации, да се упатат или да се изврши посредување кај други служби за остварување на права и помош за семејствата или мајки кои се со понизок материјален статус, за семејства кои се во ризик од насилство во семејството или каде постои сомневање на малтретирање на деца, или за семејства кои имаат други здравствени

проблеми. Вакви програми на домашни посети се спроведуваат во многу земји во Европа и светот и утврдено е дека се многу корисни, и дека имаат долгорочни позитивни ефекти во намалувањето на насилството помеѓу децата и деликвенцијата. Колку порано се започне со примена на вакви програми (на што помала возраст на детето) и колку подолго траат, нивните очекувани ефекти ќе бидат подобри и од поголема корист.

Според истражувањата направени во САД, развивањето на програми и политики за намалување на концентрацијата на сиромаштија во урбаните средини исто така може да биде ефикасна во борбата против насилство на младите. Други стратегии кои можат да бидат ефикасни во спречувањето на насилството на децата и младите кои се однесуваат на општествено - економските и културните фактори вклучуваат кампањи на јавно информирање за менување на општествените норми и промоција на ненасилно однесување, напори да се намали насилството во медиумите, програми за намалување на социјалната и материјална нееднаквост, напори за јакнење и подобрување на работата на полицијата и правосудниот систем, институционални реформи на образовниот систем.

Програмите за обука за развој на родителските вештини имаат за цел да ги подобрат семејните односи и методи на воспитување како би се на тој начин намалило насилството кај младите личности. Целите на овие обуки вклучуваат подобрување на односите и емотивните врски помеѓу родителите и нивните деца, поттикнување на родителите да ги користат доследно воспитните методи и помош на родителите да развиваат самоконтрола во воспитувањето на децата.

Во превенцијата на насилството кај децата и младите се користат и различни терапевтски програми кои имаа заедничка цел да се подобри комуникацијата и односите помеѓу родителите и децата и да се решат проблемите кои се јавуваат. Освен тоа, некои од овие програми даваат помош на семејствата да се изборат со факторите на средината кои придонесуваат за насилното однесување на децата и што подобро да се искористат ресурсите во заедницата. Докажано е дека Функционалната семејна терапија и Мултисистемската терапија се ефикасни во подобрување на функционирањето на семејствата и намалување на проблемите во однесувањето кај децата, односно дека имаат долгорочни позитивни ефекти на намалување на насилното

и деликвентно однесување на децата и младите. (World Health Organization. World report on violence and health., Geneva, 2002).

Програмите кои се однесуваат на семејството би требало да бидат насочени на:

- Подобрување на комуникацијата помеѓу членовите на семејството низ учење на членовите на семејството, родителите и децата, ненасилни и квалитетни комуникациски вештини,
- Насочување на воспитните ставови и дисциплински методи на родителите кон ненасилни и насочени на развој на здрави личности,
- Подобрување на семејните односи и поврзаноста на членовите на семејството
- Стабилност на семејните правила и улоги

Помош и поддршка на семејствата, а посебно на родителите во решавање на задачите и остварувањето на целите е неопходно, посебно во ситуации на зголемен стрес и присутност на симптоматско однесување на некој член на семејството. Родителите ги градат своите улоги и модели на воспитување на децата врз основа на влијанието на културата и традицијата, од една страна, и потребите кои пред нив ги поставува современото родителство и современиот начин на живот, од друга страна. Во медиумите и популарната литература се нудат бројни совети за современите методи и ставови поврзани за развојот на детето и за родителските улоги, кои често се квазиекспертски, па и контрадикторни. Поради се ова, родителите својата улога ја доживуваат хаотично и чувствуваат збунетост и несигурност по прашање на сопствените капацитети за ефикасно родителство и прави начини за воспитување на детето. (Matejević, M., Todorović, J. Kultura kao dimenzija kompetentnog roditeljstva).

Терапевтските програми (тоа што е познато како семејни советувалишта) својата работа со семејствата често ја базираат на подобрување на комуникацијата и односите помеѓу членовите на семејството, па со самото тоа и подобрување на чувствата кои членовите на семејството ги имаат едни за други.

Усвојувањето на вештини ненасилни и здрави, отворени комуникации значи дека ченовите на семејството треба да ги усвојат следните правила: комуникацијата треба да биде директна, наменета за личности на кои се однесува, потребно е да постои усогласеност помеѓу вербалните и невербалните пораки, пораките кои се праќаат треба да бидат недвосмислени, со директната и отворена комуникација отворено се пренесуваат и чувствата, со пораките кои се праќаат се изразува почитување кон

чувствата и потребите на другите членови на семејството, со комуникацијата се покажува интересирање за тоа што го работат другите членови на семејството, проблемите се заеднички и договорно се решаваат, на тој начин да се согледуваат сите ресурси, можности и потешкотии и донесуваат заеднички одлуки. Minuchin (1974) и Haley (1963), во тераписката и советодавната работа со семејствата ја нагласувале потребата за структурни и стратешки промени кои имаат за цел да се подобрат флексибилноста на семејното функционирање. Освен тоа, Минуќин се занимавал и со проблемите на вмрежените и одвоени семејства во различни фази на семејниот развој (вмреженост и одвоеност се спротивни полови на димензијата на кохезија).

Удобната и стабилна семејна основа за адолесцентите кои се во ризик од врсничко насилство може да обезбедат советодавна и тераписка работа на семејната кохезивност и подобрување на чувствата на емоционалната сигурност и оптималната блискост во семејствата (Masselam V.S., и сор. 1990).

Во советодавната и терапевтска работа позната е дека работата со насилство е сложен проблем и дека бара системски пристап. Бројните истражувања покажале дека семејството, односно научените форми на однесување во семејството се во директна врска со насилното однесување на децата и младите, односно дека присуството на насилно однесување во семејството придонесува детето да го усвои истиот модел на однесување. На тој начин насилството се пренесува низ генерациите во семејството. Од друга страна, родителите кои избегнуваат меѓусебни конфликти и премногу ги заштитуваат своите деца, им отежнуваат на децата да научат како да се постават во насилна ситуација. (Јовановић Мађар, А., 2014).

Остварувањето на воспитната функција на семејството, која е една од најзначајните функции на современото семејство, поврзано со формите на функционирање на семејството, односно семејното функционирање ги одредува капацитетите на семејството за остварување на воспитната функција (од гледна точка на системски пристап). Резултатите од поновите истражувања (Place и сор. 2007 спрема Matejević, M., 2010), покажале дека програмите и интервенциите насочени само на моделите на родителства и комуникациски вештини, кои во почетокот се успешни, сепак не покажуваат долготрајни ефекти, бидејќи тие не можат значително да влијаат на преовладувачкиот модел на функционирање на семејството. Програмите за јакнење на родителските капацитети и воспитните вештини, како и програмите за подобрување

на комуникациите се потребни, но, за постигнување на трајни и адекватни ефекти на интервенцијата покорисно би било да се осмисли сеопфатен пристап на семејството кој би бил насочен на формите на семејното функционирање, при што би се влијаело и на родителските компетенции и на комуникациските вештини.

Целите на ваквите интервенции не се само решавање и надминување на моменталниот проблем, туку и развивање на способности потребни за промена на формата на семејното функционирање, што е неопходно потребно како семејството на адекватен начин би ги решавало проблемите на стресот како и другите проблеми со кои се сретнува низ транзитирањето од една до друга фаза на животниот циклус. Помеѓу останатото, ова овозможува семејството со што помалку трауматични искуства да ја остварува и својата воспитна функција.

Пример за сеопфатна програма на обука за родителите е и Triple P - Positive Parenting Programme, односно Програма за Позитивно Родителство, која е создадена во Австралија (осмислена и основана е од професорот по клиничка психологија од Бризбејн, Matt Sanders). Оваа програма претставува систем на поддршка наменет за родители и семејства која е осмислена за превенција, но и третман на емоционални и проблеми во однесувањето кај децата и адолесцентите. Целите на програмата се спречување на проблемите во семејството, училиштето и заедницата пред да се појават и создавање на семејно опкружување кое ќе биде поттикнувачко за децтаа во остварувањето на нивните потенцијали (http://www.triplep.net). Програмата опфаќа медијска кампања на населението со цел прибирање на родителите и здравствениот систем поради консултации со лекарите на општа пракса со цел подобрување на родителството. На родителите и семејствата со деца кои имаат сериозни проблеми во однесувањето понудени им се и интензивни интервенции. Оваа програма или некои нејзини елементи се спроведувале или сеуште се спроведуваат во Кина (Хонг Конг), Германија, во Нов Зеланд, во Сингапур и во Велика Британија. Според резултатите на студијата, оваа програма се покажала успешна, а постојат и докази за долгорочни ефекти во намалувањето на асоцијалното однесување.

Во литературата може да се најдат и предлози за програми наменети за спречување или намалување на насилството помеѓу децата и младите, кои вклучуваат работа со семејството, но кои не подразбираат промени внатре во самиот семеен систем, односно нема директно интервенирање внатре во семејството.

Еден од таквите програми е и Менторска програма која се темели на претпоставки дека еден од заштитните фактори за насилство на младите може да биде и топол и поддржувачки однос со возрасна личност која претставува позитивен модел на младите. Менторските програми базирани на оваа теорија ги спојуваат младите личности, посебно младите кои се во висок ризик да развиваат асоцијално или насилно однесување, со возрасна личност надвор од семејството, односно со менторот. Менторите може да бидат постари колеги, наставници, советници, полицајци или други членов ина заедницата. Целите на овие програми се помош на младите луѓе да развиваат вештини и да се овозможи постојан однос со некој кој е нивен модел и водач (World report on violence and health. World Health Organization, Geneva, 2002:42)

Експертите предлагаат уште еден модел на работа за спречување на насилството, низ партнерска соработка со училиштето и семејството. Овој модел претпоставува партнерски однос во кој е вклучен барем еден родител и барем еден претставник од училиштето, кои имаат заеднички интерес и споделена одговорност, заеднички поставуваат цели и донесуваат одлуки. Сите учесници во партнерскиот однос вложуваат сопствени ресурси во корист на создавање на кооперативен однос на меѓузависност. Меѓутоа, партнерскиот однос помеѓу семејството и училиштето зависи од законот за образование, семејните карактеристики (вредности, верувања, очекувања, односот кон образованието), карактеристиките на училиштето (верувања, вредности и очекувања на наставникот, големина и организациска структура на училиштето и др.), како и од карактеристиките и влијанието на локалната заедница (норми, вредности и очекувања на пошироката општествена заедница).

Кристенсон (Christenson, 2004) наведува дека за изработка на конструктивен партнерски однос неопходно е постоење на четири услови (познат како „4А“): Approach (пристап) - пристап кој го препознава значењето на семејството и улогата на родителите во образованието, односно дека присуството на родителите во училиштето е неопходно, а не само посакувано. Attitudes (ставови) - семејството и училиштето се потребни едни на други, односно дека и родителите и училиштето имаат позитивен однос кон партнерството кој подразбира меѓусебно почитување, фокусирање на заедничкиот интерес, размена на информации, поделба на одговорноста и заедничко планирање, одлучување и учествување во постигнување на целите. Atmosphere (атмосфера) - адекватна училишна клима која се одликува со доверба, ефикасна

комуникација и взаемно решавање на проблемите. Actions (акција) - постоење на стратегија за изградба на долгорочно партнерство. Партнерскиот однос помеѓу родителите и училиштето би требало да им користи на сите, и на родителите, и на учениците и наставниците, помеѓу останатото и на полето на решавање на проблеми, па и на проблемите со насилство во училиштето. (Zuković, S., Knežević - Florić, O., 2014).

# ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

# ВОВЕД

Со насилствата во училиштата денес се соочуваат голем број на ученици, наставници и родители. Негативните физички и психички последици кое врсничкото насилство го остава на децата и младите можат да бидат бројни и многу долго да траат. Денес, четириесетина година после првите истражувања на врсничкото насилство, многу стручњаци наведуваат дека врсничкото насилство во училиштата и понатаму има тенденција на растење, односно дека се повеќе е застапено во општеството во кое живееме. Евидентната присутност, но и ескалирањето на појавата на врсничкото насилство во училиштата и агресивноста на децата и младите воопшто, особено кај младите на основношколска возраст во почетниот период на адолесценција, претставува проблем сам по себе. Тоа е причина зошто е потребно да се прават истражувања за агресивно и насилно однесување на децата и младите со цел да се стекнат знаења потребни за подобро разбирање и објаснување на проблемот и со тоа да се придонесе за успешна превенција на ваквото однесување и ублажување на евентуалните последици.

Во овој труд се испитуваат семејните фактори (социоекономски статус на семејствата, семејната комуникација, семејното функционирање, воспитните ставови на родителите) кои можат да ја зголемат веројатноста дека детето или младата личност се најде во ситуација на насилство како насилник, жртва или насилник/жртва. Од друга страна, истите овие фактори, кога функционирањето на семејството е оптимално, може да делуваат и како заштитни фактори. На функционирањето на семејствата во голема мерка влијаат и актуелните процеси кои се случуваат во државата. Во Република Македонија како многу влијателен фактор секако е економската ситуација. Македонските семејства се борат за економско и финансиско опстојување, сиромаштијата е очигледно присутна. Овие промени во општествената сфера довеле и до промени во семејните вредности и ставови. Во Македонија нема многу системски истражувања на оваа тема, а од податоците што постојат, се гледа дека врсничкото насилство е присутно во значајна мерка и станува сериозен општествен проблем во нашата земја.

Да се надеваме дека овој труд ќе биде инспиритивна подлога за понатамошни истражувања, а дека резултатите од ова истражување ќе ја истакнат потребата и значењето на поддршката на семејствата за успешно надминување на проблемите, создавање и негување на семејната клима на прифаќање, толеранција и уважување и едукација на родителите поради подигнување на нивните компетенции. Исто така да се надеваме дека овој труд ќе им помогне на стручњаците во развивањето на идеи за начините на кои можат да го промовираат ненасилството и помогнат на семејствата по пат на превентивни програми за врсничко насилство.

# 1. ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Насилството не познава културолошки или социјални разлики и не мора да има секогаш иста форма. Без оглед во какви услови или форми се случува, насилството остава зад себе долгорочни, разорувачки и неизбришливи последици. Последиците од врсничкото насилство се многу сериозни како за децата кои што го трпат насилството, исто така и за оние кои го вршат насилството, но и за оние личности кои се набљудувачи и сведоци.

Зошто некои деца се однесуваат насилно кон другите? Зошто некои деца се изложени и страдаат од малтретирањето од страна на другите?

Идентификацијата и дескрипцијата на факторите на ризик за појава на врсничко насилство е од голема важност, бидејќи тоа дава основа за дизајнирање на превентивни интервенции и дава придонес на научно основање на превенцијата. Фактори на ризикот или ризик фактори се фактори кои предвидуваат зголемен ризик и ја зголемуваат веројатноста на појава и развој на агресивно однесување. Од друга страна, постојат и протективни фактори кои пружаат отпор на ризичните фактори и делуваат во спротивна насока. Причините за агресивно однесување се многу сложени, а како најчести фактори се спомнуваат разни настани во семејството, неуспех во училиштето, медиумите и пошироките општествени околности (Ѓуришиќ, 2015). Важен фактор, ако не и најважен во животот на детето и во формирање на неговото однесување, секако е семејството и семејните услови во кои детето расте. Голем број на студии во светот и во нашиот регион се занимавале со истражување на присуство и типови на врсничко насилство, како и со семејни факторите на ризик за појава на врсничко насилство. Резултатите од тие истражувања покажуваат дека постои корелација помеѓу одредени социоекономски и семејни фактори и насилното однесување на децата.

Во Република Македонија нема многу истражувања во врска со овој проблем, што ја наметнува потребата за понатамошни истражувања на оваа појава, на овие простори, за да се одговори на прашањето дали постои врска и на кој начин факторите во семејното опкружување, условите за растење на децата и функционирањето на семејствата во Централна Македонија влијаат врз оваа појава и врз манифестирањето на агресивно однесување на децата во училиштето, како за учениците кои се

однесуваат насилно кон своите врсници, така и за децата кои трпат насилно однесување од страна на врсниците.

Досега кажаното го дефинира и проблемот на ова истражување. Со цел да се добие појасна слика за појавата на врсничко насилство во училиштата, во ова истражување ја испитував врската помеѓу насилното однесување на децата во училиштето со условите за живот на децата во семејството, т.е. социоекономските и семејните фактори на ризик кои влијаат на оваа појава и нејзината фреквенција.

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

***Основна цел*** на истражувањето е да се утврди поврзаноста помеѓу насилното однесување кај децата во училиштето со условите за живот на децата во семејството, односно со социо-економските и семејните фактори на ризик кои влијаат на оваа појава. Од основната цел произлегуваат и ***специфичните цели***:

- Да се утврди како учениците ја перцепираат својата улога во насилни интеракции помеѓу врсниците во училиштето, како и зачестеноста на оваа појава во основните училишта во централниот дел на Македонија во последните 3 месеци
- Да се утврди кои фактори на ризик и во која мера придонесуваат за настанувањето и манифестацијата на насилство меѓу врсниците во основните училишта, и тоа и за позицијата на насилникот и за позицијата на жртвата
- Да се испита и да се утврди причинско - последичната врска помеѓу социоекономскиот статус на семејство и самоперцепираната улога на насилникот/жртва во насилна интеракција помеѓу учениците во училиштето
- Да се испита и да се утврди причинско - последователната врска помеѓу карактеристиките на семејната средина (семејна комуникација, адаптибилности и кохезивност) и самоперцепираната улога на насилникот/жртва во насилна интеракција помеѓу учениците во училиштето
- Да се испита и утврди причинско - последователна врска помеѓу воспитни ставови на родителите со самоперципирана улога на насилникот/жртва во насилна интеракција помеѓу учениците во училиштето.

Очекувани резултати на ова истражување, односно одговори на прашањата кои структурни и процедурални карактеристики на семејната средина и на кој начин влијаат на појавата на насилно однесување меѓу децата во училиштето практично ќе бидат насочени на зајакнување на семејните ресурси на семејствата со деца на основношколска возраст кои ќе делуваат како протективни фактори и што понатаму може да се подобри во однесувањето на децата во насока на намалување на нивното насилно однесување и зголемување на позитивни обрасци на однесувањето.

Конечно, со ова истражување треба да се добијат нови сознанија за појавата на врсничко насилство (во Централна Македонија), кои ќе бидат сигурни и врз научна основа и кои ќе можат да се користат за понатамошни истражувања или за практична примена во процесот на осмислување на програма за превенција од врсничко насилство.

Врз основа на наведените цели се утврдени и следните **задачи на истражувањето**:

- Да се утврди колку е присутно врсничкото насилство во основните училишта во Централна Македонија во последните 3 месеци преку самопроценување на учениците за улогата на насилниците и / или жртви во насилната врска помеѓу врсниците
- Да се утврди дали постои поврзаност помеѓу појавата и зачестеноста на врсничко насилство и полот, местото на живеење (село - град), и исто од позицијата на насилникот и жртва
- Да се утврди дали постои поврзаност помеѓу појавата и зачестеноста на врсничко насилство и социоекономскиот статус на семејствата
- Да се утврди дали постои поврзаност помеѓу појавата и зачестеноста на врсничко насилство и процесните карактеристики на семејството (семејна комуникација, адаптибилност и кохезивност, воспитен стил на родителите)
- Да се утврди кои фактори (пол, финансиска состојба на семејството, социоекономскиот статус на семејството, кохезивност и флексибилност на семејството, семејната комуникација, воспитниот стил на родителите) подобро ја објаснуваат позицијата на насилник во насилната врсничка интеракција
- Да се утврди кои фактори (пол, финансиска состојба на семејството, социоекономскиот статус на семејството, кохезивност и флексибилност на

семејството, семејната комуникација, воспитниот стил на родителите) подобро ја објаснуваат позицијата на жртва во насилната врсничка интеракција.

# 3. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

***Генерална претпоставка*** на ова истражување е дека семејните услови во кои децата растат, влијаат на појавата на насилство кај децата.

***Општата хипотеза*** на истражување е дека факторите на ризик за појава на врсничко насилство се: пол, социоекономскиот статус на семејството, структурата на семејството (нецелосни семејства), лоша комуникација во семејството, недоследни воспитни ставови на родителите, ригидни и хаотични семејства.

***Посебни хипотези***:

- Момчињата се во поголема мера изложени и склони кон врсничко насилство од девојчињата
- Манифестирањето на врсничко насилство нема важна поврзаност со местото на живеење (село - град)
- Врсничкото насилство е поврзано со пониски социоекономскиот статус на семејства (се однесува на манифестирање и на изложеноста на насилно однесување)
- Деца од нецелосни семејства (со еден родител) имаат поголем ризик за манифестирање на врсничко насилство
- Врсничкото насилство е поврзано со лошата комуникација помеѓу членовите на семејството (се однесува на манифестирање и на изложеноста на насилно однесување)
- Врсничкото насилство е поврзано со воспитните стилови на родителите (се однесува на манифестирање и на изложеноста на насилно однесување)
- Децата од семејства со екстремни вредности на флексибилност (адаптибилност) и поврзаност (кохезивност)  имаат поголем ризик за манифестирање на врсничко насилство

# 4. ПРИМЕРОК И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Примерокот на истражување опфаќа 320 ученици од предметна настава односно шестто, седмо, осмо и деветто одделение од основните училишта во Општина Велес и околните места, на возраст од 12 - 15 години и нивните родители. Со примерокот се опфатени ученици и нивните родители во две селски училишта и тоа: ООУ „Стојан Бурчевски - Буридан“, село Иванковци и ООУ „Рајко Жинзифов“, село Горно Оризари и во две училишта во градот Велес и тоа: ООУ „Васил Главинов“ и ООУ „Блаже Конески“. Во тек на анализа на прашалниците, елиминирани се 49 прашалника кои беа непотполни, па конечниот број на испитаниците изнесува 271. Учениците пополнуваа Прашалник наменет за нив кои го сочинуваат прашалникот PRONA и прашања во врска со семејната комуникација и воспитните стилови на родителите. Родителите на учениците пополнуваа Прашалник наменет за нив кои го сочинуваат прашања за социоекономскиот статус на семејството и прашалник FACES III.

Структура на примерокот во однос на пол, одделение и место на поаѓање на училиштето прикажано е во Табела 2.

*Табела 2 -* ***Структура на примерокот на испитаниците***

| | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| **Пол** | ***Машки*** | 109 | 40.22% |
| | ***Женски*** | 162 | 59.78% |
| **Одделение** | ***Шестто*** | 78 | 28.78% |
| | ***Седмо*** | 64 | 23.62% |
| | ***Осмо*** | 79 | 29.15% |
| | ***Деветто*** | 50 | 18.45% |
| **Место на живеење** | ***Село*** | 47 | 17.34% |
| | ***Град*** | 224 | 82.66% |

Истражувањето е спроведено во периодот мај - јуни 2016 година, во секое одделение посебно, за времетраење на наставата и во присуство на наставник. За согласност и учество во истражувањето претходно, во личен контакт, прашани се директорите на сите училишта, кои во усен разговор беа известени за целта и целите на истражувањето, и од нив беше побарана согласност за спроведување на истражувањето. Сите директори дадоа усна согласност. На директорите им беше врачена и писмена молба за спроведување на истражувањето со објаснување.

На секој Прашалник за ученикот е напишано упатство за пополнување кое гласи:

*Драги ученици!*

*Со овој прашалник сакам да го дознаам Вашето мислење за тоа колку е присутно насилството во Вашата училница и во училиштето, како и кои се воспитните ставови на твоите родители. Во овој прашалник нема точни и неточни одговори и затоа Ве молам внимателно прочитајте ги сите прашања и одговорете целосно искрено и отворено, бидејќи е важно да знам што мисли секој од Вас. Испитувањето е целосно анонимно и резултатите се доверливи, што значи дека не мора да го пишувате своето име, но важно е да ги пополните сите други податоци.*

*Вашето учество во истражувањето е доброволно. Доколку не сакате да учествувате во испитувањето, слободно веднаш известете.*

*Однапред Ви благодарам на соработката*!

Во прашалникот, истотака е наведено што се подразбира под насилно однесување, а што не, и тоа гласи:

*За подобро разбирање треба да се знае кога ќе се каже дека некој се однесува насилнички, тогаш се мисли дека тој со своите постапки му нанесува на друго дете болка, страв и срам. Насилно однесување е однесувањето кое има за цел намерно да се нанесува болка, страв и понижување.*

*Пријателски закачки и расправии како и случајно нанесување на штета на друго дете НЕ е насилно однесување*

Потоа на учениците им се дадени Прашалници за родителите со објаснување дека истите треба да ги пополнат нивните родители, кои тие ги однесоа во своите

домови и пополнети ги вратија на наставниците во училиште. Прашалниците за да не се измешаат, секој пар Прашалници за ученици и Прашалници за родители се означени со ист број.

На почетокот на Прашалникот за родители е напишано упатство кое гласи:

*Почитувани родители/старатели,*

*Пред Вас се наоѓа прашалник кој е дел од истражувачки проект кој што има за цел да придонесе кон подобро разбирање на функционирањето на семејствата и однесувањето на децата во Македонија. Првиот дел на прашалникот Вашите деца веќе го пополнија во училиште. Со одговорите на прашањата вие ќе дадете личен придонес за научно истражувачката работа, за согледување на семејните услови и однесувањето на децата. На тој начин Вие ќе бидете соработници во индивидуален истражувачки магистерски проект, чија реализација е во тек. Анкетирањето е анонимно, со нагласување дека ниту еден од Вашите одговори нема да биде злоупотребен и нема да се употреби за друга намена. Затоа, Ве молам да бидете искрени во одговорите. Немате никаква обврска да учествувате во ова истражување, но без Вашата соработка и помош истражувањето не може да се реализира.*

*Ви благодарам однапред на Вашата соработка и волјата да помогнете да дознеме повеќе за семејствата и однесувањето на децата.*

# 5. ВАРИЈАБЛИ СО ИНДИКАТОРИ

**Независни варијабли**:

- Пол на испитаниците (машки - женски)
- Социоекономски статус - опфаќа четири аспекти: приходи на домаќинството, статусот на домување, вработување на родителите (за мајка и татко одвоено), степен на образование на родителите (за мајка и татко одвоено). Вредностите на овие варијабли се движат од 1 - 6, каде 1 е најнискиот социоекономски статус (најниски примања, подстанари, невработени родители, немаат завршено основно образование), додека 6 највисок социоекономски статус (и двајцата родители се

вработени, имаат универзитетска диплома, магистерски или докторски студии, сопственици на стан/куќа)

- Место на живеење (село или град)
- конфигурација на семејството (број на членови на семејството, број на деца, брачен статус на родителите)
- Комуникација во рамките на семејството
- Семејно функционирање – низ проценка за кохезивноста и адаптибилноста на семејствата и типот на семејства мерено со прашалникот FACES III
- Воспитни ставови на родителите. Оваа варијабла ги мери воспитните ставови на родителите на димензиите топло - ладно и попустливо - ограничувачки, а мерена е со Прашалникот на воспитни ставови (Коџопељиќ и сор., 2006)

**Зависни варијабли**:

- Манифестирање на врсничко насилство во училиштето
- Изложеност на врсничко насилство во училиштето, врз основа на самопроценување во последните три месеци и вклучува физичко врсничко насилство, навреди, закани, интриги, принудување, вербално малтретирање, потсмев.
  Мерена е со Прашалникот за проценка на насилство - ПРОНА

При анализирањето на резултатите од истражувањето во значаен број се појави група на испитаници кои се изјасниле дека истовремено биле изложени и склони кон насилно однесување, па сметам дека, поради правилна анализа на податоците потребно е да се сврсти уште една зависна варијабла – виктимизација и насилство во училиштето.

Во понатамошна обработка и прикажување на податоците и резултатите од истражувањето, за да се олесни, овие три варијабли ќе ги нарекувам:

- Манифестирање на врсничко насилство во училиштето - **склоноста**
- Изложеност на врсничко насилнство во училиштето - **изложеност**
- Изложеност и истовремено склоноста кон врсничко насилство - **изложеност и склоност**

За анализа на резултатите ги користев параметрите кои се однесуваат на сите три зависни варијабли и ги споредував со параметрите кои се однесуваат на незвисните

варијабли. Параметрите кои претставуваат три зависни варијабли го сочинуваат помал дел од вкупниот број на испитаници. При анализа на податоците поголем број на прашалници кои не се однесуваат ниту на една од зависните варијабли не ги користев за анализа на податоците, освен во случај кога го анализирав целиот примерок на истражувањето.

# 6. ИНСТРУМЕНТИ

За испитување на форми и фреквенција на врсничкото насилство помеѓу учениците во училиштето користен е инструмент кој е сочинет врз база на постоечки инструменти кои се наменети за мерење на врсничко насилство. Основен инструмент е прашалникот PRONA, односно Проценка на насилно однесување (Процена насилног понашања - Чоловић П., Коџопељић, Ј., Николашевић, Ж., 2014), а кој е наменет за самопроценка на однесувањето кое е карактеристично за насилна интеракција помеѓу учениците од основните и средните училишта. Оригиналниот прашалник се состои од 20 ставки, а за потребите на ова истражување е изменет и му се додадени уште 4 искази кои се однесуваат на изложеност или трпење на електронското насилство (cyberbullying). Конечно, прашалникот содржи 24 искази со четири нивоа за одговори, каде испитаниците ја проценуваат фреквенцијата на одредено однесување која се јавува во насилната интеракција. Испитаниците се известени дека одговорите се однесуваат на периодот во последните три месеци, а нивоата на одговори се означени како „не се случило ниту еднаш“ (1), се случило еднаш или двапати (2), се случило повеќе пати (3) и се случува често или секојдневно (4). Исто така, испитаниците се информирани за тоа што се подразбира под насилно однесување, односно тоа е однесувањето кое има за цел намерно да се нанесува болка, страв и понижување, како и тоа дека пријателски закачки и расправии како и случајно нанесување на штета на друго дете не е насилно однесување. Прашалникот се состои од две групи на прашања. Првата група, се однесува на изложеност на врсничко насилство, опфаќа индикатори на трпење на врсничко насилство и однесување во улогата на жртва. Втората група на прашања се однесува на тенденцијата кон насилно однесување и содржи елементи кои се поврзани со манифестација на физичка агресија (на пример, лесни и тешки форми на

физичко насилство) и психолошко, односно емоционално насилство. (Чоловиħ П., и сор. 2014, Максимовиħ, Ј. и сор. 2008)

Прашањата во врска со социоекономскиот статус се наменети за родителите и се однесуваат на четирите аспекти на нивниот личен и семеен социоекономски статус и тие се: висина на приходи во домаќинството, образовен статус и вработеност на родителите и стамбени услови на семејството. Врз темел на овие информации формирана е нова варијабла на социоекономскиот статус на семејството во која вредностите се движат од 1 (најнискиот социоекономски статус - најнизок приход, двајца родителите невработени и со најниско образование, семејство живее под кирија или во социјално домување) до 6 (највисок социоекономскиот статус - двајца родителите се вработени со сопствен бизнис, со магистратура или докторат, приходи на семејството се над 55 000, семејство живее во сопствена куќа или стан). Резултатите се добиени врз основа на аритметичка средина на стамбени услови и приходи за семејство и вработување и образовен статус за татко и мајка. На овој начин, теоретски, одговорите се движат од 1 до 4.

За испитување на функционирањето на семејството користен е прашалникот FACES III (Family Adaptibility & Cohesion Scale) – инструмент којшто е развиен да се операционализира Циркумплекс моделот кој се базира на принципите на Системската семејна терапија кој што се применува за проучување на семејните односи и семејната динамика. Прашалникот се состои од 20 ставки, од кои 10 се однесуваат на семејната кохезија (емотивна врска меѓу членовите на семејството) и 10 на семејната адаптибилност или флексибилност (способност на прилагодување на промените во семејните улоги и правила). Овој модел ги идентификува четирите нивоа на кохезија (од незадолжителни преку одвоени и поврзани до вмрежени семејства) и четири нивоа на прилагодување (ригидни, структурирани, флексибилни и хаотични). Со комбинирање на четирите нивоа на кохезија со четирите нивоа на адаптибилност, се добиваат шеснаесет видови на семејни системи. (Олсон, 2000). Испитаниците заокружуваат одговори на петтостепена скала од типот на Ликерт (од 1 - скоро никогаш до 5 - скоро секогаш).

Дополнително, на скалата се додани уште шест ставки – три се однесуваат на семејната комуникација, а три на семејните конфликти. Ставките се превземени од Инвентар на семејна самопроценка - Beavers' Self-Report Family Inventory (SFI)

(Beavers, Hampson, & Hulgus, 1985 спрема Randall T.D. 1995). Наместо да поставувам одделени прашања во врска со семејната комуникација, користев ставки бидејќи сметам дека се полесни за разбирање и се надоврзуваат на претходните прашалници. На тој начин самиот прашалник е поекономичен и поедноставае за пополнување.

За испитување на воспитните ставови на родителите како фактор на ризик за формирање и изразување на врсничко насилство го користев Прашалникот на воспитните ставови (Upitnik vaspitnih stavova - Kodžopeljić, J. Štula, J. i Genc, L. 2006). Прашалникот е наменет за проценка на воспитните ставови на родителите од страна на децата кои се на адолесцентска возраст или постари. Воспитните ставови на таткото и мајката се проценуваат одвоено. Прашалникот е за потребите на ова истражување, од почетните 44 искази намален на 20 искази. Овие искази се однесуваат на две димензии на односот помеѓу родителите и децата (во склад со Шеферовиот дводимензионален модел на воспитување): афективна димензија со крајните полови топло наспроти ладно и димензија на контрола со крајни полови попустливо наспроти ограничувачко (контролирачко) воспитување. Секој исказ содржи опис на однесувањето на родителите, и испитаниците ги проценуваат колку е тоа однесување карактеристично за неговиот татко и неговата мајката, така што ги заокружуваат броевите на тростепената скала: 1 - воопшто не се согласувам, 2 - делумно се согласувам и 3 - потполно се согласувам (Nedimović T. 2010).

# 7. РЕЗУЛТАТИ

## 7.1. Зачестеност и улога на ученикот во врсничкото насилство

Со истражувањето се собрани и добиени податоци за различни облици на училишно насилство и неговата распространетост во училиштата кои се опфатени со истражувањето. Овие податоци укажуваат на сликата на почетната состојба која може да послужи за планирање на активности и заедничка акција внатре во училиштето. Според еден (многу низок) критериум за проценка на насилството во училиштата, веќе и едно или две искуства во изминатите три месеци кои се во врска со насилство може да имаат болни последици и може да се сметаат за насилство (Попадић, Д., Плут, Д. 2007), истражувањето ги даде следниве резултати:

- 15% ученици ниту еднаш не искусиле, ниту направиле ниеден облик на насилство во последните три месеци
- 85% ученици се изјасниле дека барем еднаш или два пати искусиле или направиле насилен акт кон друг ученик
- 72% ученици се изјасниле дека барем еднаш биле изложени или искусиле насилство од страна на друг ученик




*Графикон 2* - ***Појава на врсничко насилство (вкупно)***

Спрема вториот критериум насилното однесување е условено со повторувањето на истото однесување (напад, повредување и др.), односно, насилното однесување е она кое во претходните три месеци се случило повеќе пати или се случувало секојдневно (се однесува и на изложеност и на склоноста кон насилното однесување). На овој начин од анализите се елиминираат инцидентите и случајните конфликти. Спрема овој критериум, резултатите од истражувањето се следниве:

- 12% ученици доживеале повторено насилство (еден или повеќе облици), односно некој облик на намерно и систематско малтретирање од врсниците
- 16% ученици изјавуваат дека намерно и повеќе пати или секојдневно на некој начин се однесуваат насилно кон други ученици
- 12.5% од вкупниот број на ученици изјавуваат дека кон другите ученици се однесуваат насилно и истовремено и самите биле жртви на насилство од страна на други ученици




*Графикон 3 -* ***Повторено врсничко насилство***

Резултатите за присутноста на насилство во училиштата кои се однесуваат посебно на изложеност и посебно на склоноста кон врсничко насилство, спрема возраста, се прикажани во Табела 3. Напомена: во табелата процентите се дадени во однос на вкупен број на испитаници во секое одделение.

*Табела 3 -* ***Самопроценка на изложеност и склоноста кон врсничко насилство - одделение***

| Одделение | изложеност | | склоност | | изложеност и склоност | | Σ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| **VI (78 испитаници)** | 8 | 10.3% | 8 | 10.3% | 13 | **17%** | 29 | 37.2% |
| **VII (64)** | 15 | **23.4%** | 9 | 14% | 6 | 9.4% | 30 | **46.9%** |
| **VIII (79)** | 6 | 7.6% | 21 | **26.6%** | 10 | 12.65% | 37 | **46.8%** |
| **IX (50)** | 4 | 8% | 6 | 12% | 5 | 10% | 15 | 30% |
| **Σ** | 33 | 12.2% | 44 | 16.2% | 34 | 12.5% | 111 | 41% |

Ако овие резултати би ги пресликале на некое просечно одделение од 25 ученици, би кажале дека 15 ученика од тоа одделение не биле вклучени во насилни интеракции, 3 биле изложени на повторено врсничко насилство, 4 повеќе пати биле насилни кон друг ученик, додека 3 малтретирале други ученици и истовремено биле изложени на малтретирање од страна на други ученици.

Следниве две табели (4а и 4б) ги прикажуваат одговорите на учениците за присутноста и зачестеноста на одредени форми на насилно однесување. Посебно се одвоени искази кои се однесуваат на изложеност на насилно однесување, а посебно искази кои се однесуваат на склоноста кон насилно однесување. Со анализа на резултатите за поединечни искази во врска со формите на правење и трпење на насилното однесување, добиени се следните резултати:

*Табела 4а - **Форми на врсничко насилство на кои беа изложени учениците во последните три месеци***

| | Искази | Не се случило ниту еднаш | Се случило еднаш или двапати | Се случило повеќе пати | Се случува често или секојдневно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Другите деца ме замолчуваат кога се обидувам нешто да кажам | 61.6% | 26% | 4.3% | 1.2% |
| 2. | Некои деца ме задеваат | 62.3% | 28.3% | 7.6% | 1.8% |
| 3. | Некои деца ми се потсмеваат | 71.7% | 18.5% | 6.2% | 2.3% |
| 4. | Ме претепаа други деца во училиштето | 95% | 4.4% | 0.4% | 0 |
| 5. | Други деца ме присилуваат да им правам ситни услуги | 88.1% | 11.1% | 0.4% | 0.4% |
| 6. | Појаките деца ме бутакаат/отурнуваат | 72.3% | 19.6% | 5.4% | 2.7% |
| 7. | Многу деца ме одбегнуваат | 86.4% | 9% | 1.9% | 2.6% |
| 8. | Некои деца ме бламираат пред другарите/друштвото | 79.9% | 16.4% | 1.9% | 2.9% |
| 9. | Имам добивано заканувачки или навредливи пораки преку интернет или моб. телефон | 80.5% | 16.5% | 1.9% | 1.1% |
| 10. | Некој од учениците јавно преку друштвените мрежи и интернет има изнесено некоја моја тајна, податок или слика која не била наменета за јавноста | 77.2% | 10% | 1.3% | 1.3% |

Најчести форми на врсничко насилство на кои учениците биле изложени се: задевање (37.7%), замолчување (31.5%), буткање/оттурнување (27.7%) и потсмев (27%). По зачестеноста потоа следат следниве форми на врсничко насилство: бламирање пред другите деца (21.2%), добивање на заканувачки пораки преку интернет или мобилен телефон (19.5%), одбегнување (13.8%) и друго. Најмалку е присутно претепување (4.8% ).

Најчести форми на повторено врсничко насилство (силеџиство) на кои учениците биле изложени во последните три месеци се: задевање (9.4%), потсмев (8.5%), буткање/оттурнување (8.1%), замолчување (5.5%), бламирање (4.8%) и одбегнување (4.5%).

*Табела 4б – **Форми на врсничко насилство со кои учениците вршеле насилство кон други ученици во последните три месеци***

| | Искази | Не се случило ниту еднаш | Се случило еднаш или двапати | Се случило повеќе пати | Се случува често или секојдневно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кога поминуваам, помалите деца ги удирам, корнам и задевам | 94.7% | 3.7% | 0.7% | 0.7% |
| 2. | Прв намерно ги удирам другарите во училиште | 94% | 4.8% | 1.1% | 0 |
| 3. | Други деца мораат да ми прават ситни услуги | 85.2% | 11.9% | 2.2% | 0.7% |
| 4. | Уживам да ги исмејувам пред сите оние кои ме нервираат | 93.5% | 18.9% | 3.4% | 1.3% |
| 5. | Ги исмејувам оние кои се смешни | 76.2% | 17.6% | 4.2% | 1.9% |
| 6. | Се буткам на одморот со децата послаби од мене/себе | 86.9% | 8.3% | 2.9% | 1.8% |
| 7. | Се тепам за да го одбранам другар ми | 54.5% | 26.6% | 12.9% | 5.8% |
| 8. | Се заканувам на оние кои ме нервираат | 78.1% | 17.5% | 2.5% | 1.8% |
| 9. | Се тепам со другарите во училиште | 88.9% | 9.2% | 1.9% | 0 |
| 10. | Умеам да „наместам“ тепачка | 93.5% | 4.5% | 1.9% | 0 |
| 11. | Успевам да го убедам друштвото да не се дружиме со оние кои не ни се допаѓаат | 66.2% | 23.7% | 7.1% | 3% |
| 12. | Ги задевам другарите поради некој нивен недостаток или маана | 93.7% | 6% | 0.4% | 0 |
| 13. | Користам интернет (facebook, chat, twitter и др.) или мобилен телефон да пратам заканувачки или навредливи пораки на други ученици | 95.4% | 3.4% | 0.4% | 0.4% |
| 14. | На интернет лажно се имам претставувано | 88.6% | 5.8% | 5.5% | 0 |

Најчести форми на врсничко насилство со кои учениците го вршеле насилството кон другите ученици се: тепање за да се одбрани другар (45.3%), убедување на другите да не се дружат со некои ученици - социјална изолација (33.8%), исмејување и исмејување пред другите (23.7%) и заканување (21.8%) и друго. Најмалку е присутно интернет насилството (закани или навреди преку социјални мрежи) - 4.2%.

Најчести форми на повторено врсничко насилство (силеџиство) со кои учениците го вршеле насилството кон другите во последните три месеци се: тепање за

да се одбрани другар (18.7%), убедување на другите да се не дружат со некој ученик - социјална изолација (10.1%), исмејување (6.1%), лажно претставување на интеренет (5.5%), буткање на деца кои се послаби од него/неа (4.7%) и исмејување пред другите - понижување (4.7%) и друго.

Со анализа на резултатите од прашалникот може да се заклучи следното: учениците кои заокружувале одговори под 3 и 4 („се случило повеќе пати", „се случува често или секојдневно") за искази коишто се однесуваат на изложеност на насилство имаат или имале чести искуства на трпење на врсничко насилство (еден или повеќе облици на физичко или психолошко насилство). Ако истовремено заокружувале одговори под 1 и 2 („не се случило ниту еднаш" и „се случило еднаш или двапати") за искази кои се однесуваат на склоноста кон насилно однесување, може да се заклучи дека се во прашање ученици - пасивни жртви кои трпат насилство и немаат можност и/или желба да се одбранат. Пасивното однесување во улога на жртва може да се подразбира дека овие ученици избегнуваат конфликти, ги избегнуваат другите ученици кои не им се допаѓаат и не се завземаат за други. Можно е овие ученици да се хронично изложени на врсничко насилство.

Резултатите исто така покажуваат и значаен процент на ученици кои заокружувале одговори под 3 и 4 и за искази кои се однесуваат на изложеност на врсничко насилство и истовремено и за искази кои се однесуваат на склоноста кон насилно однесување. Ова однесување може да се окарактеризира како однесување на жртва - насилник. Ваквиот начин на однесување не подразбира исклучиво пасивно реагирање на насилство. Од друга страна, можно е да се во прашање ученици наклонети кон малтретирање на други ученици и баш поради тоа, истовремено се изложени на некој облик на малтретирање од страна на други ученици (на пример со закани преку социјални мрежи). Во секој случај, во прашање се испитаници кај кои насилното однесување и виктимизацијата се меѓусебно поврзани, а самите испитаници, со своето однесување, свесно или несвесно, влијаат на одржување на оваквиот образец (Solberg & Olweus, 2003; Schwarz, 2000).

Учениците кои заокружувале одговори под 1 и 2 за искази кои се однесуваат на изложеност на врсничко насилство и истовремено 3 и 4 за искази кои се однесуваат на склоноста кон насилно однесување, често манифестираат насилно однесување спрема другите ученици, и во односите со другите ученици својата доминантна позиција ја

одржуваат со насилно однесување. Склоноста кон насилно однесување се манифестира на повеќе нивоа, од емоционално и психолошко насилство (исмејување, вреѓање, закани, задевање и друго), кои не вклучуваат интензивна физичка агресија, туку се насочени на понижување, исмејување или заплашување на другите ученици, преку изнудување на услуги или социјална изолација (исклучување од групата или групни активности), па се до манифестирање на директна физичка агресија. Истотака, резултатите добиени на листовите на кои се заокружени одговорите 1 или 2 на сите барани искази зборуваат за ученици кои избегнуваат конфликти со врсниците и кои добро се вклопени во врсничката група.

Испитаниците кои заокружиле одговори под 1 или 2 на исказите кои се однесуваат и на склоноста кон насилно однесување и на изложеност на насилно однесување може да укажува на личности кои добро се прилагодени во врсничката група и кои не се склони на конфликти, односно склони се да избегнуваат потенцијални проблеми. Меѓутоа, доколку ваквото однесување значи пасивност и „вртење на главата на друга страна", тогаш тоа истовремено значи и индиректно поддржување на насилното однесување. (Чоловиħ П. и сор. 2014, Максимовиħ, Ј. и сор 2008).

## 7.2. Пол, место на живеење и конфигурација на семејството како ризик фактори

Резултатите на самопроценка на изложеноста на врсничко насилство и склоноста кон насилно однесување во однос на пол и место на живеење се следниве:

- 15.6% момчиња и 9.9% девојчиња се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно биле изложени на некој облик (еден или повеќе) на насилно однесување од страна на други ученици.
- 30 ученика (или 13.4%) од училишта кои се наоѓаат во градска средина се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно биле изложени на некој облик (еден или повеќе) на насилно однесување од страна на други ученици. За истото се изјасниле и 3 ученика (или 6.4%) од училишта кои се наоѓаат во рурална средина.

- 25% момчиња и 10.5% девојчиња се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно на еден или повеќе начини малтретирале други ученици.
- 34 ученици (или 15.2%) од училишта кои се наоѓаат во градска средина се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно на еден или повеќе начини малтретирале други ученици. За истото се изјасниле и 10 ученици (или 21.3%) од училишта кои се наоѓаат во рурална средина. Интересно е дека од овој број 3 се момчиња, а 7 девојчиња.
- 12% момчиња и 13% девојчиња се изјасниле дека во претходните три месеци често или секојдневно биле изложени на малтретирање од страна на врсници и истовремено и сами малтретирале други ученици.

Наведените резултати се детално прикажани во Табела 5 (напомена - резултатите изразени во проценти се однесуваат на бројот на испитаници кои се изјасниле за одреден параметар во однос на вкупниот број на испитаници во град или село.

*Табела 5 - **Самопроценка на изложеност и склоност кон врсничко насилство - пол и место на живеење***

| **Пол** | **Место на живеење** | **Изложеност** | | **Склоност** | | **Изложеност и склоност** | | **Σ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | % | N | % | N | % |
| **машки** | *град* | 17 | 8.9% | 24 | 10.7% | 9 | 4% | 50 | 22.3% |
| | *село* | 0 | 0% | 3 | 6.4% | 4 | 8.5% | 7 | 14.9% |
| **женски** | *град* | 13 | 5.8% | 10 | 4.5% | 13 | 5.8% | 36 | 16% |
| | *село* | 3 | 6.4% | 7 | **14.9%** | 8 | **17%** | 18 | **38.3%** |
| **Σ** | *град* | 30 | 13.4% | 34 | 15.2% | 22 | 9.8% | 86 | 38.4% |
| | *село* | 3 | 6.4% | 10 | 21.3% | 12 | 25.5% | 25 | 53.2% |

Ако се гледа врсничкото насилство како појава, односно без анализа со оглед на улогите кои учениците ги имаат во насилната интеракција, вкупниот број на

испитаници кои се изјасниле дека на било кој начин биле вклучени во врсничко насилство често или секојдневно изнесува 111 испитаници (односно 40.9%). Кога овој број ќе се прикаже со оглед на полот и местото на живеење, резултатите покажуваат дека 52.3% од вкупниот број на момчиња учествувале во врсничко насилство и 33.3% девојчиња. Од вкупниот број на ученици во училиштата во градот, 38.4% учествувале во врсничко насилство и 53.2% ученици од училиштата во селата. Овие резултати се прикажани на Графиконите 4 и 5:




*Графикон 4* - ***Врсничко насилство и пол***




*Графикон 5* - ***Врсничко насилство и место на живеење***

Во следните четири табели (6а, 6б, 6в и 6г) се прикажани резултати од анализата на примерокот од позиции на насилник, жртва и насилник/жртва во однос на конфигурацијата на семејството, односно бројот на членови на домаќинството, бројот на деца во семејството и брачниот статус на родителите. Целта е со анализа на резултатите да се утврди дали некои од наведените фактори се јавуваат како ризик фактор кој може да ја зголеми веројатноста за појавување на врсничко насилство.

*Табела 6а - **Анализа на примерокот - конфигурација на семејствата***

| | **Изложеност** | **Склоност** | **Изложеност и склоност** | **Вкупен примерок** |
|---|---|---|---|---|
| **Со родителите** | 78.8% | 93.2% | 91.2% | 91.1% |
| **Со 1 родител** | **21.2%** | 2.27% | 8.8% | 7.8% |
| **Со роднини** | / | 4.53% | / | 0.74% |
| **Во згрижувачко семејство** | / | / | / | / |
| **Нешто друго** | / | / | / | / |

Кога се набљудува конфигурацијата на семејствата, се гледа дека варијаблата изложеност на врсничко насилство, односно пасивната жртва во значаен процент се појавува во непотполно семејство, односно живот со еден родител. Процентот на ученици изложени на врсничко насилство кои живеат со еден родител изнесува 21.2% и се издвојува во однос на другите две варијабли, но и во односот на вкупниот примерок.

*Табела 6б - **Анализа на примерокот - брачна состојба на родителите***

| | **Изложеност** | **Склоност** | **Изложеност и склоност** | **Вкупен примерок** |
|---|---|---|---|---|
| **Родителите во брачна заедница** | 78.8% | 93.2% | 91.2% | 91.1% |
| **Родителите во вонбрачна заедница** | / | / | / | / |
| **Родителите разведени/разделени** | **15.2%** | 2.7% | 5.9% | 6.3% |
| **Нешто друго (вдовец)** | 6% | 4.1% | 2.9% | 2.6% |

Од вкупниот број на испитаници, 91.1% ученици живеат со два родители и сите родители се во брачна заедница. Овој податок се сложува со податокот од Студијата ХБСЦ од 2013 година спрема која речиси 90% од децата во Република Македонија, во

просек живеат со двата родитела (Здравјето како квалитет на животот 2013). Во вкупниот примерок само 6.3% од родителите на испитаниците се разведени, односно, се забележува дека процентот на разведени родители е прилично мал.

*Табела 6в - **Анализа на примерокот - број на членови во семејството***

| | | **Изложеност** | **Склоноста** | **Изложеност и склоноста** | **Вкупен примерок** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на членови во семејство** | 2 | / | / | 3% | 0.74% |
| | 3 | 15% | 16% | **20.6%** | 12.75% |
| | 4 | 60.6% | 63.7% | 44.1% | 60.71% |
| | 5 и повеќе | 24.4% | 20.3% | **32.3%** | 25.8% |

Третина од испитаниците кои истовремено биле изложени и склони на врсничко насилство живеат во семејства со 5 и повеќе членови, а 20% во трочлени семејства. Освен овие, другите резултати не се издвојуваат во однос на вкупниот примерок на испитаниците.

*Табела 6г - **Анализа на примерокот - број на деца во семејството***

| | | Изложеност | **Склоноста** | **Изложеност и склоноста** | Вкупен примерок |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на деца во семејство** | 1 | 6% | **18%** | **17.6%** | 10.7% |
| | 2 | 72.7% | 68% | 52.88 % | 71.6% |
| | 3 | 18.3% | 11% | **23.52%** | 12.5% |
| | >4 | 3% | 3% | 6% | 5.2% |

После анализата на примерокот со оглед на конфигуразијата на семејствата на учениците, добиени се следниве резултати:

- значајни разлики во резултатите се однесуваат на испитаниците кои се изложени на врсничко насилство. Кај оваа група на испитаници 78.8% изјавиле дека живеат со двајца родители (сите во брачна заедница), додека 21.2% од испитаниците живеат со еден родител, што значајно се разликува во однос на вкупниот број на испитаници (7.8%). Во групата на испитаници склони кон насилно однесување овој процент е 2.27%, а во групата која покажува и изложеност и склоност кон насилно однесување, овој процент е 8.8%.
- Кога е во прашање брачната состојба на родителите, резултатите се слични. Значајна разлика се однесува на групата на испитаници кои се изложени на насилно однесување - 15.2% од родителите на оваа група на испитаници се разведени. Во вкупниот примерок овој процент е 6.3%, а за другите две групи на испитаници е 5.9% и 2.7%.
- Резултатите кои се однесуваат на бројот на членови на домаќинствата, не покажуваат значајни отстапувања кај поедини групи на испитаници во однос на вкупниот примерок. Кај испитаниците кои истовремено се изложени и склони кон насилно однесување, во помал процент живеат во четиричлени семејства, а нешто во поголем процент во трочлени семејства и семејства со 5 и повеќе членови, во однос на вкупниот примерок.
- Значајна разлика во резултатите се приметува кај бројот на деца во домаќинствата. Испитаниците од групата истовремено изложени и склони кон насилно однесување и групата склони кон насилно однесување во поголем процент живеат во семејства со едно дете (18% и 17.6%), во споредба со вкупниот примерок, каде тој процент е 10.7%. Исто така, процентот на испитаници од групата насилници/жртви кои живеат во семејства со 3 деца е дупло поголем (23.52%) од истиот процент кој се однесува на вкупниот примерок на испитаници (12.5%).

## 7.3. Социоекономски статус на семејството како ризик фактор

За полесно и поедноставно споредување и анализа на резултатите, секоја од 6 варијабли - карактеристики на социоекономскиот статус на семејството (приходи на семејството, стамбен статус на семејството, образование на таткото, образование на

мајката, вработеност на таткото, вработеност на мајката) ги кодирав вредностите од 1 - 6 (1 - за најнизок статус, 6 за највисок). На база на аритметичка средина на сите вредности добиена е нова варијабла - социоекономски статус на семејството каде вредностите се движат од 1 - 4. Вредностите помали од 2 се со многу низок социоекономски статус, од 2.1 - 2.5 со низок, од 2.6 – 3.2 со среден и преку 3.3 со висок социоекономски статус на семејството. Резултатите кои покажуваат врска помеѓу социоекономскиот статус на семејството и зависните варијабли на истражувањето прикажани се на Графикон 6.




*Графикон 6 - **Врсничко насилство и СЕС***

Анализа на резултатите кои се однесуваат на поединечни фактори на социоекономскиот статус на семејството: образование на таткото и мајката, вработеност на таткото и мајката, приходи во семејството и станбени статус на семејството, како и резултатите од анализата на вкупниот примерок во споредба со поедини групи на испитаници кои се издвојуваат како пасивни жртви, активни насилници и жртви - насилници, прикажани се на/во Графикон 7 и Табелите 7, 8 и 9:




*Графикон 7 -* ***Врсничко насилство и приходи во семејствата***

Според прикажаните резултати, половина од семејствата во вкупниот примерок е со среден социоекономски статус и остваруваат ниски приходи (12.000 - 30.000). Семејства кои се со висок социоекономски статус и кои остваруваат приходи над 55.000 (што е висина на приходи за која можеме да кажеме дека е задоволувачка и дека може да ги задоволи потребите на просечно четиричлено семејство) е многу мал во вкупниот примерок на испитаници. Семејствата со висок социоекономски статус се застапени со 5.9% во вкупниот примерок, а само 3.3% од семејствата се со приходи над 55.000 денари. Кога е во прашање варијаблата изложеност/склоност нема ниту едно семејство со месечни приходи над 55.000 денара, а само 2.9% од овие семејства се со висок социоеконсмки статус.

*Табела 7 - **Врсничко насилство и ниво на образование на родителите***

| | Ниво на образование | Изложеност | Склоност | Изложеност и склоност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Татко | *ОО* | 3% | 9% | **38.2%** | 6.6% |
| | *ССС* | 57.6% | **72.7%** | 53% | 71.9% |
| | *ВШС,ВСС* | **36.4%** | 15.9% | 8.8% | 18.6% |
| | *Спец, М-р, Д-р* | 3% | 2.4% | / | 2.9% |
| Мајка | *ОО* | 6% | 6.8% | **32.35%** | 10.3% |
| | *ССС* | 42.42% | 61.4% | 50 % | 61.6% |
| | *ВШС,ВСС* | **48.48%** | 31.8% | 17.65% | 25.8% |
| | *Спец, М-р, Д-р* | 3% | / | / | 2.3% |

Повеќе од половината татковци се со завршено средно образование, додека речиси половина од мајките имаат завршено вишо или високо образование, што е значајно поголем процент во однос на татковците. Родителите со основно образование сочинуваат релативно мал процент од вкупниот примерок (татковците се застапени со 6.6%, а мајките со 10.3%). Меѓутоа, за варијаблата изложеност/склоност овие проценти се многу поголеми. За оваа варијабла татковиците со основно образование се застапени со 38.2%, а мајките со 32.35%.

*Табела 8 - **Врсничко насилство и вработеност на родителите***

| | Вработување | Изложеност | Склоност | Изложеност и склоност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Татко | *невработен* | 9% | 9% | **23.5%** | 13.3% |
| | *Работи повремени и привремени работи на црно* | 6% | 4.3% | 2.9% | 6.6% |
| | *Вработен - сопствен бизнис* | 24.4% | 27.8% | 20.6% | 21.8% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *Вработен во државен или приватен сектор* | 57.6% | 55.9% | 53% | 57.2% |
| | *Друго (студент, пензионер...)* | 3% | 3% | / | 1.1% |
| **Мајка** | *невработена* | 18.2% | 16% | 26.5% | 25.1% |
| | *Работи повремени и привремени работи на црно* | / | / | 5.9% | 1.84% |
| | *Вработена – сопствен бизнис* | 21.2% | **27.3%** | 11.7% | 12.54% |
| | *Вработен во државен или приватен сектор* | 60.6% | 56.7% | 55.9% | 60.16% |
| | *Друго (студент, пензионер...)* | / | / | / | 0.36% |

Во вкупниот примерок мајките се во речиси дупло поголем процент невработени во однос на татковците, а процентот на навработени мајки во однос на татковците е поголем и за поединечните варијабли, освен за варијаблата изложеност/склоност за која е готово еднаков процентот на невработеност на двата родитела. Резултатите прикажани во Табела 9 покажуваат дека најголем дел од семејствата на вкупнот примерок на испитаниците имаат решен станбен статус и дека нема значајни разлики помеѓу варијаблите кога е во прашање станбениот статус на семејството.

*Табела 9 -* ***Врсничко насилство и станбен статус***

| | | **Изложеност** | **Склоност** | **Изложеност и склоност** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Сопствена куќа/стан | | 70% | 70.6% | 80.7% | 66.8% |
| Родителска куќа/стан | Заедничко домаќинство | 12% | 13.6% | 14.7% | 18.5% |
| | Одвоено домаќинство | 6% | 9% | 2.3% | 7.3% |
| Под кирија | | 12% | 4.5% | 2.3% | 7.4% |
| Друго | | / | 2.3% | / | / |

# 7.4. Семејното функционирање (адаптибилност, кохезивност и комуникација) како ризик фактор

Во понатамошниот текст се анализирани резултатите кои се однесуваат на функционирањето на семејствата на испитаниците. Во овој труд, функционирањето на семејствата на испитаниците ги истражував од позиција на Циркумплекс модел на семејно функционирање. Овој модел ги објаснува обрасците на функционирање на семејствата преку димензија на семејна кохезивност и флексибилност (адаптабилност). Кохезијата се однесува на емоционална врска која што членовите на семејството ја чувствуваат во однос едни кон други. Се мери на четири нивоа: незадолжителна, одвоена, поврзана и вмрежена. Димензијата на адаптибилност се дефинира како способност на семејниот систем да ја менува својата структура на моќ, улоги и правила како одговор на развојни и ситуациони стресови. Четири нивоа на адаптибилност се: ригидни, структурални, флексибилни и хаотични. Екстремните нивоа на кохезивност и адаптибилноста укажуваат на дисфункционални семејни интеракции, додека умерените (балансирани) нивоа на кохезивност и адаптибилност укажуваат на здраво семејно функционирање. Постои и трета димензија - комуникација која ја оддржува балансираноста на нивоата на семејна кохезивност и адаптибилност. Отворена комуникација помеѓу членовите на семејството овозможува здраво семејно функционирање ( Masselam V.S. и сор, 1990).




*Графикон 8- **Анализа на примерокот - балансираност на семејните системи***

Во вкупниот примерок на испитаниците доминираат средни типови на балансираност на семејните системи (42.8%), потоа следат урамнотежени, функционални семејни системи (35.8%), најмалку се неурамнотежени или дисфункционални семејни системи (21.4%). Анализа на вкупниот примерок преку димензии на адаптибилност и кохезивност се прикажани на графиконите кои следат:




*Графикон 9 - **Анализа на примерокот: ниво на семејна адаптибилност***

Резултатите прикажани на овие два графикони покажуваат дека помеѓу семејствата во вкупниот примерок на истражување најмногу е присутен хаотичниот семеен систем - 39.8% на димензија на адаптибилност и поврзани семејни системи (37.3%) на димензија на кохезивност.




*Графикон 10 - **Анализа на примерокот: ниво на семејна кохезивност***

Испитувањето на поврзаноста на појавата на врсничко насилство, од позиција на пасивна жртва, активен насилник и насилник – жртва со функционирањето на семејните ситеми на испитаници, ги добив следниве резултати:

- На димензија на адаптибилност, кај сите три групи се најзастапени хаотичните семејни системи: за позиција на пасивна жртва 40.9%, за позиција на активен насилник 42.42% и за позиција жртва – насилник 35.3%.
- На димензија на кохезивност, се издвојува релативно висок степен на застапеност на одвоени семејни системи, односно, семејства со ниско ниво на кохезивност за позиција жртва – насилник и изнесува 41.2%. За позиција пасивна жртва и активен насилник карактеристични се високи нивоа на кохезивност на семејствата.
- За позицијата пасивна жртва и активен насилник се издвојуваат релативно високи проценти на застапеност на небалансирани (екстремни, дисфункционални) семејни системи – 27.27% испитаници за група пасивни жртви и 25% за групата на активни насилници.

Резултатите на анализата на функционирање на семејствата се прикажани на графиконите 11 и 12.




*Графикон 11 -* ***Ниво на адаптибилност на семејствата***




*Графикон 12 - **Ниво на кохезивност на семејствата***




*Графикон 13 - **Ниво на балансираност на семејниот систем***

Важен елемент за функционалноста на семејството се смета и отворената комуникација. Во ова истражување испитував дали како ризик фактор за појава на врсничко насилство се појавува и семејна комуникација. Добиените резултати за присуство на конфликти и отвореност во комуникацијата меѓу членовите на семејството, испитувано од позиција на сите три зависни варијабли, не покажаа значајни разлики.

Во Табелите 10 и 11 се прикажани резултати од одговорите на исказите кои се однесуваат на комуникација и конфликти во семејствата.

*Табела 10 -* ***Комуникација од позиција на сите три зависни варијабли***

| | | никогаш | | ретко | | понекогаш | | често | | секогаш | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во нашето семејство отворено зборуваме што мислиме и чувствуваме | Изложеност | 1 | 3% | 4 | 12% | 2 | 6% | 7 | 21% | 19 | 57,6% |
| | склоност | 2 | 4,5% | 3 | 6,8% | 2 | 4,5% | 7 | 15,9% | 30 | 68% |
| | излож/склон | / | | 3 | 8,8% | 2 | 5,9% | 13 | 38,2% | 16 | 47% |
| | вкупно | 6 | 2,2% | 12 | 4,4% | 15 | 5,5% | 76 | 28% | 162 | 59,78% |
| Членовите на семејството го изнесуваат своето мислење и ставовите без оглед на се | изложеност | 2 | 6% | 1 | 3% | 7 | 21% | 7 | 21% | 16 | 48,5% |
| | склоност | 1 | 2,2% | 4 | 9% | 7 | 15,9% | 10 | 22,7% | 22 | 50% |
| | излож/склон | 2 | 5,9% | 3 | 8,8% | 8 | 23,5% | 9 | 26,5% | 12 | 35,3% |
| | вкупно | 12 | 4,4% | 12 | 4,4% | 46 | 16,97% | 76 | 28% | 124 | 45,76% |
| Во ред е да викаме едни на други и да се расправаме во нашето семејство | изложеност | 12 | 36% | 8 | 24% | 12 | 36% | 2 | 3% | / | |
| | склоност | 17 | 38,6% | 15 | 34% | 8 | 18% | 2 | 4,5% | 1 | 2,2% |
| | излож/склон | 15 | 44,1% | 5 | 14,7% | 10 | 29,4% | 4 | 11,7% | / | |
| | вкупно | 114 | 42% | 78 | 28,7% | 60 | 22,1% | 12 | 4,4% | 5 | 1,8% |

За првиот исказ, за отворената комуникација, преку 80% од испитаниците се изјасниле дека во нивното семејство секогаш или чест ооtворено се зборува за личните ставови и чувства. Ова се однесува како на вкупниот примерок на испитаниците, така и за поедини зависни варијабли. За вториот исказ преку 70% од испитаниците се

изјасниле дека во нивните семејства, членовите на семејството секогаш или често отворено го изнесуваат своето мислење, без оглед на се. Ова се однесува на вкупниот примерок на испитаници, како и за поедини зависни варијабли, со напомена дека е нешто понизок е процентот (61.8%) за варијаблата активен насилник. За третиот исказ кој се однесува за можноста за остварување и искажување на негативни чувства, резултатите се сосема поинакви. Во вкупниот примерок, 70% од испитаниците одговориле дека во нивните семејства ретко или никогаш не е во ред отворено да се вика и расправа, резултатите за поединечни варијабли се слични, нешто се пониски за варијаблата изложеност/склоност (58.8%) и за варијаблата изложеност (60.6%). Кај овие две варијабли околу 40% од испитаниците се изјасниле дека во нивните семејства е присутно викање и расправање, често отколку кај други семејства (понекогаш, често или секогаш).

*Табела 11* - ***Конфликти во семејствата во однос на три зависни варијабли***

| | | никогаш | ретко | понекогаш | често | секогаш |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Членовите на семејстото често не го зборуваат оно што стварно го мислат | изложеност | 14 42% | 14 42% | 5 15,2% | 1 3% | / |
| | склоност | 17 38,6% | 15 34% | 8 18% | 1 2,2% | 3 6,8% |
| | излож/склон | 9 26,5% | 15 44,1% | 6 17,6% | 3 8,8% | 1 2,9% |
| | вкупно | 108 39,85% | 97 35,8% | 41 15,13% | 15 5,5% | 11 4% |
| Ние често се расправаме и никогаш не ги решаваме проблемите | изложеност | 22 66% | 9 27% | 2 6% | / | / |
| | склоност | 36 81,8% | 5 11,4% | 3 6,8% | / | / |
| | излож/склон | 24 70,6% | 7 20,6% | 3 8,8% | / | / |
| | вкупно | 207 76,4% | 45 16,6% | 13 4,8% | 3 1,1% | 1 0,4% |
| Кога ќе се појави проблем, се окривуваме едни со други | изложеност | 20 60% | 4 12% | 5 15,2% | 2 6% | 2 6% |
| | склоност | 28 63,6% | 8 18% | 7 15,9% | 1 2,2% | / |
| | излож/склон | 20 58,8% | 7 20,6% | 4 11,7% | 2 5,9% | 1 2,9% |
| | вкупно | 174 64,2% | 46 17% | 32 11,8% | 7 2,6% | 11 4,5% |

За првиот исказ поврзан со конфликтите во семејството „Членовите на семејството често не го зборуваат она што стварно го мислат", повеќе од 70% испитаници (готово 85% за варијаблата изложеност) се изјасниле дека наведеното, во нивните семејства никогаш не се случува (или ретко). За вториот исказ „Ние често се расправаме и никогаш не ги решаваме проблемите " над 90% испитаници од вкупниот примерок, како и за поедини варијабли се изјасниле дека наведената ситуација во нивните семејства не се случува никогаш или се случува ретко. Во врска со третиот исказ „Кога ќе се појави проблем, се окривуваме едни со други", за одговорите никогаш и ретко се изјасниле околу 80% испитаници и тоа се однесува како на вкупниот примерок, така и на варијаблите изложеност/склоност и склоност, додека за варијаблата изложеност овој процент е нешто помал и изнесува 72%.

## 7.5. Воспитни ставови на родителите како ризик фактор

Во овој труд ја испитував и поврзаноста на воспитните ставови на родителите користејќи ја Скалата на воспитни ставови. Резултатите добиени со овој инструмент покажуваат како децата ги перципираат воспитните ставови на своите родители. Резултатите се прикажуваат на две димензии (контрола и емоција) во склад со Schafer – овиот дводимензионален модел. Димензијата на контрола се однесува на забрани и ограничувања кои ги поставуваат родителите. Родителите поставуваат правила, бараат почитување на тие правила, а кршењето се казнува. Попустлив родител не бара строго придржување на правилата и истите ги применува флексибилно. На димензијата емоционален однос на родителите и детето се добива топол однос насочен на детето на една страна и ладен, одбивен однос на другата страна. Со комбинација на овие четири категории се добиваат четири воспитни става: топол – попустлив, топол – ограничувачки, ладен – попустлив и ладен – ограничувачки (Nedimović T., 2010).

Резултатите од ова истражување се прикажани во Табела 12.

*Табела 12 - **Воспитен стил на родителите во однос на три зависни варијабли***

| | Воспитен стил | Изложеност | | Склоност | | Изложеност и склоност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Татко** | топол – попустлив | 24 | 72,7% | 30 | 68.2% | 26 | 76,5% |
| | ладен – попустлив | 0 | | 1 | 2,3% | **2** | **5,9%** |
| | топол – ограничувачки | 9 | 27.3% | 13 | 29.54% | 4 | 11,76% |
| | ладен – ограничувачки | 0 | | 0 | | **2** | **5.9%** |
| **Мајка** | топол – попустлив | 22 | 66.6% | 29 | 65.9% | 26 | 76.47% |
| | ладен – попустлив | 0 | | 0 | | 0 | |
| | топол – ограничувачки | 11 | 33.3% | 15 | 34,1% | **6** | **17.64%** |
| | ладен – ограничувачки | 0 | | 0 | | **2** | **5,88%** |

Како што се гледа од Табела 12, топлиот воспитен стил и на таткото и на мајката е доминантен на афективна димензија, додека на димензијата на контрола, доминантен е попустливиот воспитен стил и за таткото и за мајката. Ладниот стил се појавува во врска за варијаблата изложеност/склоност каде се појавува и за таткото и за мајката, вкупно во 6 случаи, што е 17.6%. За истата варијабла во поголем процент се појавува попустливиот стил на двајцата родители. Попустливиот стил на таткото е присутен во 82.4% случаи (за другите две варијабли изнесува околу 72% и 70%), а на мајката во 76.5% случаи (за другите две варијабли изнесува 66.6% и 66%).

# 8. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## 8.1. Зачестеност и улогата на ученикот во врсничкото насилство

Тргнувајќи од *првата цел на истражувањето*, да се утврди зачестеноста на врсничко насилство во основните училишта и да се утврди како учениците ја перципираат својата улога во насилни интеракции, добиени се податоци кои ќе ги претставам во понатамошниот текст.

Првобитната замисла за оваа тема беше дека на врсничкото насилство во основните училишта се гледа од позиција или улога на насилник и жртва, односно дека овие две групи се зависни варијабли на истражувањето. Критериум за оценување на улогата на насилникот или жртвата е постоење на повторено насилство во претходните три месеци. Па така, насилниците се испитаници кои заокружувале дека често или секојдневно биле насилни спрема другите ученици, а притоа заокружувале дека ретко или никогаш не трпеле насилство од страна на другите ученици. Жртвите на насилство се изјаснувале дека често или секојдневно биле изложени на една или повеќе форми на насилство од страна на врсниците, но никогаш или ретко не биле насилни спрема другите (тоа е детално објаснето во делот во кој се прикажани резултатите).

Меѓутоа, во текот на анализата на резултатите на истражувањето се појави значаен број на ученици кои за повтореното врсничко насилство се изјаснувале и како насилници и како жртви, односно се однесувале насилно спрема другите, но истовремено и трпеле насилство често или секојдневно. Учениците кои се, спрема самопроценката, склони кон сторување насилство сочинуваат 16.2% од вкупниот примерок, учениците кои се изјасниле дека трпат насилство од страна на врсниците сочинуваат 12.2% од примерокот, а учениците кои се изјасниле за истовремена изложеност и склоност сочинуваат 12.5% од вкупниот број на испитаници. Евидентна застапеност на оваа група на ученици во значајна мерка ја наметнува потребата оваа група да се сврсти како трета зависна варијабла при анализа на резултатите.

Земајќи го во предвид наведеното, можеме да заклучиме дека испитаниците се изјасниле за три улоги во врсничкото насилство: улога на активен насилник (склоност на насилно однесување), улога на пасивна жртва (изложеност на насилно однесување)

и улога на насилник/жртва (изложеност и склоност на насилно однесување истовремено).

Како се гледа од Графиконите 2 и 3, бројот на ученици кои се изјасниле дека барем еднаш или два пати во претходните три месеци учествувале во некоја форма на насилно однесување изнесува дури 85%, додека процентот на ученици кои се изјасниле дека често или секојдневно на некој начин учествувале во една или повеќе форми на повторено врсничко насилство изнесува 40.9% од вкупниот број на испитаници, што секако е значаен број. Врсничкото насилство е најзастапено меѓу учениците од седмо и осмо одделение (старост од 12 - 13 години) и изнесува дури 47% од вкупниот број на учениците и од седмо и од осмо одделение. Меѓу учениците од осмо одделение се наоѓаат и најмногу испитаници кои се изјасниле дека се склони кон насилно однесување (26.6%), додека испитаници кои се изјасниле за изложеност на насилство најмногу се седмоодделенци (23.4%) (Табела 3). Во резултатите од истражувањето на Светската здравствена организација кои се претставени во теоретскиот дел на трудот, се наведува дека мнозиинството тринаесетгодишнаци во повеќе од 27 земји барем понекогаш се вклучени во врсничко насилство. Кога ќе се споредат овие резултати со резултатите од ова истражување, може да се заклучи дека процентите на изложеност и застапеност на врсничкото насилство се слични. Според резултатите на СЗО, процентот на честа изложеност на насилство во група на единаесетгодишници изнесува 4% - 28% (во ова истражување 10%); во групата на тринаестогодишници 6% - 36% (во ова истражување 7.5%) и 2% - 32% во групата на петнаестогодишници (во ова истражување 8%) (World Health Organization, World report on violence and health).

Најчесто форми на насилно однесување на кои испитаниците биле често или секојдневно изложени се задевање (9.4%), потсмевање (8.5%), буткање/оттурнување (8.1%), замолчување (5.5%), бламирање (4.8%) и одбегнување (4.5%). Се гледа дека преовладува вербално, односно психичко насилство, но и физичко насилно однесување во смисла на буткања и оттурнувања. Најчести форми на повторено врсничко насилство кое учениците го „признале“ се: тепање за да се одбрани другар (18.7%), убедување на другите да се не дружат со некој ученик - социјална изолација (10.1%), исмејување (6.1%), лажно претставување на интеренет (5.5%), буткање на деца кои се послаби од него/неа (4.7%) и исмејување пред другите - понижување (4.7%) и друго.

Се приметува дека најчест облик на насилство спрема другите е „тепање за да се одбрани другар“. За овој облик на насилно однесување како повторено насилно однесување кое се случува повеќе пати или секојдневно, се изјасниле 18.7% ученици, додека дури 45.3% ученици навеле дека се однесувале на овој начин барем еднаш или два пати во последните три месеци. Можно е овој резултат да е висок, бидејќи се работи за „општествено прифатлив“ облик на насилно однесување кој традиционално ретко се осудува или дури има оправдување во заштита на жртвата. Тоа е одбрамбена агресија во структурата на насилното однесување.

## 8.2. Пол, место на живеење и конфигурација на семејството

Според резултатите, 15.6% момчиња и 9.8% девојчиња се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно биле изложени на некој облик на насилно однесување, и 25% момчиња и 10.5% девојчиња се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно на еден или повеќе начини малтретирале други ученици. Од ова следува заклучок дека момчињата често и во голем број биле изложени на повторено врсничко насилство, но и се склони на насилно однесување спрема врсниците, од девојчињата. *Овој заклучок ја потврдува првата хипотеза на истражувањето.* Меѓутоа, кога е во прашање позицијата насилник/жртва, нема значајни разлики спрема полот, и девојчињата и момчињата се подеднакво застапени во оваа група на испитаници. Исто така, кога се разгледува зачестеноста на врсничко насилство (вкупна појава), односно бројот на ученици кои се изјасниле дека често или секојдневно на било кој начин учествувале во врсничко насилство без оглед на улогата, резултатот е дека момчињата се позастапени во врсничкото насилство во однос на девојчињата, што истотака ја потврдува првата хипотеза (Графикон 4).

Кога е во прашање местото на живеење, со ова истражување се добиени интересни резултати. Поголем процент на учениците од градот се изјасниле дека биле жртви на врсничко насилство (13.4%), во однос на учениците од село (6.4%), додека помал процент на ученици од градот се изјасниле дека биле насилни спрема врсниците (15.2%), во однос на учениците од село (21.3%). Интересно е дека за извршување на насилство кон другите меѓу учениците кои живеат на село се изјаснувале воглавно

девојчињата. Девојчињата од селската средина значајно повеќе од момчињата се изјаснувале и за истовремено вршење и трпење на насилното однесување. Врз основа на податоците од Табела 5 може да се изведе заклучок дека дури 38.3% од девојчињата од руралните средини на некој начин се вклучени во насилната интеракција, најчесто како насилници, што е во спротивност со резултатите и заклучоците на мнгу истражувања кои се наведени во теоретскиот дел на трудот. Тука напоменувам дека се работи за испитаници кои се од едно селско училиште, од осмо и деветто одделение (податок кој не е прикажан во табелите). Немам адекватно научно објаснување на овие резултти, освен претпоставката дека во наведеното училиште постои група на девојчиња кои сакаат да се чувствуваат важни и популарни, а насилното однесување кон другите е стратегија за да постигнат статус и позиција на моќ во врсничката група. Можеби овие девојчиња имаат потреба да доминираат и да се покажат како подобри и повредни од другите, и со таа цел се обидуваат да ги контролираат и манипулираат другите деца, а со ваквото свое предизвикувачко однесување доведуваат до негативни реакции на врсниците. Ова влијаело и на резултатите на вкупната проценка на присутноста на врсничко насилство со оглед на местото на живеење, па според ова истражување врсничкото насилство е повеќе присутно во селските училишта, отколку во градските (Графикон 5). На процентот на застапеност на врсничко насилство во селските училишта секако влијае и го зголемува бројот на ученици за кои во текстот порано се говореше. Во тој случај, може ли да се заклучи дека животот на село е ризик фактор за појава на врсничкото насилство? Моето мислење е дека резултатите несомнено покажуваат дека врсничкото насилство е присутно и во градските и во селските средини, но *не е можно ниту да се потврди, а ниту да се побие втората хипотеза на истражувањето* со која се претпоставува дека местото на живеење нема значајна поврзаност со врсничкото насилство.

После анализа на податоците кои се прикажани во Табелите 6а, 6б, 6в и 6г, а кои се однесуваат на анализа на примерокот на испитаници со оглед на бројот на членови на домаќинството, бројот на деца во домаќинството и брачниот статус на родителите, сите од позиција на насилник, жртва и насилник/жртва, дојдов до следните заклучоци:

- земајќи во предвид дека дури четвртина од испитаниците од вкупниот примерок на истражување живеат во семејства кои бројат 5 и повеќе членови, како и тоа дека истовремено во најголемиот дел на семејствата (71,6%) имаат само две деца,

заклучувам дека значаен дел на вкупниот примерок на испитаниците живеат во проширени семејства, со постари членови на семејството (баби и дедовци).

- Земајќи во предвид горенаведеното, како и дека преку 90% од испитаниците живеат во семејства со два родитела и дека во сите случаи родителите се во брак (ниту во еден случај не се појавува вонбрачна заедница на родителите), и тоа дека во вкупниот примерок на испитаници процентот на разведени родители е присутен само 6.3%, заклучувам дека најголемиот дел на примерокот од испитаници живеат во таканаречени „традиционални семејства" за кои детално беше кажано во теоретскиот дел на трудов (според податоците на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk во 2015. година во Република Македонија се разведени 2200 бракови, што сочинува 15.5% од бројот на склучени бракови во истата година).
- Земајќи во предвид дека варијаблите на разведените родители и животот на испитаникот во домаќинството со еден родител во вкупниот примерок на испитаници се појавува во многу мал процент, и тоа дека истите варијабли во однос на позицијата жртва (изложеност на насилно однесување) се појавуваат во значајно поголем процент во однос на другите две позиции, заклучувам дека живот со еден родител (непотполно семејство) и разводот на родителите се ризик фактори за појава на изложеност на врсничко насилство. Меѓутоа, овие резултати не се добиени за позиција на насилник и насилник/жртва, така да со ова *делумно се потврдува четвртата хипотеза од истражувањето.*
- За позицијата насилник и насилник/жртва, како карактеристични се издвојуваат животот во семејства со едно дете. За позицијата насилник/жртва значајно се издвојуваат по две вредности кога се во прашање бројот на членови и деца и тоа: трочлени и домаќинства со 5 и повеќе членови, едно дете во семејство и три деца во семејство. Може да се претпостави дека овие испитаници доаѓаат од повеќебројни (проширени генерациски или сроднички) семејства со повеќе деца, или мали семејства во кои се единци. Другата опција е повеќе карактеристична за позицијата активен насилник, како што е наведено.

## 8.3. Социоекономски статус на семејството како ризик фактор

По разгледување на резултатите кои се прикажани во Графиконите 6 и 7 и Табелите 7, 8 и 9 кои се однесуваат на поврзаноста на социоекономскиот статус на семејството и поединечните карактеристики на социоекономскиот статус со појавата на врсничко насилство, од позиција на активен насилник, пасивна жртва и насилник/жртва, се издвојуваат параметри кои се карактеристични за поедина група на испитаници по тоа што значајно се разликуваат во однос на вкупниот примерок или во однос на другите две групи на испитаници. На тој начин дојдов до следните заклучоци:

- како ризик фактори за групата на испитаници изложени на врсничко насилство - пасивни жртви, се издвојуваат семејства со висок социоекономскиот статус, поголем од 3.3 (15.15% испитаници) и вишо или високо образование на татко (36.4%) и мајка (48.48%).
- За група на испитаници кои истовремено се изложени и склони на насилно однесување - жртви/насилници, како ризик фактори се издвојуваат следниве параметри: многу низок социоекономскиот статус, под 2 (20.5%), родители со основно образование (татко 38.2%, мајка 32.35%), невработеност на таткото (23.5%) и приходи во семејството под 12.000 денари (32.35%). Нема ниту едно семејство со месечни приходи над 55.000 денара, а само 2.9% од овие семејства се со висок социоеконсмки статус.
- За група на испитаници склони на насилно однесување - активни насилници, ниеден поединечен фактор не се издвојува како фактор ризик во однос на вкупниот примерок на испитаници. Ако меѓусебно се споредат резултатите од сите три групи на испитаници во однос на други две групи на испитаници, кај активните насилници најголем процент на испитаници се од семејства со среден социоекономскиот статус (помеѓу 2.6 и 3.2 - 66%), најголем процент на татковците е со ССС (72.7%), најголем број на мајките се занимаваат со сопствен бизнис (27.3%) и приходите на семејствата се движат од 30.000 - 55.000 (43,18%).

Третата хипотеза на истражувањето претпоставува дека нискиот социоекономски статус на семејството е поврзан со врсничкото насилство. Според резултатите на ова истражување може да се заклучи дека нискиот социоекономски

статус е поврзан со групата на испитаници кои се истовремено изложени и склони на врсничко насилство (насилници/жртви), додека за другите две групи на испитаници, нискиот социоекономски статус не се покажа како значаен фактор. На основа на ова може да се каже дека *третата хипотеза делумно е потврдена.*

Ако го анализираме целокупниот примерок можеме да го забележиме следното: повеќе од половина од семејствата се со среден социоекономски статус, половина од семејствата на испитаниците се со приходи на домаќинство од 12.000 - 30.000 денари, што се ниски приходи со кои едно просечно четиричлено домаќинство може да ги задоволи само најосновните потреби. Семејства со висок социоекономски статус се застапени со 5.9% во вкупниот примерок, а само 3.3% од семејствата се со приходи над 55.000 денара. Сепак, најголем дел на родителите се вработени. Невработени се 13.3% татковци и 25.1% мајки. Блиску 70% семејства живеат во сопствена куќа или стан. Татковците во 72% случаи имаат завршено средно образование, мајките во 62% случаи, додека дури 26% од мајките имаат завршено вишо или високо образование. Може да се заклучи дека поголем број семејства имаат релативно добри карактеристики кога е во прашање социоекономскиот статус, освен кога се во прашање приходите. Родителите се образовани, вработени, имаат решен стамбен статус, но примањата кои ги остваруваат се прилично ниски. На основа на наведеното, може да се заклучи дека материјалниот статус на семејството во вкупниот примерок на истражувањето не е на задоволувачко ниво.

## 8.4. Семејно функционирање (адаптибилност, кохезивност и комуникација) како ризик фактор

Адаптибилност претставува способност на семејството да се прилагоди на промените и потребите, така што ќе се менуваат семејните улоги, правила и хиерархиски позиции. Кај семејствата кај кои е изразена хаотичноста може да се каже дека не постојат правила кои се почитуваат, туку правилата се променливи и зависат од моменталната ситуација. Не постои хиерархија, доследност, дозволено е се и се е можно на ниво на семејни улоги, комуникации, правила и структури. Во ваква ситуација и услови, можно е децата да развиваат симптоми како што се кршење на

социјални норми, загрозување на правата на другите, непослушност, противење, инаетливост, отпор спрема авторитет и друго (Марковић, Ј., и сор. 2008).

Примерокот на испитаници на ова истражување го сочинуваат семејства кои се во фаза на животен циклус на семејство со адолесцент, кога се јавуваат потреби за промена во функционирањето на семејниот систем во насока на поголема флексибилност наспроти потребите на адолесцентот за се поголема самостојност и независност, но се случуваат и промени на улогите и правилата, статусот на членовите на семејството и хиерархиската моќ. Олсон наведува дека е очекуван порастот на семејната флексибилност, односно приближување кон хаотичниот систем низ фазата на животниот циклус на семејство со адолесцент (Zotović M. и сор., 2008).

Според резултатите на ова истражување (Графикони 9 и 11) најзастапени форми на функционирање на семејството на димензија на адаптибилност се хаотичните семејни системи во однос на сите три зависни варијабли, односно група на испитаници - пасивна жртва (40.9%), активен насилник (42.42%) и насилник - жртва (35.3%), а исто така и во вкупниот примерок на испитаници во кој хаотичните семејства сочинуваат 39.8% од примерокот. Хаотичноста претставува екстремна вредност на димензија на флексибилност, па може да се заклучи дека хаотичниот тип на функционирање на семејството е ризик фактор за појава на врсничко насилство.

На димензијата на кохезивност, се смета дека одвоени и поврзани семејства имаат оптимално семејно функционирање. Семејствата кај кои се присутни екстремни или небалансирани нивоа на кохезивност (необврзувачки и вмрежени семејства) генерално можат да претставуваат ризик фактор за семејните односи. Кај вмрежените системи има premалку независност на поедини членови, а премногу семеен консензус, додека кај необврзувачките системи, членовите на семејствата работат секој по свое, меѓусебната поврзаност е слаба и ниска е поврзаноста со семејствата. (Olson, D. H. 2000).

Според резултатите на ова истражување, најголем дел од семејствата од овој примерок имаат високо ниво на кохезивност (Графикони 10 и 12). Во вкупниот примерок скоро три четвртини од семејствата се со висок или многу висок степен на кохезивност, па дури може да се каже дека тоа е важна карактеристика која го одредува карактерот на семејствата на испитаниците. Високи нивоа на кохезивност на семејствата се карактеристични посебно за позицијата на пасивна жртва и активен

насилник, додека пониски нивоа на кохезивност се застапени кај испитаниците од групата насилник/жртва. Кога се зборува за екстремните нивоа, вмреженоста е присутна кај половина од семејствата на кои им припаѓаат учениците во улоги на пасивни жртви и активни насилници.

Според податоците од Графоконите 8 и 13, во вкупниот примерок на испитаниците доминираат средни типови на балансираност на семејните системи (42.8%), потоа следат урамнотежени, функционални семејни системи (35.8%), најмалку се неурамнотежени или дисфункционални семејни системи (21.4%). Меѓутоа, за позицијата пасивна жртва и активен насилник се издвојуваат релативно високи проценти на застапеност на небалансирани (екстремни, дисфункционални) семејни системи - 27.27% испитаници за група пасивни жртви и 25% за групата на активни насилници. Врз основа на наведеното, може да се заклучи дека е *докажана седмата хипотеза на истражувањето* која претпоставува дека децата од семејства со ектремни вредности на флексибилност и поврзаност (кохезивност) имаат поголем ризик за манифестирање на врсничко насилство.

Јасна и отворена комуникација, отворено искажување на чувства и заедничко решавње на проблемите е карактеристика на функционални, односно балансирани семејни системи. Во литературата се наведува дека лошата и слаба комуникација е карактеристика на небалансирани системи. Резултатите од ова истражување (Табела 10 и 11) покажуваат дека во најголем дел на семејствата на испитаниците постои отворена комуникација, со отворено и слободно искажување на мисли и чувства, освен кога е во прашање искажувањето на негативни чувства. Конфликтите се ретки или воопшто не се случуваат, а семејствата успешно ги решаваат проблемите. Овие резултати може да се доведат во врска со многу високите вредности на семејната кохезивност кај поголемиот број на семејства од примерокот, бидејќи карактеристика на овие семејства е блискоста и силното заедништво помеѓу членовите, па тие можат отворено да разговараат за своите ставови и чувства и заеднички да ги решаваат проблемите.

За варијаблата изложеност и изложеност/склоност, испитаниците во нешто поголем процент се изјасниле за присуството на расправии и викање во семејството, почесто отколку во другите семејства (за изложеност овој процент е 42%, додека за изложеност/склоност изнесува 41%). Истотака, кај групата изложеност во 27% случаи повремено, често или секојдневно (почесто отколку во другите семејства) се случува

членовите на семејството помеѓу себе да се окривуваат кога ќе се појави проблем. Иако резултатите покажуваат постоење на отворена и добра комуникација во најголемиот дел на семејства, на основа на горенаведеното може да се заклучи дека лошата комуникација е поврзана со варијаблата, изложеност на врсничко насилство (позиција на пасивна жртва), па со ова *делумно се потврдува петтата хипотеза.*

## 8.5. Воспитните ставови на родителите како ризик фактор

Функционирањето на семејниот систем во целина е поврзано и со функционирањето на родителскиот субсистем, па така и со остварувањето на воспитната функција на семејството. Во фаза на животниот циклус на семејство со адолесцент, кога доаѓа до промена во односите родител - дете, родителското функционирање посебно даоѓа до израз. За да се одат блиски односи помеѓу родителите и адолесцентот важно е да се оствари отворена и двонасочна комуникација.

Отворена комуникација, која подразбира родителите да знаат што се случува во животот на нивното дете, овозможува и родителите ефикасно да реагираат и на тој начин се намалува или спречува развојот на ризично однесување кај адолесцентот, па така и учествувањето во врсничко насилство (Zuković, S. и сор., 2015). Традиционално воспитниот стил на татковците бил строг и сериозен, додека мајката можела да биде попустлива. Таткото воглавно казнувал, додека мајката поддржувала и давала нежност. Денес улогите на родителите и нивните воспитни ставови се променети, семејствата воглавно функционираат хаотично, што често е поврзано со недостаток на родителски авторитет (Matejević, M., Todorović, J. Kultura kao dimenzija kompetentnog roditeljstva).

Резултатите од ова истражување покажуваат дека во семејствата на испитаниците во голем процент преовладува емоционално топол и попустлив стил и на таткото и на мајката. Попустливиот воспитен стил (кој често се тумачи како презаштитеност на детето од страна на родителите), кај децата често поттикнува помало зрели форми на однесување во однос на возраста. Со ваквиот стил децата се воспитуваат да не се потпираат на својата снага и самостојно да стекнуваат искуства, поради што детето неможе и не знае да се носи со стварните потешкотии и препреки во животот. Во такви ситуации детето се повлекува како несигурно и слабо, што се

карактеристики на пасивна жртва (Krkeljić, Lj. Priručnik škola bez nasilja - ka sigurnom i podsticajnom okruženju za djecu).

Во ова истражување воспитните стилови на родителите се појавуваат како карактеристични за група на испитаници кои истовремено се изложени и склони на насилно однесување (насилник/жртва) и тоа ладен и попустлив воспитен стил. Кај оваа група најмногу (може да се каже и единствено) се појавува ладен воспитен стил и кај таткото и мајката во 17.6% случаи, додека попустливиот воспитен стил се појавува најчесто кај оваа група на испитаници и за таткото и за мајката. Може да се заклучи дека ладниот и попустлив воспитен стил на родителите е поврзан за варијаблата изложеност/склоност на насилно однесување, и со ова се *потврдува шестата хипотеза на истражувањето.*

# ЗАКЛУЧОЦИ

Овој труд е резултат на истражувањето кое е спроведено во основните училишта во општина Велес, а кое имаше за цел да ја утврди поврзаноста помеѓу насилното однесување кај децата во училиштето со условите за живот на децата во семејството, односно со социоекономските и семејните фактори на ризик кои влијаат на оваа појава.

Основните резултати кои се однесуваат на зачестеноста на врсничко насилство во претходните три месеци, покажуваат дека насилството во училиштата помеѓу децата и младите е присутно во значајна мерка. Процентот на ученици кои се изјасниле дека често или секојдневно на некој начин учествувале во една или повеќе форми на повторено врсничко насилство изнесува 40.9% од вкупниот број на испитаници, од тоа, 12.2% ученици се изјасниле дека биле изложени на повторено насилство од страна на врсниците (улога на пасивна жртва), 16.2% дека насилно се однесувале кон врсниците (улога на активен насилник). При анализирањето на резултатите од истражувањето во значаен број се појави група на испитаници кои се изјасниле дека истовремено биле изложени и склони кон насилно однесување (улога жртва/насилник). Оваа група на испитаници се јавува скоро во истиот процент како и другите две групи (12.5%), па е сврстена како трета зависна варијабла. Најчести форми на повторено врсничко насилство на кои учениците биле изложени во последните три месеци се задевање, потсмев и буткање/оттурнување, а форми со кои учениците го вршеле насилството кон другите ученици се тепање за да се одбрани другар, убедување на другите да не се дружат со некои ученици - социјална изолација, исмејување и лажно претставување на интеренет.

Според возраста, врсничкото насилство е најзастапено меѓу учениците од седмо и осмо одделение (старост од 12 - 13 години) и изнесува 47% од вкупниот број на учениците и од седмо и од осмо одделение.

Според полот, момчињата се повеќе склони и изложени на врсничко насилство од девојчињата. 15.6% момчиња и 9.8% девојчиња се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно биле изложени на некој облик на насилно однесување, и 25% момчиња и 10.5% девојчиња се изјасниле дека повеќе пати или секојдневно на еден или повеќе начини малтретирале други ученици. За варијаблата насилник/жртва, нема значајни

разлики според полот. Ова ја потврдува првата хипотеза на истражувањето дека момчињата се почесто изложени и склони кон врсничко насилство.

Со оглед на местото на живеење, поголем процент на учениците од градот се изјасниле дека биле жртви на врсничко насилство (13.4%) во однос на учениците од село (6.4%), додека помал процент на ученици од градот се изјасниле дека биле насилни спрема врсниците (15.2%), во однос на учениците од село (21.3%). Интересно е дека за извршување на насилство кон другите меѓу учениците кои живеат на село се изјаснувале воглавно девојчињата. Резултатите покажуваат дека врсничко насилство е присутно и во градските и во селските средини, но не е можно ниту да се потврди ниту да се отфрли хипотезата дека врсничкото насилство нема важна поврзаност со местото на живеење.

Следната група на резултати се однесува на ризични фактори во семејството кои можат да ја зголемат веројатноста за појава на врсничко насилство.

